Петто издание 2021-2025 (изменето и дополнето)

ПРИРАЧНИК, ВОДИЧ
НИЗ НАДЛЕЖНОСТИТЕ ЗА НОВОИЗБРАНИТЕ ГРАДОНАЧАЛНИЦИ И ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТИТЕ НА ОПШТИНИТЕ

ЗЕЛС

Издавач:

Заедница на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија - ЗЕЛС

Автори на прирачникот:

Душица Перишиќ; Ардита Дема – Мехмети; Виктор Арнаудоски; Весна Арсовска – Динковска; Ивана Серафимова; Ирена Николов; Александар Арсовски; Благородна Шопова; Илмиасан Даути

Адреса на издавачот:

ЗЕЛС,

улица „Копенхагенска" бр 5. Пф 32,
1000 Скопје, Република Северна Македонија.
Телефон: 02 /3099033
Факс: 02/3061994;
contact@zels.org.mk;
www.zels.org.mk

Лекторирала:

Валентина Великова

Тираж:

1300 копии

Дизајн и печатење:

Бригада дизајн

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје

352.076(497.7)(035)

ПРИРАЧНИК, водич низ надлежностите за новоизбраните градоначалници и членовите на советите на општините : Петто издание 2021-2025 / [автори на прирачникот Душица Перишиќ ... и др.]. - 5. изменето и дополнето изд. - Скопје : ЗЕЛС - Заедница на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија, 2021. - 120 стр. ; 20 см

Други автори: Ардита Дема-Мехмети, Виктор Арнаудоски, Весна Арсовска - Динковска, Ивана Серафимова, Ирена Николов, Александар Арсовски, Благородна Шопова, Илмиасан Даути

ISBN 978-608-4856-05-4

а) Локална самоуправа -- Надлежности -- Македонија -- Прирачници

COBISS.MK-ID 55650565

ПРИРАЧНИК, ВОДИЧ НИЗ НАДЛЕЖНОСТИТЕ ЗА НОВОИЗБРАНИТЕ ГРАДОНАЧАЛНИЦИ И ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТИТЕ НА ОПШТИНИТЕ

Петто, изменето и дополнето издание 2021-2025

ВОВЕД

Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија (ЗЕЛС) на сите новоизбрани градоначалници и општински советници им честита на постигнатите резултати на локалните избори што се одржаа во октомври, оваа, 2021 година и им посакува успешна работа во четиригодишниот мандат во локалната власт. Со цел што поодговорна и поефикасна реализација на обврските што Ви претстојат, ЗЕЛС го подготви новото, ревидирано, петто издание на „Прирачник, водич низ надлежностите за новоизбраните градоначалници и членовите на советите на општините". Секој градоначалник и општински советник ќе добие по еден бесплатен примерок од Прирачникот.

Главната цел на Прирачникот е тој да претставува вовед, а пред сè своевиден водич за адекватно и одговорно извршување на задачите и обврските на новоизбраните функционери во локалната власт, преку брзото запознавање со организацијата и надлежностите на општината и законските обврски. Поточно, новоизбраните општински советници и градоначалници ќе се запознаат со целокупниот процес на децентрализација во земјата, потоа со структурата на општината, со префрлените надлежности, како и со законите и со законските одредби за нивно спроведување. Финансирањето на општината, донесувањето на буџетот, развојот на локалната економија, просторното и урбанистичкото планирање, комуналните услуги, руралниот развој, образованието и заштитата на животната средина се, исто така, важни надлежности на локалната власт и се детално разработени. Од не помало значење за општините, се и активностите во градењето на е-општина, воспоставувањето на европски стандарди на услугите кон граѓаните, развивањето на транспарентното работење и информирање на јавноста, градењето на добрите релации со граѓанските организации и создавањето на општина по европски модел, па поради тоа и за овие теми е одвоено соодветно место во ова издание.

Прирачникот претставува и основа за натамошно унапредување на заедничките напори во насока на обезбедување на модерни европски општини, во кои граѓаните ќе добиваат квалитетни услуги и ќе имаат подобри услови за живот.

Се надевам дека Прирачникот и Вам ќе Ви послужи како квалитетно и корисно четиво кое ќе Ви биде секогаш при рака и од кое ќе ги црпите потребните информации при донесувањето на важните одлуки од локално значење.

Душица Перишиќ,
извршен директор на ЗЕЛС

ЗЕЛС И ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈАТА

Заедницата на единиците на локалната самоуправа во Република Северна Македонија (ЗЕЛС) е непрофитна организација и единствена национална асоцијација во земјава, во која доброволно членуваат сите 80 општини и Град Скопје, како посебна единица на локалната власт. Нејзината основна цел е да ги застапува интересите на локалните власти пред централната власт и пред домашните и меѓународните организации и да лобира за обезбедување на законски измени во насока на јакнење и развивање на општините во земјава. Од нејзиното основање на 26 април 1972 година, до денес, ЗЕЛС прерасна во современа и модерна организација. Административната зграда на ЗЕЛС, именувана како „Куќа на општините" е место каде што локалните власти ги споделуваат сите информации и предизвици од локално значење, со кои се соочуваат, и предлагаат иницијативи и решенија за нивно надминување. За ефикасно функционирање на Заедницата, во Статутот на ЗЕЛС се утврдени следниве органи:

- **Генерално собрание**, составено од 90 делегати (81 градоначалник и 9 претставници од Комитетот на советите, при ЗЕЛС);
- **Управен одбор**, составен од 22 члена (19 градоначалници и 3 претставници од Комитетот на советите, при ЗЕЛС);
- **Надзорен одбор,** составен од 6 члена (5 градоначалници и 1 претставник од Комитетот на советите, при ЗЕЛС) и
- **Комитет на советите**, составен од 9 члена (од кои 8 членови се избираат како претставници на регионите во Република Северна Македонија и еден член од Советот на Град Скопје, кој по функција има член во овој орган).

Во рамките на ЗЕЛС има и **комисии**, утврдени по областите што се во општинска надлежност. Бројот на комисии, зависи од актуелноста на проблематиката што ја покриваат. Во изминатиот период, максимумот бил 13 комисии. Исто така, формирани се и **15 професионални мрежи** во кои членуваат претставници од стручната администрација во општините и тоа од областа на: финансии, урбанизам, образование, право, локален економски развој, енергетска ефикасност, култура, територијални противпожарни единици, комунални редари, лица за управување со човечки ресурси, одговорни лица за заштита на животната средина, за европски прашања и фондови, даночни инспектори и инспектори за наплата на комунални такси, локални инспектори за сообраќај и патишта и патен сообраќај, за ИТ и за односи со јавноста. Мрежите работат активно, но во зависност на потребата, односно актуелноста на проблематиката. Поддршка на работата на овие тела им дава стручната служба на Заедницата. Преку активностите на комисиите и мрежите во работењето на ЗЕЛС се обезбедува вклучување на политичките, интелектуалните и техничките капацитети од сите општини.

ЗЕЛС дејствува и во меѓународни рамки. Таа е членка на: Советот на европските општини и региони (ЦЕМР), на Мрежата на националните асоцијации на локалните власти од земјите во Југоисточна Европа (НАЛАС), на Асоцијацијата на агенции за локална демократија (АЛДА), исто така, ја игра улогата на Секретаријат на градоначалниците – делегати во Конгресот на локалните и регионалните власти на Советот на Европа (ЦЛРАЕ) и врши поддршка на Заедничкиот консултативен комитет меѓу Република Северна Македонија и Комитетот на регионите на Европската Унија.

Во согласност со своите стратегиски цели, ЗЕЛС во континуитет се грижи за зајакнување на административните капацитети на локалната власт, и преку „ЗЕЛС тренинг центарот" обезбедува обуки, работилници, советувања за претставниците од општините. Исто така, обезбедува континуирана поддршка во спроведувањето на електронските услуги, преку „Единицата за поддршка на електронските услуги", што општините им ги нудат на своите граѓани, ги надградува постојните софтверски решенија и иницира воведување на нови електронски услуги.

СТРАТЕГИСКИТЕ ЦЕЛИ на ЗЕЛС се:

1. Застапување и лобирање

2. Услуги

3. Градење и јакнење на капацитетите на ЕЛС

ВИЗИЈАТА НА ЗЕЛС Е:

ЗЕЛС е единствена, моќна, препознатлива, влијателна и финансиски независна институција, со иновативен пристап кон развојот на услугите за општините кои ги обезбедува во континуитет и е меѓу најдобрите сродни организации во Европа. ЗЕЛС го зголеми степенот на развој на системот на локалната самоуправа во партнерство со Владата на РСМ, Собранието на РСМ, Европската Унија и други домашни и меѓународни организации и институции, како решителен претставник и застапник на интересите на единиците на локалната самоуправа. Како членки на ЗЕЛС, единиците на локалната самоуправа се рамномерно развиени, имаат соодветни изворни финансиски приходи за секоја своја надлежност и висок капацитет на сопствената администрација.

МИСИЈАТА НА ЗЕЛС Е:

ЗЕЛС дефинира заеднички политики и приоритети заради остварување на интересите на општините во Република Северна Македонија. Користи иновативен приод и предлага воведување на информатичко-комуникациски новитети, напредни општествени методи и пристапни финансиски инструменти и политики во процесот на развој на системот на локалната самоуправа. ЗЕЛС се стреми кон намалување на диспаритетот во развојот меѓу општините и кон финансиски независни општини со добри човечки капацитети, подготвени да им дадат најдобри услуги на граѓаните.

Децентрализацијата, како процес на пренесување на власта и на надлежностите од централно на локално ниво, започна на 1 јули 2005 година. Таа е тесно поврзана со демократските принципи и вредности, каде граѓаните можат непосредно или преку свои претставници да се вклучуваат во донесувањето на одлуките што се од важност за локалната заедница и да ја поттикнуваат отчетноста, јавноста и транспарентноста во работењето на локалната власт. Процесот на децентрализацијата, уште на почетокот го покажа тешкиот пат што треба да се изоди за да се досегне до титулата - „општина по мерка на граѓаните“ или „европска општина“. Почетокот на овој процес, неминовно, на површина „исфрли“ многу проблеми, голема неизвесност и неподготвеност за спроведувањето на децентрализацијата. Новите надлежности, недоволно обучената администрација, сиромашната финансиска поткрепа за реализацијата на добиените одговорности, како и огромните наследени долгови, беа тешките предизвиците со кои се соочија општинските советници, градоначалниците и општинската администрација.

Денес, 16 години по започнувањето на имплементацијата на децентрализацијата на власта во нашата земја, ЗЕЛС преговара со централните власти за продолжување и продлабочување на децентрализацијата. Мислење на нашите членки е дека сме подготвени за нови надлежности, но единствен услов е новите надлежности да бидат соодветно финансирани. Во 2018 година се формираше работна група, составена од претставници на Владата и претставници на ЗЕЛС и тоа од највисоките структури. Во 2021 година, таа комисија претрпе измени во составот, и тоа со претставници на централната власт, и продолживме со работа.

Соработката на ЗЕЛС со институциите од власта се дефинира со потпишувањето на Меморандумот за соработка со Владата, кој се случи во 2003 година и со кој Владата ја презеде обврската да ја информира и консултира ЗЕЛС за сите закони, подзаконски акти и други активности поврзани со општините.

Во 2009 година, на инсистирање на ЗЕЛС, Парламентот формира и Комисија за локална самоуправа, каде нашите претставници имаат можност да ги искажат своите видувања во однос на закони кои се однесуваат на локалната власт.

Најголемиот приоритет на ЗЕЛС е континуираната заложба за зголемување на зафаќањата од средствата од ДДВ и од персоналниот данок на доход. Од утврдените 3 % од ДДВ за општините,

на почетокот на имплементацијата на децентрализацијата, со заложби на ЗЕЛС, во 2013 година се достигна тоа зафаќање да изнесува 4,5 % од ДДВ. Притоа, се водеше еднаква грижа за сите единици на локалната самоуправа, рурални и урбани, па беа утврдени долни пондери со кои им се овозможи на сите општини, особено руралните, почетно да земаат 3 милиони денари, со што на некој начин беа обезбедени можности за извршување на нивните основни функции. ЗЕЛС и натаму се залага за обезбедување на поголема финансиска самостојност на општините, односно зафаќањето од ДДВ да изнесува најмалку 10 % од ДДВ во полза на локалната власт, а процентот од зафаќањето од персоналниот данок, од сегашните 3 % да биде најмалку 50 % за општините, по примерот на европските земји, но и на голем број земји од регионот.

Како особено важен успех на ЗЕЛС се смета донесувањето на Законот за градежно земјиште, во 2011 година, кога по седумгодишен притисок беше усвоен од Парламентот на РМ, а со кој им се овозможи на локалните власти по исполнување на одредени законски услови да можат да се стекнат со надлежноста да управуваат со градежното неизградено земјиште во сопственост на Република Северна Македонија. ЗЕЛС им даде голема поддршка на општините во целиот процес на утврдување, а особено на исполнување на законските норми од страна на општините за стекнување со оваа нова надлежност. Општините кои се стекнаа со оваа надлежност, обезбедија дополнителни услови за поголема ангажираност на локалната власт во развојот на локалната економија, но пред сè обезбедија 80 % од средствата од продажбата на земјиштето да се слеваат во општинскиот буџет.

Фокусот на интерес на ЗЕЛС, природно еволуираше од процес на поддршка на тековите на децентрализацијата, во процес на насочување на активностите кон целосно спроведување на регулативата со која се уредува системот на локалната самоуправа. Во тој поглед не изостана и поддршката во зацврстувањето на институционалните капацитети на општините. За континуирано усовршување и надградување на капацитетите на општинската администрација, што претставува една од стратегиските цели на ЗЕЛС, задолжен е **ЗЕЛС тренинг центарот (ЗТЦ)**. Активностите што ги реализираше ЗТЦ се во согласност со Програмата за обуки, која секогаш се утврдува според барањата на општинската администрација. Преку членовите на петнаесетте професионални мрежи во ЗЕЛС, ЗТЦ најадекватно и најбрзо ги утврдува потребите на вработените во локалната власт и ефикасно одговара со утврдување и реализација на бараните обуки. Обуките се одржуваа во просториите на ЗЕЛС тренинг центарот, лоциран во административната зграда на ЗЕЛС во Скопје, со што се овозможува максимална заштеда на финансиски средства за оваа намена.

ЗЕЛС активно се вклучи во подемот на информатичкото општество во државава. Во изминативе години се подготвени и им се дадени како услуга на општините, неколку многу важни софтвери. Доволен е фактот дека управувањето со градежното земјиште, општините, но и Владата, можат да го прават исклучиво преку софтверот, сопственост на ЗЕЛС. Софтверот за издавање на градежни дозволи, со кој Република Северна Македонија стана прва земја во Европа и втора во светот, која поседува ваков софтвер, е исто така сопственост на ЗЕЛС. Да не го заборавиме и софтверот за располагање со движен и недвижен имот на општините, односно „е-ствари", без кој општината не може да продаде или да издаде која било ствар, и служи исклучиво за потребите на општините. На овој начин, ЗЕЛС забрзано реализира една од приоритетните цели, а тоа е поддршка на своите членки на патот на создавањето на **е-општина**, за што е формирана и **ЗЕЛС единица за поддршка на електронските услуги за општините (ЗЕПЕ)**. ЗЕЛС и локалните власти од нашата земја станаа лидери во регионот во користењето на електронски апликации за обезбедување на услуги за граѓаните, а своите искуства ги пренесуваат и во заинтересираните земји од регионот.

ЗЕЛС и во иднина ќе продолжи со реализација на утврдените цели за афирмација на локалните демократски вредности, продлабочувајќи ја веќе воспоставената соработка со многубројни субјекти и ќе биде предводник во решавањето на актуелните прашања што се значајни за општи-

ните. Секогаш претстојат нови предизвици кои се значајни за продолжување на демократскиот амбиент во кој се одвиваа процесите на локално ниво, особено потребната дополнителна енергија и посветеност во процесите на евроинтеграцијата. Задржувајќи ја традицијата на работа врз принципите на деполитизираност, рамноправност на членките, лојалност, политичка независност, а работејќи професионално и според европските стандарди, ЗЕЛС континуирано се залага и ќе се залага да придонесе за развој на демократско општество со силна локална самоуправа во Република Северна Македонија.

1. ОРИЕНТАЦИЈА ВО ЗАКОНОДАВСТВОТО

Како избран градоначалник или член на Советот на Вашата општина, за да можете да се ориентирате во прописите што се однесуваат на уредувањето и функционирањето на системот на локалната самоуправа, потребно е да се потсетиме за кои прописи станува збор, каква е нивната правна сила и кој е надлежен за нивното донесување.

Зошто на процесот на децентрализација треба да се гледа како на позитивен процес и како се спроведува децентрализацијата? Децентрализацијата се спроведува, пред сè, преку донесување закони**,** нивно изменување или дополнување со кои се уредува пренесувањето на надлежноста од централната на локалната власт и начинот на извршување на пренесената надлежност. Со дел од прописите се утврдува и правото на некои од надлежните органи да извршат доуредување на определено правно прашање кое се однесува на надлежноста на единиците на локалната самоуправа со подзаконски акт. Постојат и такви одредби во прописите со кои се утврдува правото на единицата на локална самоуправа самостојно да уреди определено правно прашање со донесување на акт во нејзина надлежност.

Со Законот за локална самоуправа (lex generalis – општ закон за што детално ќе биде образложено подолу во текстот), со посебен член се утврдува рамката на надлежностите на единиците на локалната самоуправа по области, а за тоа кои работи и во колкав обем ќе се извршуваат од страна на општините, се определува со посебни закони (lex specialis). Така, на пример, единицата на локалната самоуправа е надлежна за донесување урбанистички планови, уредување на градежното земјиште и издавање одобренија за градење на градби кои се утврдени како нејзина надлежност (за градби од втора категорија, односно објекти од локално значење). Ваквата формулација во законот е општа, а нејзиното прецизирање е извршено со посебни закони, подзаконски акти и со дополнително донесени акти на општината. И конкретно, со Законот за просторно и урбанистичко планирање се определува кои видови урбанистичко-планска документација се донесуваат од страна на единицата на локалната самоуправа (Советот на општината), во која постапка, кој и како ќе ги применува донесените планови, како се финансира нивното донесување и многу други прашања.

Со Законот за градење се определува постапката за издавање одобрение за градење, се определуваат градбите од локално значење, се утврдува постапката на надзор над спроведувањето на овој закон и многу други прашања. Со Законот за градежното земјиште, правно се определува градежното земјиште, неговото уредување, начинот на располагање со него, отуѓувањето и давањето под закуп, се определува начинот на кој се спроведува постапката (на електронски начин), се утврдува формата на актите и списите во постапката и многу други прашања.

Како што е познато, со закон се утврдува правната рамка и со посебни одредби детално се уредуваат определени правни прашања. Но, заради поголема ефикасност, потребата од следење на промените во определена правна област, потребите на засегнатите страни, општествени организации, со закон се утврдува и правото определено прашање да се доуреди, или да се прецизира со подзаконски акт, за што на надлежниот орган му се дава изречно право со конкретниот закон. Во ваков случај, со закон се утврдува дали подзаконскиот акт ќе го донесе надлежниот министер, градоначалникот или Советот на општината.

За дополнително да стане појасно, еве и неколку примери: надлежноста на општината во областа на урбанизмот е определена со четири закони (Законот за градење, Законот за градежното земјиште, Законот за урбанистичко планирање и Законот за катастар на недвижностите) и голем број подзаконски акти, утврдени со секој од овие прописи. Но, и дополнително, а поврзано со определено правно прашање (на пример категоризацијата на пат заради планирање, управување, изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување, заштита итн.) посебно е уредена со Законот за јавните патишта и подзаконските акти кои произлегуваат од него, а кои ќе се применат и во постапките во областа на урбанизмот.

Следен пример е областа на локалниот економски развој, каде надлежноста на општината се утврдува преку повеќе закони: Законот за трговија, Законот за угостителска дејност, Законот за туристичка дејност, Законот за трговски друштва, Законот за занаетчиство, Законот за јавни претпријатија и други. И со овие закони се утврдува правото на определен надлежен орган да донесува подзаконски акти. На пример, со Законот за угостителска дејност се утврдува дека формата на регистарот што ќе го води општината за угостителите ќе ја пропише министерот со посебен акт.

1.1. ВИДОВИ ПРАВНИ АКТИ

За да можеме во целост да го разбереме правниот систем на државата, потребно е да се запознаеме и со видовите правни акти.

Така, постојат повеќе видови правни акти со различна правна сила, а тоа се: Уставот, законите, повеќе типови подзаконски акти, актите што ги донесуваат органите на локалната самоуправа, колективните договори.

Според правната сила, Уставот е највисок правен акт и сите други правни акти мора да бидат усогласени со него. Усогласени со Уставот, своја пониска правна сила имаат законите, па подзаконските акти донесени врз основа на одредбите во законите, потоа актите на надлежните органи донесени врз основа на закон или подзаконски акт и колективните договори.

Како што е претходно нагласено, сите правни акти мора да бидат усогласени со Уставот, при што подзаконските акти, актите на органите на управата и општините и колективните договори, покрај тоа што треба да бидат усогласени со Уставот, треба да бидат усогласени и со законите.

Во случај кога определен правен акт или посебни одредби се спротивни на Уставот, во посебна постапка пред Уставниот суд на Република Северна Македонија истите може да се укинат или поништат. Укинувањето на определен правен акт значи дека тој не произведува правно дејство во иднина од денот кога овој суд така одлучил, додека кога правниот акт ќе биде поништен, се смета како тој никогаш да не бил донесен, а правните дела и управните дејствија преземени врз основа на истиот, може, исто така, да бидат поништени кога и настапува принципот restitutio in integrum, односно враќање во поранешната состојба.

На пример, се поставува прашањето како Уставниот суд ќе дознае дека одредена општина донела урбанистички план спротивно на законот? Со поднесена иницијатива за оценка на уставноста на определен акт! Иницијатива може да поднесе секој, вклучително и градоначалникот (како една од неговите надлежности), но и други надлежни органи на управата, институции што вршат надзор, надлежни инспекторати итн.

Пример: Советот на општината донесува урбанистички план, спротивно на надлежноста што му е определена во Законот за урбанистичко планирање, или тој план е донесен без да се запази постапката пропишана со Законот за негово донесување и може да биде укинат или поништен во постапка на оценка на уставноста пред Уставниот суд.

1.2. ЗАКОНИ

Бидејќи развојот на системот на локалната самоуправа, но и дополнителниот процес на децентрализација пред сè се врши преку промена на постојните и донесување на нови закони, потребно е да се знае кој ги донесува, со какво мнозинство, какви закони постојат, каде се објавуваат, кој дава нивно толкување итн. Законите ги донесува Собранието на Република Северна Македонија во пропишана постапка. Законите се усвојуваат со гласање од страна на пратениците. Во зависност од тоа дали се работи за системски или за обичен закон, за нивно усвојување е потребно различно мнозинство. Така, системските закони се донесуваат со двотретинско мнозинство, додека обичните закони се донесуваат со различно мнозинство, и тоа апсолутно мнозинство и обично мнозинство. Апсолутно мнозинство постои кога за донесување е потребно мнозинство од вкупниот број пратеници, а обично или релативно мнозинство постои кога за донесување е потребно мнозинство од присутните пратеници, но не помалку од една третина од вкупниот број пратеници.

За донесување закони што директно се однесуваат на културата, употребата на јазиците, образованието, личните документи, употребата на симболите, како и законите што се однесуваат на локалната самоуправа (Закон за локална самоуправа, Закон за градот Скопје, Закон за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија, Закон за финансирање на општините), покрај предвиденото мнозинство, мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници што припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија.

Постојат два вида закони и тоа општи (генерални – lex generalis) и посебни (специјални – lex specialis). Со општите закони одредени прашања се регулираат на воопштен начин и притоа се нагласува дека тоа прашање ќе биде уредено со посебен закон.

Пример: Во Законот за локална самоуправа (општ закон – lex generalis), во врска со финансирањето на општините, утврдено е правото општините да имаат сопствени извори на приходи, кои самите ќе ги определат, па утврдено е правото самите да ги утврдуваат ставките на надоместоците, да се задолжуваат и самостојно да располагаат со нив. Потоа, овој закон упатува на тоа дека финансирањето на општините ќе се уреди со посебен закон. Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа е посебен закон (lex-specialis), во однос на Законот за локалната самоуправа и со него детално се уредуваат начинот и постапката на утврдување на надоместоците и таксите, стапките и опфатот на наплата.

Во ваква ситуација се поставува прашањето каква е правното дејство на посебните, специјални закони. Бидејќи посебните закони подетално ја регулираат правната материја од областа за која се донесени, тие ја дерогираат важноста на општите закони. Тоа значи, дека ќе се применува посебниот закон, но, за прашања што не се уредени со посебниот закон, секогаш задолжително ќе се применува општиот закон (lex-generalis).

При примената на законите може да се случи одредена глава или член од законот да не биде доволно јасен, со што се дава можност различно да се толкува. За да не се даде можност таа одредба да ја применува секој така како што лично смета или има интерес да ја толкува на одреден начин, утврдено е дека единствено Собранието е овластено да дава автентично толкување на законите.

За примена на законите, потребно е да се има предвид кога тие влегуваат во сила. Законите, како и другите правни акти, во согласност со Уставот, се објавуваат во „Службен весник на Република Северна Македонија“ или „Службен гласник“ на општината. Законите се објавуваат во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а влегуваат во сила, по правило, осмиот ден од денот на нивното објавување, а во одредени случаи (кога ќе ги определи Собранието) со денот на нивното објавување.

Во секој случај, законот не може да влезе во сила пред да биде објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Исто така, по исклучок, законот може да стапи на сила со објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, но со преодните и завршни одредби да се утврди дека тој ќе се применува од определен одложен датум кога се утврдува и дека до тој датум ќе важи претходниот закон. Ваквата правна форма може да се утврди и за дел од одредбите со изречно наведување на членовите од Законот кои ќе имаат одложена примена.

Законот што веќе еднаш е донесен може да се изменува и да се дополнува. Изменување и дополнување на законот ќе има тогаш кога со неговата примена ќе се констатира дека тој не одговара на целите за кои е донесен. Изменувањето и дополнувањето на законот се врши со законот за изменување и дополнување на предметниот закон, а неговото објавување се врши со постапка пропишана за донесување на истиот закон. Значи законите се изменуваат и се дополнуваат во иста постапка како што се донесуваат.

Доколку во текот на важењето на законот дојде до повеќе измени и дополнувања што се објавени

во различни службени весници, а со тоа се отежнува неговата примена, тогаш се пристапува кон изработка на пречистен текст на законот. Овој пречистен текст се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија". Вака објавениот текст има за цел само да ја олесни примената на законот. Треба да се има предвид дека само пречистениот текст што е објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија" може да произведува правни дејства во примената и правниот промет. Сите останати редакциски ажурирани и консолидирани верзии на текстот на законот не се сметаат како извор на правото.

Доколку е потребно да се применат одредби од законот, тогаш се наведуваат сите службени весници во кои е објавена извршената измена или дополнување. Тоа значи, дека не смееме да се повикуваме на службениот весник во кој е објавен пречистениот текст. На пример, се донесува одлука со која се преземаат основачките права за институциите од областа на културата, кои се од локален карактер. Ова право на општините е дадено во Законот за култура, кој има претрпено повеќе измени и е изработен пречистен текст, кој е објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија". Во правната основа не се повикува на службениот весник во кој е објавен пречистениот текст на законот, туку се повикува на членот што го дава тоа право и се набројуваат сите службени весници во кои се објавени основниот текст и сите негови измени.

Составен дел на правниот поредок во нашата држава се и меѓународните договори. Меѓународните договори ќе станат дел од внатрешниот правен поредок откако, во согласност со Уставот, ќе бидат ратификувани од страна на Собранието. Нивната ратификација се врши со донесување на закон за ратификација на соодветниот договор. Меѓународните договори не можат да се менуваат со донесување на закон. Со донесувањето на закон за ратификација на меѓународниот договор, тој се изедначува, по својата правна сила, со останатите закони во државата.

1. 3. ПОДЗАКОНСКИ АКТИ

Заради примена и извршување на законите или поконкретно и дополнително разработување на одредени нивни одредби и правни прашања, а со цел нивна полесна примена, се донесуваат подзаконски акти. Донесувањето на подзаконските акти мора да биде изречно предвидено во самиот закон. Постојат повеќе видови подзаконски акти и тоа: уредба, наредба, правилник, упатство и сл.

Со УРЕДБА се разработуваат нормите на законот и на тој начин поблиску се регулираат општествените односи. Со нив конкретно се разработуваат одредени норми на законот, со што се овозможува нивна непречена примена. Постојат два вида уредби:

- уредби за извршување закони и
- уредби со законска сила.

Уредбите за извршување на законот се донесуваат со цел негово спроведување. За да може да се донесе ваква уредба, потребно е законодавецот тоа да го предвидел во самиот закон, односно со него изречно да навел дека Владата има право да донесе таков вид уредба. Овие уредби важат сè додека важи законот врз основа на кој се донесени, или доколку со посебна одредба од уредбата изречно не е утврдена важноста.

Уредби со законска сила донесува Владата во околности кога во државата е прогласена воена или вонредна состојба. Со ваквата уредба се одлучува и се регулираат правни прашања кои во редовни околности се уредуваат со закон. Оваа уредба важи до престанокот на воената или на вонредната состојба.

НАРЕДБА претставува општ подзаконски правен акт што се донесува од органите на државната управа, со цел извршување на законите и на други прописи. Со наредбата се регулира одредена ситуација што има општо значење. Основата за донесување на наредбата е утврдена во законот, или во некој друг. Со неа се разработуваат или се дообјаснуваат одделни делови од акт повисок од неа.

Со наредбата, за субјектите на правото, не можат да се воспостават права и обврски што не се засновани врз закон.

ПРАВИЛНИК е подзаконски општ правен акт што го донесуваат органите на државната управа. Со правилникот не може да се воспоставуваат дополнителни права и обврски за субјектите на правото ако тие веќе не се засновани со конкретен закон. Правилниците се донесуваат за извршување и за разработување на законите и на други прописи и акти на Собранието и на Владата. И правилниците се донесуваат врз основа дадена во прописот за чиешто извршување или разработување се донесуваат.

Пример: Општините, во согласност со Законот за сметководство за буџетите и за буџетските корисници, вршат попис на основите средства, благајната, побарувањата и обврските. Законот упатува на тоа дека со правилник ќе биде регулиран начинот на вршењето на пописот, бројот и составот на комисиите, роковите за почнување и за завршување на пописот, како и рокот до кога треба да биде доставен извештајот од извршениот попис. Значи, со Правилникот за сметководство за буџети и за буџетски корисници, како подзаконски акт, се разработуваат нормите од Законот, со цел да се олесни неговата примена.

1.4. РЕГИСТАР

Правните акти што ги донесуваат надлежните субјекти се објавуваат во „Службен весник на Република Северна Македонија". Како се знае во кој „Службен весник" е објавен одреден закон или подзаконски акт? Откако ќе заврши календарската година се изработува регистар на донесени и на објавени прописи. Во тој регистар се наведени сите закони и подзаконски акти што се донесени во текот на годината. Исто така, во регистарот е објавен и бројот на службениот весник, како и страницата на која се наоѓа. Со користењето на овој регистар може најлесно да се пронајде законот и бројот на службениот весник во кој е објавен. Овој регистар го води Јавното претпријатие „Службен весник на Република Северна Македонија" на електронски начин, а прописите се објавуваат во електронска верзија.

1.5. АКТИ НА ОПШТИНИТЕ И НИВНО ИЗГОТВУВАЊЕ

ВИДОВИ АКТИ

Органите на општината во вршењето на своите надлежности донесуваат општи и поединечни акти. Со општите акти на оригинален (изворен) начин се уредуваат односите и се уредуваат правата и обврските за граѓаните и за другите правни лица во рамките на надлежноста на општината. Тие содржат општи правни норми, кои се однесуваат на неопределен број случаи. Органите на општината донесуваат поединечни акти кога донесуваат одлука во управна постапка или кога се врши избор или именување, како и во другите случаи предвидени со закон или со друг пропис.

Советот на општината во рамките на својата надлежност донесува општи акти и тоа:

- статут;
- програми и планови;
- одлуки и
- други прописи утврдени со закон.

Со Статутот на општината, како највисок акт, се уредуваат:

- организацијата и работењето на органите на општината;
- организацијата и работењето на комисиите на Советот на општината;
- вршењето на работите од јавен интерес од локално значење што не се исклучени од нејзина надлежност, ниту се во надлежност на органите на државната власт;
- начинот на информирање на граѓаните;
- случаите на исклучување на јавноста од седниците на Советот на општината;
- начинот и постапката на доставување претставки и предлози за работата на органите на општината и постапувањето по нив;
- начинот на организирање јавни трибини, спроведување анкети и прибирање предлози од граѓаните;

- начинот на извршување на обврските од областа на одбраната во воена состојба;
- други прашања од значење за локалната самоуправа.

Со програми и планови се уредуваат и се разработуваат одредени прашања за извршување на законите и другите прописи со кои е пренесена надлежноста на општината, а за што е потребно да се предвидат рокови и динамика на извршување (на пример: Програма за комунална хигиена, Програма за водоснабдување итн.)

Со одлуки поконкретно се уредува одредено прашање од надлежност на општината (пример: Одлука за основање јавни служби од надлежност на општината, Одлука за усвојување урбанистички планови итн.)

1.6. ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ

Постапката за донесување општи акти почнува со поднесување на предлогот за донесување општ акт.

ПРЕДЛОГ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ

Предлог за донесување општ акт можат да поднесат: градоначалникот на општината, членовите на Советот, работните тела на Советот, како и 10 проценти од избирачите во општината. Предлогот за донесување општ акт ги содржи причините поради кои треба да се донесе актот и содржината на актот. Во предлогот за донесување можат да бидат наведени и начелата врз кои се заснова донесувањето на самиот акт.

На пример, градоначалникот или членот на општинскиот совет, како овластен предлагач, може да предложи да се донесе одлука за определување простор на кој може да се врши промет од мал трговски обем (промет на мало). За таа цел, се доставува предлог за донесување на ваква одлука во кој ќе се наведе дека има појава од вршење трговија на мало надвор од деловните простори, со што се спречува вообичаеното одвивање на сообраќајот или се зафаќаат тротоарите што се наменети за движење на пешаци.

Ако кон предлогот за донесување се поднесува и предлог-актот, општиот предлог-акт треба да содржи правна основа за негово донесување, образложение, потребни финансиски средства за негово спроведување и начин на обезбедување на тие средства.

Предлогот за донесување на општиот акт, претседателот на Советот на општината го доставува до соодветното работно тело во рок определен со деловникот на советот. Исто така, предлогот за донесување општ акт се доставува и до градоначалникот на општината, доколку не е предлагач, заради давање мислење до Советот и до надлежното работно тело.

Работното тело, откако ќе го разгледа предлогот, зазема став за основаноста и за потребата од донесување на актот и за тоа потоа го информира советот. Советот на општината го разгледува предлогот заедно со ставот на работното тело и со мислењето на градоначалникот и ја утврдува основаноста. Ако се утврди основаност и потреба од донесување, ќе се определи изработувач на актот и тоа во форма на нацрт-акт (пропис) доколку станува збор за акт што се донесува во фаза на нацрт, или во форма на предлог. Ако со предлогот за донесување на актот е доставен и предлог, по утврдувањето на основаноста и на потребата за донесување на актот, се пристапува кон расправа по предлогот.

Донесувањето пропис е предвидено во две фази. Советот, откако ќе ја утврди основаноста и потребата од донесување, ќе определи изработувач на предлог-одлуката. Изработувачот треба да ја изработи одлуката така што таа треба да содржи правна основа, наслов, содржина и образложение и како предлог-одлука да ја достави до Советот на општината на усвојување.

НАЦРТ

Нацртот на општиот акт поминува низ расправа во надлежните работни тела на Советот и се става на дневен ред на седница на Советот. На седницата, се води расправа за нацртот на општиот акт во начело и во поединости. Во расправата, советниците дискутираат дали нацртот на општи-

от акт доследно ги одразува начелата врз кои треба да биде заснован општиот акт и, доколку не биде усвоен, тој му се враќа на предлагачот на дорабoтка.

Доколку нацртот се усвои, се преминува на поединечна расправа. Расправата во поединости се води за поединечни делови (глави) и членови во нацртот. По завршувањето на расправата по нацртот во поединости, ставовите и забелешките со заклучокот се упатуваат до предлагачот, со цел тој да ги има предвид при изработката на предлог-актот.

ПРЕДЛОГ

Предлозите на општите акти се усвојуваат со гласање од страна на советниците со различно мнозинство, во зависност од актот. Така, за одредени акти се бара мнозинство од вкупниот број членови на советот, а за други мнозинство од присутните членови. По донесувањето на актот тој се доставува до градоначалникот заради објавување. Градоначалникот на општината донесува заклучок со кој се прогласува актот и се објавува во службениот весник на општината.

По исклучок, општ акт може да се донесе и по пат на итна постапка. По итна постапка може да се донесе само одлука со која се уредуваат такви прашања за чиешто уредување постои вистинска и неодложна потреба и доколку одложувањето на уредувањето на тие прашања може да предизвика поголеми штетни последици.

Кон предлогот за донесување општ акт предлагачите треба да поднесат и предлог на актот, како и да ја образложат потребата од итна постапка. Ако предлогот за донесување на актот се усвои, тогаш предлогот на општиот акт се става на дневен ред на истата седница.

Изменување или дополнување на предлогот на одлуката се врши со амандман. По правило, амандманот се поднесува најдоцна три дена пред денот определен за седница на Советот на која ќе се претресува предлогот на одлуката. По исклучок, амандман може да се донесе и на самата седница, кога се претресува предлогот на одлуката.

Во двата случаја, амандманот се поднесува во писмена форма и мора да биде образложен. За амандманот се води посебен претрес. За амандманот се решава пред да се гласа за членот од предлогот на одлуката на кој се однесува амандманот. Усвоениот амандман се смета за составен дел на одлуката.

1.7. ЗБИРКА ОБЈАВЕНИ АКТИ

Општинската администрација води збирка на објавените акти донесени од органите на општината.

Во збирката, актите се евидентираат според нивното именување. Тоа значи дека посебно се евидентираат програмите и плановите, посебно одлуките и другите видови акти што се донесени. Во збирката е целиот текст на актот со број и датум на неговото донесување, како и бројот на службениот весник на општината во кој е објавен. Исто така, се евидентираат и сите измени и дополнувања што се извршени во актите.

Заинтересираните граѓани можат во секое време да извршат увид во збирката и од неа да ги добијат потребните податоци. Заради зголемување на степенот на транспарентност и достапност, општината своите донесени акти по правило (освен кога со закон е поинаку утврдено) ги објавува на својата интернет-страница.

2. ОРГАНИ НА ОПШТИНАТА

Со преземањето на новата функција, уште на почетокот треба да знаете кои се Вашите права и должности и како да работите ефикасно и ефективно, а пред сè да ги знаете органите на општината.

2.1. СОВЕТ НА ОПШТИНА

2.1.1. Конституирање на Советот

Изборите завршија, како ќе се конституира советот? Првата седница на општинскиот совет ќе ја свика неговиот претседател од претходниот состав, во рок од 20 дена од денот на завршувањето на изборите. Доколку претседателот од претходниот состав не го направи тоа, тогаш самите советници во рок од 10 дена, по истекот на претходниот рок, се свикуваат и под претседателство на најстариот член на советот ќе го конституираат советот. Треба да се внимава овој рок да не се пропушти зашто во таков случај ќе се распишат нови избори.

Граѓаните Ве избраа да бидете член на нивниот претставнички орган каде што ќе решавате во рамките на надлежностите на општината. Бројот на членовите на советот, во зависност од бројот на жителите во општината, е различен. Така, најмалиот совет брои девет члена, а најголемиот 33. За разлика од општините, Советот на Град Скопје, како посебна единица на локалната самоуправа, го сочинуваат 45 советници.

Граѓаните, со тоа што Ве избраа на функцијата член на Советот на општината, Ви го дадоа правото да учествувате во неговата работа преку учество во расправата за материјалите поставени на дневен ред, да предлагате решенија или заклучоци за тие материјали, како и да му поставувате прашања на градоначалникот. Исто така, можете да предлагате донесување на одредени прописи со кои ќе се регулира одредено прашање од надлежност на општината, да давате иницијативи и предлози. На дневен ред е донесувањето Програма за уредување градежно земјиште. Во неа не е предвидена изградба на канализација во дел од населбата во која живеете. Но, Вие можете да предложите програмата да се измени или да се дополни, со тоа што во неа ќе се предвиди изградба на канализацијата.

Материјалот што е ставен на дневен ред сметате дека не нуди добро решение или не е добро изработен, затоа Вие можете да предложите подобро решение или да побарате да се донесе заклучок со кој ќе се задолжи предлагачот тој материјал да го преработи.

Во работата на советот, како претставник на граѓаните, решавате според сопственото убедување и не може да бидете отповикани од функцијата, ниту да бидете повикани на кривична одговорност или притворени за мислењето што ќе го искажете или за тоа како ќе гласате за време на работата на советот.

2.1.2. Неспоивост на функцијата

Со самиот избор на новата функција, не ќе може да се извршуваат други функции или дејности. Така, градоначалникот не ќе може да биде во исто време претседател на Република Северна Македонија, претседател на Владата на Република Северна Македонија, пратеник, министер, судија, судија на Уставен суд, јавен обвинител, народен правобранител. Потоа, не ќе може да извршува функција, чијшто избор или именување го врши Собранието или Владата на Република Северна Македонија. Не ќе може да извршува стручни или управни работи во органите на државната управа, ниту, пак, ќе може да биде член на управни одбори или претставник на државниот капитал во трговските друштва. Исто така, не ќе може да извршува стопанска или друга профитна дејност. Градоначалникот не ќе може да биде во исто време и член на Советот, а градоначалникот на Град Скопје не ќе може да биде член на советот на општините во градот.

Функцијата член на Советот на општината, на која Ве избраа граѓаните, Ви го ограничува правото да бидете претседател на Република Северна Македонија, претседател на Владата на Република Северна Македонија, пратеник, министер, судија, судија на Уставен суд, јавен обвинител, народен правобранител. Исто така, не ќе можете да извршувате функција, чијшто избор или именување го врши Собранието или Владата на Република Северна Македонија.

Бидејќи Советот решава за прашања од локално значење, може да се случи да се решава и за прашање од кое Вие или Вашиот брачен другар, дете или роднина до втор степен може да има финансиски или друг интерес. Тогаш не смеете да учествувате во донесувањето одлуки и за тоа сте должни да го известите Советот.

2.1.3. Надлежност

Советот на општината, составен од претставници на граѓаните, е надлежен да:

- донесува статут на општината и други прописи;
- донесува буџет на општината и годишна сметка на општината;
- ја утврдува висината на сопствените извори на приход за финансирање на општината, во рамките утврдени со закон;
- основа јавни служби во рамките на надлежноста на општината и да врши надзор над нивната работа;
- именува членови во управните одбори на јавните служби кои ги основа;
- усвојува програми за работа и финансиски планови за финансирање на јавните служби што ги основа општината;
- ги усвојува извештаите за извршување на буџетот и годишната сметка на општината;
- решава за давање дозвола за вршење дејност од јавен интерес, а од локално значење, во согласност со законот;
- ги усвојува извештаите за работа и годишните сметки на јавните служби кои ги основа општината;
- решава за начинот на располагање со сопственоста на општината;
- решава за начинот на вршење финансиска контрола на буџетот на општината, во согласност со законот;
- го избира лицето што ја раководи подрачната единица на Министерството за внатрешни работи во општината, во согласност со законот;
- го разгледува и го усвојува извештајот за јавна безбедност на подрачјето на општината, кој го доставува до министерот за внатрешни работи и до народниот правобранител;
- дава препораки на раководното лице на подрачната единица на Министерството за внатрешни работи од областа на јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот.

2.1.4. Комисии на Советот

Надлежноста на советот е голема и е од различни области, затоа ќе има потреба да се формираат постојани или повремени комисии, како негови тела. Кои комисии ќе се формираат и колкав ќе биде бројот на членовите ќе решите сами, со Статутот на општината. Обично, комисиите се формираат за определена област или за повеќе сродни области и при изборот на членовите се внимава тие да ја познаваат таа област. Советот, на предлог на градоначалникот, ги донесува буџетот и годишната сметка на општината.

Пример: На дневен ред е донесување Програма за одржување на хигиената на јавно-прометни површини. Комисијата за комунални дејности, која ја формира Советот, откако претходно ќе ја разгледа таа програма, може да му предложи на Советот поинакви решенија од тие што се нудат или да ја дополни програмата со нови решенија. Се донесува урбанистички план, а Комисијата за урбанизам и за градежништво, сигурно, ќе даде свој придонес во донесувањето квалитетен план.

Бидејќи советот е составен од советници што припаѓаат на различни политички партии, при составувањето на комисиите треба да се запази пропорционалната застапеност на сите политички партии што имаат свои членови во советот.

Пример: Составот на населението во општината, по последниот извршен попис, е таков што повеќе од 20 проценти се припадници на одредена заедница. За решавање на односите меѓу

овие заедници се формира Комисија за односи меѓу заедниците. Комисијата ќе биде составена од еднаков број членови на секоја заедница застапена во општината и нивниот избор ќе се уреди со статутот на општината. Тогаш, кога комисијата ќе расправа за односите меѓу заедниците и ќе изгради свое мислење, или ќе има решение како тие односи да се решат, мислењето и решението ќе му ги достави на Советот, кој во ваква ситуација е должен да ги разгледа мислењата и понудените решенија и да донесе одлука во врска со нив.

Јавните установи, кои Советот ги основа за извршување надлежности на општината, даваат услуги. Јавното комунално претпријатие го подига сметот. Корисници на оваа услуга се физички и правни лица.

Советот за заштита на потрошувачите треба да биде составен од претставници на физичките и на правните лица. Исто така, Советот за заштита на потрошувачите, кој е составен од корисници на споменатата услуга, има можност да го оцени нејзиниот квалитетот и може да предлага мерки за негово подобрување. Имено, подигањето на сметот се врши еднаш неделно од одредена улица. Тоа во практика не задоволува, односно кантите се преполни и сметот се растура. Советот за заштита на потрошувачите може да предложи подигањето да биде двапати неделно, или да предложи некое друго посоодветно решение.

Пример за формирање на повремена комисија: Општината слави јубилеј. Потребно е тој да се одбележи. За таа цел ќе се формира повремена комисија, која сето тоа ќе го осмисли и реализира, односно ќе му предложи на Советот како да се направи тоа. Со завршување на јубилејот, комисијата ќе престане да работи.

2.1.5. Избор и обврски на претседателот

На првата конститутивна седница се потврдува мандатот на изборот на членовите на Советот. Потребно е да се избере негов претседател. Како ќе се направи тоа?

Доколку во првиот круг гласање ниту еден од кандидатите не добил потребно мнозинство, се пристапува кон втор круг на гласање само за двајцата кандидати што во првиот круг добиле најмногу гласови. Во вториот круг гласање, за избран ќе се смета кандидатот што добил повеќе гласови. Избраниот претседател ќе ги свикува седниците на советот и ќе ги раководи. Имено, свикувањето на седниците се прави со доставување Решение со предлог-дневен ред, кое се доставува до членовите на Советот. Претседателот ќе ги потпише сите акти што ги донел Советот и, во рок од три дена, ќе ги достави до градоначалникот, заради објавување во службениот весник и нивно натамошно извршување.

2.1.6. Седници на Советот

Го добивте Решението за свикување на седница на Советот заедно со предложениот дневен ред. Видовте дека тоа решение е потпишано од претседателот на советот. Тоа значи дека советот работи на седници, а нив ги свикува претседателот. Меѓутоа, тој ќе свика седница и на барање на градоначалникот или на барање на најмалку една четвртина од членовите на советот. Доколку е поднесено барање за свикување седница од градоначалникот или од членовите на советот, претседателот на Советот на општината ќе ја свика седницата најдоцна во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на барањето. Логично е да се постави прашањето: што ако претседателот не ја свика седницата во предвидениот рок? Тогаш членовите на општинскиот совет сами се свикуваат и за таа седница ќе изберат претседател.

Решението за свикување на седницата, заедно со предложениот дневен ред, треба да се достави најдоцна седум дена пред денот закажан за одржување на седницата. Ова време е потребно за да се разгледаат материјалите што се предлагаат со дневниот ред, да се приберат дополнителни информации во врска со тие материјали, кои може да се добијат од општинската администрација, или од други извори, да се направат консултации со лица што се стручни за таа област, сè со цел активно да се учествува во расправата за тие материјали на самата седница и да се донесат решенија што се во интерес на граѓаните.

Може да настанат одредени ситуации што не можат програмски да се планираат, ниту да се предвидат. Доколку настане таков случај, тогаш Советот на општината може да одржи и вонредна седница. Во статутот на општината треба да се наведе во кои случаи може да се свика вонредна седница. На пример, поради обилните врнежи доаѓа до поплавување на одредени делови на општината, што може да доведе до поголема штета. Советот на општината, во рамките на своите надлежности, на вонредна седница ќе донесе пропис или ќе понуди решенија за надминување на таа состојба или ќе предложи да се преземат одредени мерки за санирање, односно спречување на натамошно ширење на поплавата. По настаната епидемија од некоја заразна болест на одредено подрачје од општината, Советот е тој, секако, во рамките на својата надлежност, што треба да донесе одредени прописи или да нареди преземање конкретни мерки, со што ќе се овозможат услови за спречување на натамошното ширење.

Вонредната седница ја свикува претседателот на советот, по сопствена иницијатива, или на барање на една третина од неговите членови. Во известувањето за свикување на вонредната седница, се определува местото и времето за нејзино одржување, како и дневниот ред за таа седница. За разлика од редовните седници, каде што може да се предлага изменување и дополнување на дневниот ред, на вонредните седници дневниот ред не може да се менува. На седницата, пред почнување со работа, задолжително се гласа за оправданоста за свикување на таа седница.

За да може советот да работи, потребно е на седницата да присуствуваат мнозинството членови од вкупниот број. Така, ако во него има 15 члена, за да може да работи, потребно е на самата седница да бидат присутни осум члена. Одлуките што ги донесува општинскиот совет, се донесуваат со гласање, кое, по правило, е јавно. Одлуката ќе се смета за донесена доколку за неа гласале повеќе од половината од присутните членови. Меѓутоа, во Статутот на општината може да се предвиди дека за донесување одредени прописи е потребно поинакво мнозинство гласови.

Советот на општината, во рамките на својата надлежност, донесува прописи, меѓу другите, кои се однесуваат на културата, употребата на јазиците и на писмата на кои зборуваат помалку од 20 проценти од граѓаните на општината и утврдување на употребата на грбот и на знамето на општината. Овие прописи ќе бидат донесени доколку за нив гласало мнозинството од присутните, при што мора да има мнозинство гласови од присутните членови на советот што припаѓаат на заедницата што не е мнозинско население во општината.

Работата на седниците е јавна. Со тоа се дава можност граѓаните да бидат информирани за работењето и за одлуките што се донесуваат, а кои, секако, се во функција да им се овозможи остварување на правото на локална самоуправа на граѓаните. Има ситуации или прашања за кои ќе расправа советот на кои може да се исклучи јавноста на седниците. За да не дојде до злоупотреба на ова право, потребно е во статутот на општината да се предвидат тие прашања и да се дадат оправдани причини. И покрај предвидувањето на овие прашања во статутот, секогаш е потребно советот да донесе одлука за исклучување на јавноста, која, пак, се донесува со двотретинско мнозинство од вкупниот број негови членови.

Меѓутоа, јавноста не може да се исклучи ако Советот на општината расправа за буџетот на општината, годишната сметка на буџетот и за урбанистичките планови. Во овие случаи, напротив, потребна е што поголема отвореност за да можат граѓаните да видат каде и како се трошат парите што ги плаќаат преку даноците, таксите и надоместоците. Притоа, законска обврска е да се вклучи јавноста кога се донесуваат урбанистичките планови.

Пример: Ако советот брои 15 члена, одлуката за исклучување на јавноста ќе биде донесена ако за неа гласале 10 члена на советот.

Пример: Ако на седницата биле присутни осум члена од вкупно 15, одлуката ќе се смета за донесена ако за неа гласале пет члена на советот.

2.1.7. Престанок на мандатот

Избраните советници имаат мандат од четири години. Претходно кажавме дека член на општинскиот совет не може да биде отповикан од функцијата. Меѓутоа, доколку настанат одредени ситуации, мандатот на член на советот, може да престане и пред истекот на четири години. Така, мандатот на член на советот ќе престане доколку:

- самиот советник даде оставка од функцијата;
- настапи смрт;
- советникот е осуден со правосилна пресуда за кривично дело на казна затвор во траење од над шест месеци;
- советникот биде избран на некоја од функциите што во почетокот на ова поглавје ги кажавме, или ако се вработи во општинската администрација, зашто доаѓа до неспоивост со функцијата член на советот;
- на советникот му биде одземена деловната способност со правосилно решение;
- советникот престане да биде жител на таа општина.

Така, ако настане некој од претходните случаи, советот, на првата наредна седница ќе ја констатира причината и денот на престанување на мандатот.

Со оглед на тоа дека граѓаните Ве избраа да бидете член на Советот на општината, каде што ќе ги застапувате нивните интереси, потребно е да бидете редовни на неговите седници. Доколку не се присуствува на три седници, без оправдани причини, мандатот на член на Советот може да Ви биде одземен. Оправданоста на отсуството ја оценува Советот кој донесува одлука со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

2.1.8. Распуштање на Советот

Еднаш конституираниот совет може да се распушти во случај кога за тоа ќе се изјасни мнозинството од вкупниот број негови членови. Меѓутоа, Советот се распушта и во случај кога:

- повторно ќе го донесе прописот што претходно Уставниот суд на Република Северна Македонија со одлука го поништил или укинал;
- ќе донесе одлука со која се загрозува суверенитетот и територијалниот интегритет на Република Северна Македонија;
- нема да се состане, односно нема да се одржи седница за период подолг од шест месеци;
- нема да го донесе буџетот и годишната сметка на буџетот до 31 март во тековната година.

Постапката за распуштање на Советот започнува со тоа што Министерството за локална самоуправа во рок од седум дена од денот на приемот на известувањето дека настапил некој од горенаведените услови, поднесува предлог до Владата за распуштање на советот. Потоа, Владата во рок од еден месец од денот на приемот на предлогот, донесува Решение за распуштање на Советот по сила на закон и истото го објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија". За остатокот од изборниот период се распишуваат нови избори за советот, согласно со Законот за локални избори. Нови избори за советот нема да се одржат единствено доколку до новиот изборен период има помалку од шест месеци.

Ако настане некој од претходните случаи, односно ако дојде до распуштање на советот, работите на советот, до избор на нов совет ќе ги врши градоначалникот. Меѓутоа, градоначалникот, при вршењето на работите што се во надлежност на советот, нема да може да донесува одлуки за прашања што се однесуваат на:

- располагањето со сопственоста на општината, а тоа значи дека не може да донесува одлуки:
- за продажба на имот на општината;
- за набавка, односно купување;
- за донесување прописи за кои е надлежен Советот на општината;

- во случај кога тој, или негов брачен другар, деца или роднина до втор степен во странична линија имаат финансиски или друг личен интерес.

2.2. ГРАДОНАЧАЛНИК

Го добивте Уверението од општинската изборна комисија со која се потврдува дека граѓаните на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање Ве избраа за градоначалник на општината, односно на Град Скопје. Сега е потребно во рок од седум дена да ја преземете должноста од претходниот градоначалник. Функцијата градоначалник треба да се извршува професионално и да се заснова работен однос во општината. Од една страна, тоа значи остварување на правата и на обврските што произлегуваат од работниот однос, а од друга страна, неможност да се извршува друга професионална дејност.

Имајќи ги предвид надлежностите што Ви се дадени, а со оглед на тоа дека се работи за поединец, неминовно се наметнува потребата од определување лице што ќе Ве заменува во случај на спреченост да ја извршувате функцијата. Вие имате право од редот на членовите на Советот на општината да определите еден член што ќе Ве заменува тогаш кога ќе бидете спречени да ја извршувате функцијата.

Постапката за определување лице што ќе Ве заменува е определена во Статутот на општината. Овде треба да се внимава во времето кога сте спречени, а кога Ве заменува член на советот, на тој член треба да му мирува функцијата член на совет. Тоа, пак, значи дека тој член, додека го заменува градоначалникот, не може да учествува во работата на советот со права и обврски како негов член. Или, поинаку кажано, тој не може да учествува во расправата за материјалите, ниту, пак, да донесува одлуки, односно да гласа. Единствено претседателот на Советот на општината, од сите негови членови, не може да го определите да Ве заменува.

2.2.1. Надлежност

Надлежностите на градоначалникот можат да се поделат во два дела на работи и тоа како надлежности на општината и раководење на општинската администрација.

Во извршување на надлежностите на општината градоначалникот:

- ја претставува и ја застапува општината;
- ја контролира законитоста на прописите на Советот на општината;
- ги објавува прописите во службениот весник на општината;
- го обезбедува извршувањето на одлуките на Советот;
- го обезбедува извршувањето на работите што со закон и се пренесени на општината;
- дава иницијативи и предлози до Советот за донесување прописи;
- ги предлага буџетот и годишната сметка на буџетот на општината;
- го извршува буџетот на општината;
- избира директори на јавни служби што ги основала општината по пат на конкурс;
- редовно го известува Советот за извршување на своите надлежности во согласност со Статутот на општината;
- решава управни работи за права, обврски и интереси на правни и на физички лица. За извршување на оваа надлежност, градоначалникот може да овласти раководен службеник да ја води постапката и да решава во управни работи, како и да потпишува.

При раководење на општинската администрација:

- дава предлог до Советот за донесување одлука за организирање општинска администрација;
- донесува правилник за систематизација;
- ја раководи општинската администрација;

- донесува одлуки за вработување, за правата, должностите и одговорностите на вработените, доколку не е определено поинаку со друг закон.

2.2.2. Контрола над законитоста

Видовме дека советот е орган на општината, кој донесува прописи. Може да се случи Советот на општината да донесе пропис спротивен на Уставот и на законите. Ваквиот пропис може да произведе штетни дејства. За да се спречи неговото влегување во сила, градоначалникот, во рок од седум дена од денот на доставувањето од страна на претседателот на Советот, задолжително донесува решение со кое ќе го запре неговото објавување во службениот гласник. Решението мора да биде образложено, односно мора да се образложат причините зошто прописот што не се објавува е во спротивност со Уставот или со законите. Имено, во образложението на решението треба да се цитирани одредби од Уставот, ако се работи за спротивност со уставни одредби, односно од законот, ако се работи за спротивност со законските одредби.

Не би требало воопштено да се каже дека прописот е во спротивност со Уставот или со законот, туку точно да се нагласи со кои членови од Уставот, односно законот. Ова решение се објавува. Доколку настане ваква ситуација, Советот на општината е должен да го разгледа решението и да донесе одлука за него во рок од 15 дена од денот на објавувањето на решението. Можни се две решенија:

а) Советот да ги прифати причините наведени во решението и да не го донесе прописот или, ако има можност, да го усогласи;

б) Советот да не ги прифати причините во решението и да го потврди претходно донесениот пропис.

Доколку се случи Советот да го потврди прописот, тогаш градоначалникот ќе го објави во службениот гласник. Со тоа не е завршена надлежноста на градоначалникот. Сега треба да се поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и на законитоста на оспорениот пропис до Уставниот суд на Република Северна Македонија.

Овде има уште една обврска за градоначалникот, а таа е да го информира задолжително Министерството за локална самоуправа за поднесената иницијатива. Информирањето на Министерството не е само заради одредена форма, туку има свое значење. Имено, за да не се случи прописот да влезе во сила со објавувањето во службениот гласник, Министерството има право да врши надзор над законитоста на прописите на општината и, доколку констатира дека одреден пропис не е во согласност со Уставот или со закон, со решение да ја запре примената на тој пропис до донесувањето одлука од страна на Уставниот суд.

2.2.3. Конфликт на интереси

Како жител на општината, секако дека и градоначалникот, неговиот брачен другар, дете или роднина до втор степен странична линија може да има финансиски или друг личен интерес за кој треба самиот да донесува одлука. Доколку настане ваква ситуација, тогаш градоначалникот не ќе може да донесува одлука, ниту, пак, да учествува во донесувањето одлука. Во ваква ситуација се нуди следново решение: градоначалникот е должен да го информира Советот на општината за каков интерес се работи, а Советот ќе избере еден член што ќе донесува одлука. Изборот кој член ќе донесува одлука се врши во постапка како што се избира претседател на советот.

2.2.4. Престанок на мандатот

И покрај тоа што градоначалникот се избира за мандат што трае четири години, неговиот мандат може да престане и порано. Имено, мандатот на градоначалникот ќе му престане ако:

- тој самиот даде оставка на функцијата градоначалник;
- настапи смрт;
- е осуден со правосилна пресуда за кривично дело на казна затвор во траење над шест месеци;
- со правосилно решение му е одземена деловната способност;

- настане неспоивост на функцијата градоначалник со функциите што се наброени во почетокот на ова поглавје;
- е отсутен подолго од шест месеци, а Советот со двотретинско мнозинство од вкупниот број членови констатирал дека отсуството е неоправдано;
- престане да биде жител на општината.

Логично би било да се постави прашањето: што во таква ситуација? Членот на Советот на општината што го заменува градоначалникот е должен, во рок од 15 дена, за настанатата ситуација да го извести Министерството за локална самоуправа, кое понатаму, во рок од 15 дена, ја известува Владата на Република Северна Македонија. Владата, откако ќе констатира дека настанал еден од случаите, истовремено ќе иницира постапка за распишување избори за градоначалник, а, за вршење на функцијата градоначалник до изборот на нов, Советот во рок од еден месец од донесувањето на одлуката од страна на Владата, ќе избере еден од членовите на советот во постапка како што се избира претседателот на совет. Во тој случај, на членот на Советот, кој ја врши должноста градоначалник, му мирува функцијата член на советот сè до изборот на нов градоначалник. Сепак, нови избори за градоначалник нема да се одржат единствено доколку до новиот изборен период има помалку од шест месеци.

3. ФИНАНСИРАЊЕ НА ОПШТИНИТЕ

3.1.1. Извори на финансирање

Општините се финансираат од сопствени извори на приходи, дотации од централниот буџет и од буџетот на фондовите, како и со задолжување во домашни и странски финансиски куќи.

Сопствени извори на приходи се приходите што се обезбедуваат од локалните даноци, локалните такси, локалниот надоместок и од приходите од сопственост. Во локални даноци спаѓаат: данокот на имот; данокот на наследство и подарок, данокот на промет на недвижен имот и други локални даноци утврдени со закон.

Локални такси се: комуналните такси, административните такси и други локални такси утврдени со закон.

Локален надоместок е: надоместокот за уредување на градежното земјиште, надоместокот од комуналната дејност и надоместокот за просторни и за урбанистички планови и друг локален надоместок утврден со закон.

Општината може да остварува приходи и од: сопственост (приходи од закупнина, приходи од камати и приходи од продажба на имот), од донации, приходи од парични казни утврдени со закон, приходи од самопридонес и други приходи утврдени со закон.

Општината нема право да продава имот со чиешто отуѓување може да се наруши извршувањето на јавните функции и надлежности на општината.

Општината остварува дел од приходите и од персоналниот данок на доход и тоа три проценти од персоналниот данок на доход на личните примања од плати од физички лица што постојано живеат и престојуваат во општината (тоа значи ако работите во една општина, а живеете во друга, данокот на доход ќе се слева во општината во која живеете). Барање на ЗЕЛС е оваа бројка да биде најмалку 50%, а во нашите последни преговори со Владата се изјаснивме дека во прво време ќе бидеме задоволни и со 30%.

Целиот износ од персоналниот данок на доход од физички лица што се занимаваат со занаетчиска дејност според местото на регистрирање на вршење дејност е, исто така, приход на општината.

Приходите од донации во вид на финансиски средства се приход на буџетот, а донациите во предмети се евидентираат како имот на општината. Во транзицискиот период, донациите беа многу важни за општините. Тие ќе бидат присутни уште кратко време. Но, за долгорочен стабилен развој на општините, неопходно е да се изгради одржлив систем, базиран на стабилни, постојани извори на приходи. Со распишување самопридонес, по пат на референдум, може да се обезбедат средства за задоволување определени потреби на граѓаните.

Во минатото, самопридонесите беа чести и благодарение на нив се изградија многу значајни комунални и инфраструктурни објекти. Референдумот за самопридонес сега е реткост поради тешката економска и социјална состојба, големата невработеност и малата платежна моќ на граѓаните.

Од буџетот на државата и од буџетот на фондовите се обезбедуваат дополнителни приходи во вид на дотации за финансирање на надлежностите определени со закон и за реализација на капитални инвестициски проекти.

Приходите, во висина од 4,5 проценти од вкупно наплатениот данок на додадена вредност во претходната фискална година, ќе бидат распоредени според критериуми утврдени со уредба. Секоја година, најдоцна во јуни, уредбата се разгледува од комисија за следење на развојот на системот на финансирање на општините. Оваа комисија се состои од девет члена, од кои четири се претставници на централната власт, а пет се именуваат од ЗЕЛС. Средствата, распределени на овој начин, имаат карактер на средства за финансиско изедначување на општините. Општините имаат право самостојно да донесуваат одлуки за тро-

шењето на овие средства. Новина, настаната во 2009 година, а наменета за заштита на помалите општини, е дека од собраните 4,5 % од ДДВ, секоја општина добива еднаков износ, односно 3 милиони денари. Останатите средства се делат, и тоа, 12 % одат за градот Скопје и општините во Скопје, а 88 % одат за останатите општини. Согласно со сега усвоените критериуми, средствата се делат според формула каде што 65 % се распределуваат согласно со бројот на жители, 27 % согласно со површината на општината, а 8 % според бројот на населени места во општината. Во градот Скопје и во општините во Скопје, се користат истите критериуми, со уште една распределба, во која од добиениот износ 40 % одат во градот Скопје, а 60 % во општините во градот Скопје. ЗЕЛС веќе подолго време преговара со Владата и бара овој процент од ДДВ да биде најмалку 10 %.

Во тек е измена на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и доколку се донесе новиот закон, од 2022 година ќе имаме нови проценти и нов начин на распределба.

Наменската дотација се распределува по општини, проекти и институции или програми од Министерството за финансии, на предлог на надлежните министерства за финансирање конкретна активност. Само една општина и по сите овие години, сè уште се наоѓа во првата фаза од децентрализација.

За финансирање на инвестициски проекти се доделува капитална дотација врз основа на програма утврдена од Владата. Општините треба да подготват квалитетни проекти со целосно затворена финансиска конструкција за зафати што ги надминуваат можностите на општините.

Блок дотацијата се доделува за финансирање на надлежностите на општините во културата, основното и средното образование и во социјалната заштита.

Претходно, надлежните министерства и фондовите изработуваат методологија за утврдување на критериумите за распределба. Распределбата на средствата од блок дотациите задолжително треба да добие мислење од Комисијата за следење на развојот на системот за финансирање на општините. За сите надлежности за кои се добиваат блок дотациите, ЗЕЛС има барање за зголемување.

Општините, според законите за основно и средно образование, треба да извршат транспарентна распределба на средствата по училишта, според однапред определени критериуми, или формула во форма на локален акт кој треба да биде одобрен од Советот на општината.

3.1.2. Следење на развојот на системот за финансирање на општините

Нужно е следење на системот за финансирање на општините и на неговиот развој, како и следење на примената на критериумите за распределба на дотациите. Системот треба да се подобрува и да се усовршува со преземање конкретни мерки за надминување на недостатоците. За таа цел, како и за следење на отвореноста на постапките, изработување извештаи, подготвување мерки и предлози, следење на наменското користење на дотациите, Владата формира Комисија за следење на развојот на системот за финансирање на општините.

Во Комисијата, покрај претставниците на Министерството за локална самоуправа, Министерството за финансии, Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, членуваат и пет претставници на општините, градоначалници, предложени од Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС).

3.2. УТВРДУВАЊЕ И НАПЛАТА НА ПРИХОДИТЕ НА ОПШТИНИТЕ

Општинската администрација е надлежна за утврдување и наплата на сопствените приходи на општината. Општината, поради немање капацитет за администрирање со сопствени приходи или поради некои други причини, може да склучи договор со друга општина за управување со овој процес.

Секоја општина треба да има најмалку тројца вработени во општинската администрација кои се квалификувани за утврдување и наплата на даноци за да ја извршува оваа работа. Обврзникот на данокот на имот е должен да поднесе даночна пријава, или за нов имот или за нови податоци, доколку има промени на нив, содржани во претходно поднесената даночна пријава и тоа до 31 јануари во годината за која се врши утврдување на данокот.

Градоначалникот донесува решение за висината на данокот на имот и го доставува до даночните обврзници, најдоцна до 31 март во тековната година.

Стапката на данокот на имот изнесува од 0,10 проценти до 0,20 проценти, а стапката на данок на промет на недвижен имот од 2 процента до 4 проценти. Стапката на данокот на наследство и на подарок за втор наследен ред изнесува од 2 до 3 проценти, а за трет наследен ред од 4 проценти до 5 проценти. Не постои стапка на данокот на наследство за прв наследен ред. Колкава ќе биде стапката во секоја општина поединечно, одлучува општинскиот совет. Согласно со последните измени на Законот за даноци на имот, во јули оваа година се воведе и нова категорија, односно се воспоставија нови тарифи за даноците на имот и тоа:

- Доколку недвижниот имотот, како и земјоделското земјиште не се користи и не се издаваат под закуп, подолго од 6 месеци, стапката на данок на имот ќе се зголеми за 3 пати.
- Државата, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, како и физичките и правни лица кои нема да пријават дека не користат недвижен имот што е во нивна сопственост, ќе платат данок по стапка петпати повисока од пропишаните стапки.

Даночна основа за сите видови даноци е пазарната вредност на сите видови имот, која се утврдува според методологија што ја пропишува Владата на Република Северна Македонија, на предлог на Министерството за транспорт и врски. Утврдувањето го вршат сертифицирани лица и компании кои се здобиле со сертификат за проценка на вредноста на имотот за потребите од оданочување за данокот на имот. Лицата можат да бидат општински службеници. Општините кои не сертифицирале свои вработени за оваа намена, можат да ги користат услугите од лица вработени во други општини, со потпишување на договор или акт за меѓуопштинска соработка или да ангажираат проценител. Комуналните такси се плаќаат за користење определени права, предмети и услуги од јавен интерес, а од локално значење од страна на правните и на физичките лица што вршат дејност, како и од граѓаните. Тие се плаќаат според утврдена тарифа за комунални такси, според Законот за комунални такси. Висината на комуналната такса, со одлука, ја утврдува Советот на општината.

Со големи заложби на ЗЕЛС и врз основа на преговорите со Владата на РМ, во 2007 година се издејствува промена на Законот на даноци на имот, со што за првпат од осамостојувањето на РМ општините добија можност да наплатуваат и данок на имот на правни субјекти и тоа на вкупниот имот. Со ова се влијаеше на зголемување на приходите во буџетите на единиците на локалната самоуправа. Законот почна да се применува од 1 јануари 2008 година.

Административни такси се плаќаат за списите и за дејствата во управните работи кај органите на општината, органите на општините на градот Скопје и органите на градот Скопје, според одредбите на Законот за административни такси.

Во 2009 година дојде до измена на Законот за концесии на минерални суровини, со што се овозможи единиците на локалната самоуправа да добијат 78 проценти од вкупниот надоместок за концесии на минерални суровини што се остварува на подрачјето на соодветната единица на локалната самоуправа.

Во 2007 година, на барање на ЗЕЛС, се измени и Законот за комунални такси. Со измените се смени тарифната единица за наплата на уличното осветлување, со што се помогна единиците на локална самоуправа да не насобираат долгови од оваа надлежност.

Уште еден значаен прилив на општинскиот буџет, секако, е и приходот од продажба на градежно неизградено земјиште, од каде 80 проценти се слеваат во општинската каса.

Со измена на предметните закони, општините добија и 50 % од секоја концесија на земјоделско земјиште.

Приходот од водни ресурсите кои се користат за производство на електрична енергија, исто се делат на еднакви делови меѓу општините и Владата.

3.3. ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА ОПШТИНАТА

Општината има право да се задолжува во земјата и во странство.

Новиот закон за финансирање на единиците на локална самоуправа, кој треба да стапи во сила во 2022 година, предвидува неколку начини на можност за задолжување на општините и тоа од Владата, од домашни и странски банки, од издавање на обврзници и слично. За деталите на задолжувањето ќе зборуваме повеќе откако ќе биде донесен законот.

3.4. ФИНАНСИСКА НЕСТАБИЛНОСТ НА ОПШТИНАТА

И оваа тема е обработена во законот што треба да биде донесен пред печатењето на овој прирачник, но сакаме да Ве информираме дека и претходниот и новиот закон, предвидуваат дека градоначалникот и членовите на Советот треба да алармираат кога во нивната општина ќе се исполнат условите наведени со закон.

3.5. ЈАВНИ НАБАВКИ

Под поимот јавни набавки се подразбираат повеќе активности што ги извршува општината како снабдувач заради купување стока, добивање услуги или за извршување градежни работи или други работи за кои се обезбедени средства во буџетот. Со Законот за јавни набавки се воспоставува правна рамка на правата и на обврските на учесниците во процесот.

Во услови на пазарно стопанство, мора да се обезбеди слободна, здрава конкуренција, фер натпревар, отвореност, ефикасност и намалување на јавните трошоци, во спротивно, се нарушуваат вкупните општествено-економски текови и се создаваат услови за корупција и за други девијантни појави. За да се спречат појавите на корупција, изразени преку користољубие, подмитување или давање „провизија“, односно мито на донесувачите на одлуките за набавка, или за финансирање политички партии преку јавни набавки, нужна е доследна примена на законската регулатива.

Со постапка за јавна набавка може да се почне само за работите што се планирани во планот за јавни набавки и за кои се обезбедени средства со буџетот, или со програмите што ги донесува Советот на општината. Врз основа на донесените документи, градоначалникот, до крајот на јануари, донесува план за вкупните потреби за набавки во тековната година по видови, како и за динамиката и за постапката за реализација. Потоа, градоначалникот донесува одлука за потребата за секоја одделна набавка во која се утврдува видот и количината на набавката, износот и изворот на средствата потребни за нејзина реализација.

Во согласност со Законот за јавни набавки, воспоставено е електронско спроведување на јавните набавки.

4. УПРАВУВАЊЕ СО ОПШТИНСКИОТ ИМОТ

4.1. ОСНОВЕН ОПШТИНСКИ ИМОТ И СТЕКНУВАЊЕ ИМОТ

Управувањето на општинскиот имот претставува една од најважните надлежности на општината. Се очекува дека општината ќе стопанисува домаќински со имотот што е во нејзина сопственост. Доброто управување со имотот, ќе резултира со развој на општината, а од друга страна, несоодветните активности можат да резултираат со непоправлива штета врз имотот на општината.

Согласно со Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 05/02) општината има право на имот, односно на сопственост на ствари, парични средства и права, чија вредност се проценува и искажува при подготвувањето на годишната сметка.

Општинскиот имот може да го поделиме според неколку основни критериуми на:

- недвижен имот;
- подвижен имот;
- инфраструктура и
- финансии.

Во согласност со Законот за сопственост и други стварни права**,** недвижен имот е имотот што не може да се придвижува или поместува од едно на друго место, без притоа да се промени или оштети неговата суштина. **За недвижен имот** во сопственост на општината се смета:

- градежно земјиште во сопственост на општината (кое е различно од градежното земјиште сопственост на државата, дадено на управување на општината);
- парковите;
- општинските депонии;
- административните простории;
- објектите за основно и средно образование;
- објектите од културата;
- деловните објекти;
- гробиштата;
- капелите;
- спортските објекти и
- друг имот што по својата природа е недвижен имот.

Подвижен имот е имотот што во целост може да се движи или поместува. Во него спаѓаат:

- моторните возила;
- пловните објекти;
- машините, алатите, инвентарот, мебелот во административните простории и во другите простории во сопственост на општината;
- архивската граѓа и
- други подвижни предмети.

Во инфраструктура спаѓаат:

- водоводната мрежа;
- канализациската мрежа;
- пречистителните станици;
- уличното осветлување.

Финансии како имот во сопственост на општината се смета дека се:

- пари;
- благајнички записи;
- хартии од вредност;
- тековни сметки;
- акции и друго, регулирано со прописите со кои се уредува финансиското работење.

Постоењето различни видови имот, доведува до заклучокот дека ни е потребен добар план за негово управување. Тоа значи дека покрај пописот на инвентарот, потребен е и генерален план за долгорочен развој, кој ќе ги утврди основите за развој на општината. Такви се, на пример, плановите за развој на општината за 5 или за 10 години и сл.

Располагањето со стварите во општинска сопственост е уредено со закон, а одлука за располагање со стварите носи Советот на општината. Општината треба долгорочно да води сметка за својот имот, а особено за остварување на поширокиот локален јавен интерес. На пример, општината може да се задолжува, да издава долгорочни обврзници за финансирање на проекти од јавен интерес, а својот административен имот по пат на јавно наддавање може да го издаде под закуп на заинтересирани трети лица, здруженија на граѓани.

4.2. УПРАВУВАЊЕ СО ИМОТОТ

Со Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост се утврдуваат правата и должностите на општините во однос на набавката, користењето и располагањето со стварите во нивна сопственост и евиденцијата на стварите што како долгорочни средства ги користат за извршување на работите во нивна надлежност, како и правата и должностите на правните лица основани од општините и градот Скопје. Со истиот закон се уредува и постапката за давање на користење на стварите во општинска сопственост, како и постапката за продажба и давање под закуп на недвижни и продажбата на движни ствари во општинска сопственост, како и продажба на ствари за кои е издаден лист за предбележење на градба во корист на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје.

Управувањето со имотот на општината е управување со имот, како функција од јавен интерес и општината мора да се однесува како „добар домаќин". Доколку општината има голем имот, таа може да основа и јавно претпријатие за управување со имотот.

Сите постапки на располагање со стварите во општинска сопственост, како и давањето под закуп или отуѓување на недвижен имот се спроведуваат на електронски начин, по пат на електронско јавно наддавање. Содржината на огласот е утврдена со закон, вклучително и потребните докази кои подносителот на пријавата за учество на јавното наддавање треба да ја поднесе електронски. Сите пријави за учество на јавното наддавање, заедно со скенирани копии од потребната документација, во електронски облик се доставуваат преку системот поставен на интернет-страницата www.e-stvari.mk до општината, како надлежен орган кој ја спроведува постапката. Со софтверската апликација управува и технички ја одржува, а врз основа на посебен правен акт донесен од надлежен орган, Заедницата на единиците на локалната самоуправа на РСМ – ЗЕЛС. Но ЗЕЛС не е орган во постапката, туку оваа институција се грижи за непречено техничко овозможување на водењето на електронската постапка на располагање со стварите, како и самото електронско јавно наддавање.

Постапката ја води комисија, која врз основа на закон ја формира градоначалникот, со решение. Оваа комисија составува записник за текот на јавното наддавање за постигнатата цена и му предлага на градоначалникот, по успешно завршената постапка на располагање со конкретната ствар, да го склучи договорот со најповолниот понудувач.

Јавното наддавање е комплексен процес кој се спроведува исклучиво на електронски начин, преку погоре наведената софтверска апликација. Почетната цена на наддавањето, согласно со законот, претставува проценетата вредност на стварта за која процената ја врши овластен проценител кој со ова својство се стекнал врз основа на посебен Закон за проценка. Учесникот на јавното наддавање за кој комисијата одлучила дека ги исполнува условите има можност веднаш да ја прифати, или да ја зголеми моменталната цена на јавното наддавање за конкретната ствар. Доколку по истекот на 5 минути учесниците не ја прифатиле или зголемиле почетната цена, оваа цена се намалува за 2 % и така секои следни 5 минути, но, најмногу до моментот кога актуелната намалена почетна цена изнесува 30 % од проценетата цена, кога се дава последна можност во траење од 5 минути за учесниците да ја прифатат или зголемат и оваа цена, по што јавното наддавање завршува без прифатлива понуда. Учесниците можат во кој било момент во текот на закажаното јавно наддавање да дадат цена, па доколку во последните 2 минути од моментот кога е дадена цената биде дадена нова цена повисока од ак-

туелната, крајното време на завршување на јавното наддавање се продолжува за дополнителни 2 минути, со тоа што ова правило и понатаму се применува сè додека во последните 3 минути не биде дадена нова, последна и највисока цена.

Учесниците на јавното наддавање имаат право на приговор во однос на постапката или поради евентуалната техничка попреченост да учествуваат во јавното наддавање под услов уредно да била доставена пријавата за учество и истата да била одобрена од комисијата. Во однос на приговорот, комисијата одлучува во рок до 3 дена од денот на неговиот прием.

Потребно е да се има предвид дека оваа постапка не се применува врз стварите во сопственост на правните лица основани од општината. За жал, сè уште не е пропишана посебна постапка за располагање и со стварите во сопственост и на овие субјекти.

4.3. РЕГИСТАР НА ИМОТОТ

Општината е должна да води евиденција на имотот што го поседува и да ги ажурира промените. Општината води регистар за имотот кој го искажува во имотен биланс. На крајот од секоја календарска година, општината врши попис на материјалните средства. Во практиката, постојат и случаи кога се јавува потреба од дополнителен попис, особено при примопредавањето на должноста на ракувачите на средствата, кога се вршат статутарни промени или слично. Пописот има големо значење, поради општиот и развојниот план за управување на имотот и претставува значаен фактор во планирањето на буџетските приходи и расходи. Сепак, имотот на општината е распространет и е променлив, па општината е должна да ги ажурира промените и да го регистрира својот имот - заедно со тековната регистрација на сите договорни промени.

Имотот е регистриран во општината, во согласност со законот, но за поголема сигурност, пописната комисија треба да врши надзор над него. Пред почнување на пописот, основно правило е да се провери дали секој недвижен имот е впишан во јавната книга при Агенцијата за катастар на недвижности. Активностите во врска со пописот почнуваат со формирањето пописна комисија. Заради успешна работа на комисијата за попис, се изработува план и упатство за подготовки за извршување на пописот.

Состојбата на пописот се искажува со пописни листи. Попрактично е кога пописот се врши на посебни пописни листи (посебни пописни листи за градежните објекти, посебни за земјиштето, посебни за подвижниот имот, посебни за крупниот инвентар и посебни за ситниот инвентар). Попис се врши и на паричните средства. Со попис на паричните средства се опфаќаат сите парични средства што на денот на пописот се наоѓаат на тековните сметки во банките, кои ги има општината, на благајната на општината, како и мениците и акциите што ги има општината.

По завршувањето на пописот, се изработува извештај за извршениот попис. Членовите на општинскиот совет, на една од своите први седници треба да донесат одлука за целосен увид и за постојана контрола на регистарот на општинскиот имот.

Во регистарот на имотот се впишува целиот имот што го има општината (земјиштето, објектите и средствата).

4.4. КАКО СЕ СТЕКНУВА ИМОТОТ

Општината го стекнува имотот од: сопствени извори на приходи утврдени со закон, вршење одредена услужна дејност, финансирање на граѓаните по пат на самопридонес или на друг начин, од подароци, наследство, од донации или според други основи.

4.5. СОЗДАВАЊЕ ИМОТ

Основен принцип при создавање на општинскиот имот треба да биде начелото на рационално искористување на ресурсите.

Општината не смее да создава имот за да го зголемува својот капитал, со оглед на фактот дека изворните приходи ги прибира од граѓаните преку даноци, такси и надоместоци. Доколку создава имот, тој мора да биде во функција на извршување на надлежностите утврдени со закон.

Општината може да купува и да продава имот во согласност со законот. За купување и за продавање на имотот решава Советот на општината. Советот може да го овласти градоначалникот на општината да продава или да купува имот.

Кога постои преглед на имотот со кој се здобила општината, тој може да се зголемува со купување друг имот од правни и од физички лица. Секогаш треба да се настојува да се купи имот што ѝ е потребен на општината, односно што ѝ е потребен за извршувањето на нејзините надлежности.

Општините, општините во градот Скопје и градот Скопје можат да се стекнат со право на сопственост на градежно земјиште од физички и од правни лица по претходно донесена одлука од страна на општинскиот совет. Сопственоста на градежното земјиште на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје вклучува право на градење на земјиштето, користење на земјиштето, право на пренесување на правото на градење на други лица, како и право на отуѓување на градежното земјиште и тоа врз основа на правно дело по претходно донесена одлука од страна на општинскиот совет, или врз основа на судска одлука. Правното дело (договор) го склучува градоначалникот на општината, на општината во градот Скопје и градот Скопје, согласно со Законот за градежното земјиште.

Правото на користење на градежното земјиште наменето за општа употреба и за локалитети од јавен интерес утврдени со закон, кое е во сопственост на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија може да ги пренесе на општините, општините во градот Скопје и на градот Скопје.

Исто така, треба да споменеме и тоа дека средствата што се добиваат од отуѓувањето на градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија се уплатуваат на посебна сметка во рамките на трезорската сметка. Приходите од овие средства се распределуваат во соодност 20 % за Република Северна Македонија и 80 % за општините и општините во градот Скопје, во зависност од местоположбата на градежното земјиште кое е предмет на отуѓување. Средствата од отуѓувањето кои се распределуваат меѓу општините од подрачјето на градот Скопје и градот Скопје, се распределуваат во соодност 50 % за општината на подрачјето на градот Скопје и 50 % за градот Скопје.

Договорите за отуѓување на градежното земјиште кое е сопственост на Република Северна Македонија во име на Република Северна Македонија ги склучува градоначалникот на општината, општината во градот Скопје или на градот Скопје.

4.6. ДАВАЊЕ ИМОТ ПОД ЗАКУП

Општината располага со имот што не го користи за своите активности. Таквиот имот општината може да го дава под **закуп** за одреден период, по пат на јавно наддавање, доколку со закон не е определено поинаку.

Имотот на општината не може да се дава под **хипотека** ако служи за вршење дејност од јавен интерес. Постапките за отуѓување и давање под долготраен и краткотраен закуп на градежно земјиште, сопственост на Република Северна Македонија, во име на Република Северна Македонија ги водат општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, секоја на своето подрачје, по стекнато право на управување со него. Градот Скопје ги води овие постапки доколку градежното земјиште е на подрачје на две или повеќе општини во градот Скопје или доколку тоа е од интерес на градот Скопје, интерес утврден со Законот за градот Скопје. Постапката се спроведува по пат на електронско јавно наддавање, согласно со Законот за градежно земјиште, со претходно дадена објава од страна на Комисијата за спроведување на постапки за јавно наддавање. Комисиите за спроведување на постапки за јавно наддавање задолжително се формираат во општините кои се стекнале со правото на управување со градежно земјиште.

Договорите за давање на градежното земјиште кое е сопственост на Република Северна Македонија под краткорочен или долгорочен закуп во име на Република Северна Македонија ги склучува градоначалникот на општината, на општината во градот Скопје или градот Скопје.

Средствата што се добиваат од закупнината на

градежното земјиште кое е во сопственост на Република Северна Македонија се уплатуваат на посебна сметка во рамките на трезорската сметка. Приходите од овие средства се распределуваат во сооднос 20 % за Република Северна Македонија и 80 % за општините и општините во градот Скопје, во зависност од местоположбата на градежното земјиште кое е предмет на давање под закуп. Средствата од закупнината кои се распределуваат меѓу општините од подрачјето на градот Скопје и градот Скопје, се распределуваат во сооднос 50 % за општината на подрачјето на градот Скопје и 50 % за градот Скопје.

4.7. ЗАШТИТА НА ИМОТОТ

Општината го заштитува имотот од природни и од други влијанија на начин утврден со закон. Заради заштита на имотот, општината треба да преземе соодветни мерки и тоа: навремено одржување на објектите, мерки поради затајување на давачките по однос на закуп на имотот, мерки против корупцијата, мерки против кражбите и оштетувањата, мерки за заштита од природни влијанија и мерки на евиденција на имотот и сл.

Општинскиот имот треба да биде осигурен од ризици. По препорака на Владата на Република Северна Македонија до општините е осигурувањето на имотот да го започнат најдоцна до март претходната година и да го завршат до септември претходната година за следната година.

4.8. СОРАБОТКА МЕЃУ ОПШТИНИТЕ ВО ОБЛАСТА НА ИМОТОТ

Општините меѓусебно соработуваат во областа на имотот, а посебно кога имотот е заеднички и претставува неделива целина. Соработката меѓу општините е од особено важно значење во решавањето на инфраструктурните прашања, како на пр. заедничко инвестирање во изградба на водоводна мрежа, канализациска мрежа, изградба на локални патишта што ги поврзуваат двете соседни општини и слично.

За поуспешна меѓусебна соработка, врз основа на Законот за меѓуопштинска соработка, општините можат да формираат и заеднички јавни претпријатија. Исто така, општините можат да формираат и заедничко јавно претпријатие за услужни и комунални дејности. Бројот на овие јавни претпријатија зависи од големината на општината, односно од населените места. Заради поголем развој на регионот, општините можат да основаат и агенции или асоцијации, посебно во развојот на туризмот и туристичкото посредување. Секако, при формирањето на овие агенции мора однапред да постојат договори во кои ќе бидат утврдени заедничките вложувања, начинот на работењето и поделбата на профитот.

4.9. ОДГОВОРНОСТ ЗА ЗЛОУПОТРЕБА НА СОПСТВЕНОСТА НА ОПШТИНАТА

Контрола на материјалното финансиското работење на општината врши Министерството за финансии. Ревизија над материјалното финансиско работење врши Државниот завод за ревизија. Секое постапување спротивно на одредбите со кои е уредена постапката согласно со законот, и тоа за секој вид имот во сопственост на општината или сопственост на државата, но за права на управување со кои се стекнала и управува општината, претпоставува и соодветна прекршочна или кривична одговорност.

5. ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Во Законот за локална самоуправа, надлежноста во локалниот економски развој изворно е утврдена со членот 22, став 1, алинеја 3:

Член 22

(1) Општините ќе бидат надлежни за вршењето на следниве активности:

3. Локален економски развој - планирање на локалниот економски развој; одредување на развојните и на структурните приоритети; спроведување и извршување на локално-економските активности; поддршка за развој на мали и на средни претпријатија, претприемништво на локално ниво, и во тој контекст учество во установувањето и развојот на локалната мрежа на институции и на агенции; промоција на партнерства.

Локалниот економски развој (ЛЕР) е процес во кој чинителите од јавниот, приватниот сектор (бизнис) и од невладиниот сектор работат заедно и создаваат поволни услови за економски пораст и за отворање нови работни места во единиците на локалната самоуправа, со цел да се подобри квалитетот на животот на луѓето. Локалниот економски развој, всушност, се однесува на луѓето од локалната заедница, кои меѓусебно соработуваат, воспоставуваат и одржуваат динамична претприемачка култура и деловна благосостојба, со цел да се постигне одржлив економски пораст, кој носи економска корист и подобрување на квалитетот на животот за сите во заедницата.

Да се работи на ЛЕР, значи да се работи директно на изградба на економска конкурентност на општината, со цел да се подобри нејзината економска иднина. Локалната самоуправа треба да му даде приоритет на локалното стопанство и на зголемување на неговата конкурентност во економска смисла, бидејќи успехот на локалната заедница ќе зависи од нејзината приспособливост кон пазарното опкружување, кое сè побрзо се менува и во кое конкуренцијата е сè посилна.

Секоја локална заедница има свои единствени локални услови, кои можат да го помагаат или да го отежнуваат нејзиниот економски развој. Овие локални атрибути ги формираат темелите на кои може да се гради стратегијата за ЛЕР, со цел да се подобри конкурентноста на локалните форми на бизнис.

За да се развие конкурентноста, секоја локална власт треба пред себе да ги има предвид сопствените ресурси (природните потенцијали, географската местоположба, инфраструктурата, постојните стопански капацитети итн.), како и предностите и слабостите, со цел да се искористат потенцијалните можности и да се избегнат опасностите на кои е изложена. Треба да се создаде поволна стопанска клима што ќе привлече нови инвестиции, кои ќе создаваат нови работни места, со што ќе се овозможи и развој на локалната заедница во целина.

5.1. ПРВИЧНИ ЧЕКОРИ

Прв чекор на локалните власти е да состават тим за локален економски развој во рамките на локалната заедница. Решението за формирање на тимот го донесува градоначалникот, утврдувајќи го составот, структурата и бројот на членовите на тимот.

Тимот со заинтересираните страни работи на изработување на стратегија за ЛЕР, со цел да се развијат партнерства меѓу приватниот и јавниот сектор. Понекогаш таквите јавно-приватни партнерства можат да се конституираат како автономни или полуавтономни единици за спроведување на стратегиите. Во тој случај, општината ги предводи таквите настојувања преку зацврстување на капацитетот на локалната администрација и на општинскиот менаџмент. Квалификуваната (компетентна и компетитивна) локална администрација е императив за поддршка и за постигнување развој. Токму во овој поглед, Заедницата на единиците на локална самоуправа (ЗЕЛС) им понуди на општините во Република Северна Македонија пристап до еден современ концепт наречен BFC SEE - Business Friendly Certification South East Europe (во послободен превод - Програма за сертифицирање на општини со поволни услови, т.е. пријателски настроени

за развивање на бизнис-активности). Програмата предвидува сертификација на општини, односно процес во кој општините се поддржани во подобрување на нивните услуги и во градење на нивните капацитети за реализирање на локалниот економски развој. На овој начин, на инвеститорите треба да им бидат обезбедени сигурни и вредни информации за општинските услуги и да се овозможи поедноставна и подобра промоција на инвестициите. Располагањето со сертификат значи дека општините исполнуваат одредени стандарди; сертификатот претставува индикатор за сигурност за потенцијалните инвеститори во добивањето услуги и информации за работите и дејностите во надлежност на локалните власти. Секоја општина треба да исполни 10 критериуми и околу 80 поткритериуми кои вклучуваат воведување ефикасни и транспарентни процедури, изработена стратегија за локален економски развој, обезбедени бази на податоци за потребите на бизнис- заедницата и друго. Програмата за сертификација е процес кој ги промовира стандардите и овозможува оценка за квалитетот на услугите и информациите кои ЕЛС им ги дава на стопанствениците. За повеќе информации околу овој стандард Ве упатуваме на следниов линк: http://www.bfc-see.org/. Во овој процес од нашата земја досега беа вклучени општините Велес, Струмица, Град Скопје, Богданци, Гази Баба, Штип и Илинден.

Локалните власти, односно Советот на општината, ги донесува клучните програми, што ќе влијаат во реализација на стратегијата за ЛЕР и тоа:

- Поттикнување на растот на локалното стопанисување преку воспоставување локална мрежа на институции и на агенции за поддршка на мали и на средни претпријатија и поддршка на претприемништвото.
- Промовирање на дуалното образование и поврзување на средните стручни училишта со бизнис-секторот.
- Поттикнување на основање и развој на нови претпријатија преку давање совети, техничка помош, информации, обуки за претприемништво, со што би им се помогнало на поединци и би се охрабриле да почнат нови стопански дејности.
- Промовирање на инвестиции преку привлекување стопански дејности кон локалната заедница од кој било дел на државата или од други држави, давање помош за пристап кон капитални, финансиски извори на средства.
- Инвестирање во значајни инфраструктурни објекти, што е многу битно за ЛЕР и привлекување на инвеститори.
- Советот се вклучува во ЛЕР со донесување програми и одлуки за висината на комуналните такси, што битно ќе влијае на поттикнување на стопански активности. Исто така, ја утврдува и висината на локалните даноци, чиишто износи можат да влијаат стимулативно на ЛЕР.
- Локална и регионална соработка - локалните власти треба да му помагаат на стопанството и да бидат катализатор за собирање на сите актери на локалната и на регионална економија, со цел да се зголеми конкурентноста при заеднички настап на пазарите.
- Низа иницијативи - краткорочни, среднорочни и долгорочни за да се поддржат партнерствата и да се изгради доверба на заинтересираните страни.
- Локалната власт и главните заинтересирани страни треба да го урамнотежат економскиот развој со потребите на околината и со социјалните потреби.
- Воспоставување на советодавното тело (Бизнис-клуб, Бизнис-совет, Социоекономски совет, Совет на градоначалникот за развој на бизнис) кое има функција да ги поврзува деловниот сектор, локалната самоуправа и градоначалникот. Ова тело има големо значење и во поголемиот број случаи ја отсликува атмосферата на деловното окружување во одредена локална самоуправа. Степенот на посветеност од страна на раководството на локалната самоуправа, додека се обидува сите процеси за локален развој да бидат транспарентни и со учество на претставниците на деловниот сектор, докажува дека и идните инвеститори можат да очекуваат инклузи-

вен однос. Консеквентно, ова е доказ дека клучните одлуки ќе се донесуваат многу внимателно и со целосно почитување на сите чинители на локалната заедница.

5.2. СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ

Процесот на стратешкото планирање е континуиран процес на една организација, кој помага да се соочи со неизбежните промени и да си ја предвиди сопствената иднина. Стратешкото планирање се фокусира врз прашањата од критично значење, можностите и проблемите пред кои е исправена една организација или во случајов општината. Тоа дава можност да се видат пореално секојдневните проблеми. Помага да се откријат и да се издвојат вистинските и важни решенија во согласност со временското дејствување.

Стратешкото планирање се фокусира врз процесот на оценување на условите на средината, врз анализа на силните и на слабите страни и врз позицијата на органите на управата за да ги искористат внатрешните предизвици и можности.

Досегашната добра практика укажува на тоа дека ЛЕР секогаш треба да почне со формулирање и со создавање стратегија. Стратегијата за ЛЕР е клучна компонента во процесот на планирање на секоја заедница. Временскиот хоризонт за стратегијата на ЛЕР обично е пет години, со придружни краткорочни и долгорочни производи. Процесот на стратешко планирање на ниво на општината треба да ги има предвид и приоритетите на програмата презентирана од градоначалникот во предизборната кампања, приоритетите на општината, Владата, долгорочните развојни акти и документи на државата и ратификуваните меѓународни договори согласно со Уставот и законите. Во овој контекст многу е важно усогласување на програмите вертикално – координација и кохезиона сила меѓу организациските единици на самата организација, како и хоризонтално – меѓуопштинска соработка со други институции и субјекти.

5.2.1. Чекори во процесот на стратешкото планирање

Процесот на стратешкото планирање се состои од неколку чекори и тоа како што следува:

Идентификување на заинтересираните страни. Заинтересирана страна е секое лице или група, внатре или надвор од организацијата, што бара внимание од општината и што може да придонесе со ресурси или да биде засегната од дадено решение на општината. Вовлекувањето на заинтересираните страни во раната етапа од подготовката на стратегија е многу битно за дефинирање на целите и за поддржување на решенијата. Заинтересираните страни за општинските решенија можат да вклучат различни луѓе и организации: фирми, корисници на услуги, месни организации и граѓански асоцијации. Притоа, главниот темел го сочинуваат знаењата и вештините што секоја група од заинтересираните страни ги носи во процесот за понатаму да произведе корисно, долгорочно, формално јавно/приватно/невладино партнерство или, конечно, ТИМ ЗА ЛЕР.

Анализа на состојбата. Овој чекор вклучува собирање информации за условите во средината и за идните тенденции, со цел да се идентификуваат внатрешните и надворешните фактори што ќе укажат на основните карактеристики на средината и тоа: *демографски податоци – возраст, пол, образование, националност итн.*; *економски карактеристики* – клучни економски сектори, локални инвестиции, деловна клима, приватизацијата, состојбата на општинските претпријатија; *социјални карактеристики* – мрежа на здравствени, образовни, културни установи; *инфраструктура/технички фактори* – состојбата на претпријатијата за комуналните услуги, водоснабдувањето, канализацијата, депониите за цврст отпад, системите за наводнување, патната и железничката мрежа, јавниот превоз, поштата, телекомуникациите, електрификацијата, гасоводната мрежа итн.; *финансии* – локалните извори на финансирање и трансферните средства од буџетот на РСМ; *животна средина* – урбанистичкото уредување на просторот, мерки и активности на животната средина; *нормативни фактори* – промени што ќе влијаат врз општинските одговорности или ресурси.

Анализа на општинските силни и слаби страни, на можностите и на опасностите (СВОТ). СВОТ е алатка со која се определуваат силните и слабите страни, можностите и опасностите и е инструмент што најчесто се користи за анализирање на податоците, со цел да се изработи ком-

петитивна анализа. Во дадениов случај СВОТ може да се користи за процена на економската ситуација во општината, за проценка на состојбата со физичката инфраструктура, состојбата со интелектуалните капацитети на општината итн.

Изработување на општинската визија и мисија. Со визијата се опишува консензусот на заинтересираните страни за посакуваната иднина на заедницата. Со мисијата се врши опис на надлежностите на општината и на целта на нејзиното постоење, всушност приоритетите и целите на општината секогаш треба да произлегуваат од дефинираната мисија.

Утврдување на приоритетите и на генералните цели. Генералните цели се пошироки цели, поконкретни од визијата, но не се толку детални колку специфичните цели. Кога се изработуваат сите неопходни формули за генералните цели, тимот, според стратешкото планирање, ги утврдува приоритетите. Средствата се секогаш ограничени, па затоа е неопходно да се определи кои од генералните цели имаат повисок приоритет од другите.

Дефинирање на специфичните цели. Стратешките специфични цели се детални формулации за тоа како општината ќе ги постигне генералните цели. За секоја генерална цел треба да се определат специфични цели, зашто тие и ќе ја овозможат реализацијата на генералната цел со користење на силните страни, совладување на слабостите и искористување на можностите. Инаку, тие се временски ограничени и мерливи.

Изработување алтернатива. За постигнување специфична цел може да се оди по различни патишта и секој пат ќе има своја различна цена и ефект. Различните можности се разработуваат од поединец или од група.

Избор на стратегија. Во оваа етапа од многуте можни патишта за постигнување на обележаните цели се избира еден, кој се претвора во стратегија на општината. Особено е важно изборот на стратегија да се заснова на јасни критериуми за избор на алтернатива, како на пр. исполнетост, расходи или приходи. Стратегијата треба да стане еден од раководните документи на општината, прифатен или поддржан од администрацијата, партнерските организации и граѓаните. Затоа стратегијата треба да биде поделена со сите заинтересирани страни и треба да помине низ следниве фази:

а) изработување нацрт-верзија на стратегијата и јавна расправа за неа;

б) вградување на забелешките и на предлозите од јавната расправа на стратегијата во предлог-верзија;

в) поставување на предлог-верзијата на стратегијата пред Советот на општината и нејзино усвојување.

Реализација на стратегијата. Спроведувањето на стратегијата е поттикнато со акциските планови за одбраните проекти што имаат поголем консензус на заинтересираните страни, кои, воедно, се и двигатели на самиот процес на реализација. Акциските планови ја одредуваат хиерархијата на задачата, одговорните субјекти, реалниот временски распоред, можните ресурси, очекуваните влијанија и резултати, мерките за остварување и системот за прогрес и за евалуација. Зголемувањето на капацитетите може да биде важен елемент за засилувањето на способноста за поединците и за лицата во самиот развој, со цел да се остварат соодветни резултати. Развојот на техника за добро следење и за евалуација на целокупната стратегија е важен заради квантификување на резултатот, оправдување на трошоците, одредување на потребните подобрувања, како и за усогласување и развој на добрата практика. Одговорностите за спроведувањето на стратегијата треба да бидат јасно распределени меѓу одделите на општината и партнерските организации. Тие се одговорни за изработување конкретни планови за дејствување и за финансиските средства за реализирање на стратегијата.

Оценка и надзор на стратегијата. Важна фаза во стратешкото планирање е создавањето системи за надзор и за оценување со широко јавно учество (вклученост) во реализацијата на генералните и на специфичните цели, вградени во стратегијата за ЛЕР на општината. Набљудувањето е многу важно. Тоа овозможува да се направат корекции доколку напредокот е незадоволителен или доколку условите се изменат. Поставувањето на индикатори за успешност е од суштинско

значење, бидејќи преку нив се мери степенот на реализација на проектите и целокупниот напредок во остварувањето на приоритетите и целите. Многу е важно да се даде отчет за напредокот во постигнување на генералните цели пред јавноста, така што граѓаните ќе можат да видат како работи општината во однос на општите цели. Прегледот треба да ги опфати не само резултатите, туку и самиот процес на спроведување, нивото на учество, динамиката на менувањето на економските (и политичките) односи на локалната економија во рамките на регионот или во рамките на државните и на меѓународните пазари.

5.2.2. Финансирање на стратегијата за ЛЕР

Финансирањето на стратегијата за ЛЕР често е најтешкиот дел од процесот. Една од причините за тоа е што општините вообичаено немаат доволно средства во буџетот за финансирање на програмите и проектите од стратегијата на ЛЕР.

Стратегијата за ЛЕР мора да има буџет или програмите од неа да бидат поврзани со буџетот на општината. На почетокот тој може да биде мал, но со можност за зголемување во иднина. Доколку се покаже и докаже дека средствата се употребуваат ефикасно и ефективно и се покаже дека трошоците што се прават се оправдани, стратегијата ќе добива сè поголема финансиска поддршка.

Во извори за финансирање на иницијативите на стратегијата за ЛЕР може да ги наброиме:

- зголемените приходи од вообичаените извори на финансирање на општината;
- продажба или издавање на имотот на општината;
- трансфери од државниот буџет;
- меѓународни донации и кредити;
- вклучување на приватниот сектор во финансирањето (јавно-приватни партнерства);
- идентификување и користење фондови, особено за заштита на животната средина и за подобрување на човечките ресурси.

Бидејќи стратегијата за ЛЕР е сеопфатна, таа ги опфаќа сите оддели на општината, како и многу други заинтересирани страни. Грижата треба да овозможи функцијата на економскиот развој да е подобро организирана. Заради тоа ЛЕР треба да добие и политичка поддршка. Прво, со иницирање на процесот преку Советот на општината, потоа и со усвојување на изработената стратегија за ЛЕР од страна на Советот на општината.

5.3. ГРАДЕЊЕ ПАРТНЕРСТВА - ЈАВНО-ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО

Централната и локалните власти често имаат ограничени извори на финансиски средства за инвестирање во инфраструктурни проекти и за давање на квалитетни јавни услуги. Со цел да се надмине растечкиот јаз меѓу потребата од инфраструктурни и други капитални проекти и недостигот од финансиски средства, кај јавниот сектор за реализација на тие проекти се користи јавно-приватното партнерство (ЈПП), кое претставува растечки елемент во подобрувањето на јавните услуги. ЈПП најчесто се остварува во обезбедувањето различни видови јавни услуги и инфраструктурни проекти, како што се транспортот (патишта, железници, аеродроми), телекомуникациите, снабдувањето со вода за пиење и третманот на отпадните води, управувањето со отпад, здравството, објектите наменети за образование (училишта, интернати), социјалната заштита, заштитата на животната средина и сл.

За ЕЛС во Република Северна Македонија, јавно-приватните партнерства, како долгорочни стратегиски партнерства со приватниот сектор, се јавуваат во своите зачетоци, така што развојот на проектот, процесот на набавка и менаџментот на договорот можат да претставуваат претежок предизвик, како за општинската администрација, така и за приватниот сектор во земјата. Ова посебно се однесува на тие што ќе бидат назначени за менаџери на проектите на ЈПП и на членовите на комисијата за спроведување на постапката за доделување на договорот. Информираноста за проектниот циклус на еден проект на ЈПП е од особена важност за сите заинтересирани страни, посебно за тие што ги донесуваат соодветните одлуки и решенија во различни фази на проце-

сот, како што се градоначалникот и членовите на Советот на општината.

Во Република Северна Македонија е донесен Закон за концесии и други видови јавно-приватно партнерство, со кој се уредуваат модалитетите и се создаваат можности за вклучување на приватниот сектор во финансирањето на инфраструктурните проекти и давањето на јавните услуги, кои, според досегашното искуство, кај нас, традиционално, се вршат од страна на јавниот сектор.

5.4. НЕКОИ АЛАТКИ ЗА ЛЕР

5.4.1. Профил на заедницата (општината)

Профилот на заедницата е детален опис на заедницата и на средствата што се на располагање, културните, географските, економските и политичките карактеристики на соодветната заедница. Овие податоци ќе помогнат да се добие преглед за градот, областа или регионот, како и за тоа кои се главните трендови. Вклучувањето на претставниците на јавните власти, деловниот сектор и невладините организации при изработувањето на профилот е од клучно значење.

. 5.4.2. Истражување на мислење

Стратешкото планирање треба да се базира врз потребите и интересите на населението во општината. Еден од начините за разјаснување на интересите и мислењата на населението е истражувањето на мислењето.

5.4.3. Анкета за деловната клима

Анкетата претставува многу моќна алатка. Анкетата ги прибира и ги анализира податоците за колективниот и за индивидуалниот став и мислењата на локалните фирми што вработуваат локално население. Анкетата, всушност, претставува прибирање податоци од локалните компании. Овие податоци вклучуваат:

- услови за бизнис, различни прашања, проблеми на заедницата;
- ставот на деловните претставници кон услугите што ги дава локалната самоуправа, прописи, такси и давачки.

5.4.4. Студија за економска оправданост

Студијата за економска оправданост претставува анализа на оправданоста и одржливоста на една идеја. Таа се фокусира да помогне да се одговори битното прашање: Дали треба да пристапиме со спроведување на идејата на предложениот проект? Таа, исто така, претставува документ што обезбедува основа за една инвестициска одлука според предложен проект за развој. Тој треба да вклучи соодветни технички, економски, еколошки, институционални и социјални елементи, кои влијаат врз проектот и ја покажуваат неговата одржливост. Студијата за економска оправданост мора да покаже дека проектот се согласува со Вашите стратегии за развој и со целите, како и со стратегиите и целите на финансиските институции (донаторска организација, централна владина агенција и/или министерство, ИПА или структурни фондови итн.). Како инструмент за донесување одлуки, студијата за економска оправданост е клучен документ врз чијашто основа извесен проект добива финансирање или не, без разлика каде се донесува одлуката за финансирање, во Вашата општина или некаде надвор.

5.4.5. Деловни инкубатори

Во денешни услови на соочување со процесот на децентрализација, локалните власти треба да преземат водечка позиција во развојот на новите форми за развој на ЛЕР и исполнување на стратегијата за ЛЕР. Изградба на претприемачки инкубатори, директна поддршка на почетниот бизнис, поддршка на развојот на сопствените семејни видови бизнис се интересни иницијативи кои воедно претставуваат и алатки врз кои треба да се фокусираат локалните власти во иднина, со цел да обезбедат одржлив развој на заедницата на долг рок.

Генерално, голем е бројот на заинтересирани за отпочнување на свој бизнис, но често тие чувствуваат дека постои недостиг на поддршка во воспоставување и водење на бизнис во првата година од постоењето. Статистиките говорат

дека речиси 90 % од компаниите не успеваат да опстојат во првите 5 години од своето постоење. Оваа статистика е сосема поинаква кога отпочнувањето на една компанија е основана во рамките на бизнис-инкубатор.

Бизнис-инкубаторите имаат важна улога во поддршката на започнатиот бизнис во првата година од постоењето. Тие се дизајнирани да го олеснат создавањето на богатството и активно да придонесат за одржлив социоекономски развој на заедниците и новите економии, и на процесите како: создавање на претприемачка култура и подигнување на свеста, примена и селекција на фирми-станари, регрутирање и обука на менаџерот на инкубаторот и локалните власти, континуирана обука на компаниите во согласност со нивните потреби, евалуација на растот на компаниите преку претходно развиена програма и обезбедување техничка поддршка. Во Република Северна Македонија постојат неколку активни инкубатори и регионални центри за поддршка на секторот на мали и средни претпријатија (МСП). Оваа воспоставена база треба максимално да се искористи од локалните власти при промовирањето и развојот на локално ниво преку кооперативност, приспособливост и реализација на заедничките проекти и партнерства, притоа потенцирајќи ги социјалните и човечките аспекти на економскиот развој.

5.5. ЛЕР - МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

Во голем број од развиените економии, конкурентна база претставуваат малите и средни претпријатија што имаат способност и можност да се вклопат во трошоците, квалитетот и барањата за испорака на големите индустриски капацитети. Основата за ЛЕР во земјите во транзиција лежи токму во развојот на секторот на МСП, но со паралелно поттикнување на развојот на големите индустриски капацитети што овозможуваат апсорпција на голем број невработени од една страна, опстанок и инкубирање на голем број мали и средни претпријатија од друга страна, како и почитување на временската димензија во постигнувањето позитивни резултати.

Посебно би требало да се нагласи потребата од специфична, дефинирана или спроведена индустриска политика и регулативи што се однесуваат на трансферот на технологијата, финансискиот капитал и искористеноста на човечките ресурси, кои се основа за долгорочен економски развој.

Регионите се еден од основните фактори преку кои ЕУ ги спроведува своите проекти за развој на МСП, бидејќи регионите, односно локалните власти, се поблиску до претприемачите и имаат покомплетна слика од националните власти за тоа што им е потребно.

Поголемите овластувања на локално ниво овозможуваат поголема сензитивност за разбирање на потребите на МСП и поголем капацитет за преземање на адекватни акции за поддршка. Децентрализацијата на развојните одговорности вклучува креирање на регионални/локални институции за поддршка на МСП кои ќе претставуваат база во креирањето и во управувањето со развојните политики, при што најадекватно ќе водат сметка за карактеристиките, потенцијалите и потребите на локалната економија.

Досега во Република Северна Македонија беа имплементирани повеќе реформски активности во функција на развојот на претприемништвото и на МСП во следниве области: поедноставување и намалување на даноците, брза и едноставна регистрација на нов деловен потфат, поедноставување на административните постапки, намалување на трошоците и документите за деловно работење (регулаторна гилотина) и олеснување на пристапот до средства за финансирање на инвестициите.

5.6. РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ

Развојот на туризмот, промоцијата на туристичките ресурси и капацитети, освен што се врши преку надлежните институции и организации на национално ниво, е цел и на секоја локална самоуправа. Туристичките потенцијали со кои располага секоја локална самоуправа се составен дел на секој профил на локалната самоуправа, но и мерките и активностите за развој на туризмот во секоја локална самоуправа зафаќаат значителен

дел во стратегиите за локален економски развој и соодветните годишни акциски планови. Покрај ова, општината се фокусира и на креирање и имплементација на соодветни проекти за промоција на земјата како туристичка дестинација, едукација на населението за развој на туристичката дејност и поддршка на развојот на сите алтернативни форми на туризам со иницирање и поддршка на целокупниот развој на туризмот.

Развојот на туризмот оди во прилог на целокупниот социоекономски развој во локалната самоуправа. Токму затоа, од ден на ден општините инвестираат повеќе во овој сектор. Локалната самоуправа се залага за унапредување и промоција на туризмот и професионално презентирање на сите сегменти од туристичката понуда, обезбедување информативен пропаганден материјал за промоција и поддршка на туристичките вредности заради привлекување на што поголем број туристи, како и соработка со туристички организации, комори, асоцијации, здруженија и други институции од областа на туризмот и на угостителството.

Поттикнувањето и поддршката на развојот на туризмот се стимулира и преку ИПА- програмите, а особено значајно за развојот на туризмот е фактот дека ЕУ преку ИПАРД-програмата обезбеди средства во рамките на претпристапната помош за развој на руралниот туризам во Република Северна Македонија.

Од областа ЛЕР и развој на туризмот Ве упатуваме и на одредбите од 6 клучни законски прописи со најновите измени и дополнувања приспособени на светските стандарди за развој на туристичката дејност и угостителската дејност кои определуваат посебни обврски за општините:

- Закон за туристичка дејност;
- Закон за угостителска дејност;
- Закон за такса за привремен престој.

Општините, односно градоначалникот на општината, а во Скопје, градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје, водат посебни регистри и тоа за:

- регистар за физички лица кои вршат туристичка дејност;
- регистар за физички лица кои вршат угостителска дејност, регистар за туристички водичи и туристички придружници;
- регистар за давањето на услугите во селски и етнотуризам и другите видови угостителски услуги од мал обем.

Формата и содржината, како и начинот на водење на регистарот, се пропишани преку посебни правилници. Градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје го информира градоначалникот на градот Скопје за извршениот упис на физичките лица во регистарот, како и пријавувањето од страна на вршителите на туристичката дејност.

Покрај водење на регистрите, во согласност со овие закони општините имаат обврски да водат и евиденција за работното време на вршителите на туристичка дејност и угостителските објекти, како и да водат евиденција за угостители кои започнуваат со работа на објектите што работат на нивното подрачје.

Категоризацијата на угостителските објекти ја вршат комисии за категоризација на угостителските објекти составени од пет члена, кои имаат и заменици. Член во оваа комисија е и претставник од локалната самоуправа на чија територија се врши категоризацијата.

Градоначалникот на општината е надлежен за вршење на категоризација на куќите, становите и собите за издавање од страна на физичките лица и на селските домаќинства. По задолжителната категоризација, се издава и посебна ознака.

Инспекцискиот надзор, во согласност со двата закона, е исто обврска и на општините и на градот Скопје. Инспекцискиот надзор на вршителите на туристичката дејност и на угостителската дејност, регистрирани во регистарот што го води градоначалникот на општината, а во градотСкопје, во регистарот што го води градоначалникот на општината на подрачјето на Скопје, ја вршат овластени инспектори на општината, а во градот Скопје, овластени инспектори на градот Скопје.

Надзор над работата на градоначалникот на општината, а во градот Скопје на градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје во однос на обврските согласно со двата закона, врши органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот и надлежен орган за работите од областа на угостителството.

Друг важен закон од оваа област е Законот за такса за привремен престој. Согласно со овој закон, таксата за привремен престој ја наплаќаат регистрираните трговски друштва или трговец-поединец, како и лицата кои даваат услуги за сместување на туристи и патници кои понатаму ја уплатуваат до 15-тиот ден во тековниот месец за изминатиот месец на сметка на ЕЛС и на сметка на Буџетот на РСМ. Општините, исто така, вршат и надзор над спроведувањето на овој закон и се одговорни, поточно Советот на општината треба да донесе Годишна програма на единиците на локалната самоуправа и Град Скопје за општа туристичка пропаганда и за подобрување на условите за престој на туристите, а ја донесува Советот на единицата на локалната самоуправа и Град Скопје.

Кога сме кај средствата:

- За вршење угостителска дејност во ноќен бар, кабаре, дискоклуб и дискоклуб на отворен простор, мора да се располага со лиценца. Висината на надоместокот од за оваа лиценца ја определува Советот на општината, а за Скопје, Советот на Град Скопје. Надоместокот, 50 % се уплатува на сметка на општината, а во градот Скопје на сметката на Град Скопје, а 50 % се уплатува на Буџетот на Република Северна Македонија.
- Вршителите на угостителската и туристичката дејност 80 % од наплатената такса за привремен престој на подрачјето на единицата на локалната самоуправа уплатуваат на сметка на единиците на локалната самоуправа, а вршителите на угостителската и туристичката дејност 20 % од наплатената такса за привремен престој уплатуваат на сметката на Буџетот на Република Северна Македонија. Во градот Скопје, 80 % од таксата за привремен престој наплатена на подрачјето на ГрадСкопје, наплатувачот на таксата ја уплатува на сметка на Град Скопје, а 20 % на сметката на Буџетот на Република Северна Македонија.
- Средствата прибрани од изречените глоби од општинските овластени инспектори се слеваат во општинскиот буџет, односно во буџетот на Град Скопје.

6. ГРАДЕЊЕ, ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ

Единиците на локалната самоуправа во Република Северна Македонија имаат свои изворни надлежности во областа на урбанизмот, просторното планирање, управувањето со градежното земјиште и издавањето на одобренија за градење. **Овие изворни надлежности на општините во Републиката им се гарантирани со четири клучни прописи и тоа: Законот за урбанистичко планирање, Законот за градење, Законот за градежното земјиште и Законот за катастар на недвижностите.**

1. ГРАДЕЊЕ

Градењето е широк поим кој претставува процес (соодветно регулиран со закон) на изработка на проектна документација, изградба на нова градба, доградба и надградба на постојна градба, реконструкција и адаптација на постојната градба што опфаќа земјени работи, изведување на градежна конструкција, вршење на градежно инсталатерски работи и градежно завршни работи, вградување постројки или опрема и други работи со кои се оформува целината на градбата, но и вршење на подготвителни работи и изведување на претходни работи.

Од друга страна, со поимот градба се опфаќа сѐ што настанало со изградба и е поврзано со земјиштето, а претставува физичка, техничко-технолошка и градежна целина заедно со изградените инсталации, односно опрема. Вака дефинираниот поим на градба претпоставува и обврска за нејзино запишување во јавните книги во Агенцијата за катастар на недвижностите и тоа запишување на градбата и соодветните права врз неа и запишување на правата на земјиштето оптоварено со градбата.

Учесници во изградбата се: носителот на правото на градење и правни лица кои ги вршат работите на проектирање, ревизија, изведување и надзор над изградбата. Целокупниот процес на градба започнува со добивање на одобрение за градење, доградба, надградба, одобрение за адаптација, пренамена, реконструкција итн.

Постојат и градби за кои не се издава одобрение за градење, но за нив во пропишана постапка се издава решение.

Во Република Северна Македонија големо значење се посветува на инвеститорите, а под инвеститор, како што е дефинирано во Законот, се подразбира секој носител на правото на градење кој може да биде правно или физичко лице - сопственик на земјиштето на кое се гради градбата, лице кое стекнало право на долготраен закуп на градежно земјиште, концесионер, носител на правото на службеност заради градба, лице на кое сопственикот на земјиштето или носителот на правото на долготраен закуп на градежно земјиште му го пренел правото на градење со правно дело и лице кое се стекнало со право на градење со решение на стечаен судија при продажба на правото на градење во стечајна постапка.

Инвеститорот е должен проектирањето, ревизијата на проектите, изградбата и надзорот над изградбата на градби, да го даде на правни лица кои ги исполнуваат условите пропишани со Законот. Процесот на градба се смета за развоен процес, особено за единиците на локалната самоуправа, а особено изградбата на стопански градби кои претпоставуваат повеќе идни работни места и раст на локалната економија. Со градењето настанува и мобилизација на капитал и ресурси со што се помага локалниот економски развој. Токму затоа секоја општина поединечно, но и државата со посебни мерки се труди да привлече и да стимулира што поголем број на инвеститори кои би инвестирале во градежниот циклус. Тенденција е со законодавството да се обезбедат што поедноставни и изедначени постапки на добивање одобрение за градење, постапки што ќе траат кратко и што нема да бараат голем обем на докази кои тешко ќе може да се прибаваат. Исто така, голем акцент во законодавството во оваа област се посветува и на бројот на постапките што ќе ги преземе надлежниот орган во корист на инвеститорот, за да го ослободи од обврската тој да води повеќе истовремени постапки пред

повеќе различни органи, за да може да добие одобрение за градење. Ефикасноста на администрацијата е клучна во овој контекст, која треба во пропишана постапка според претходно утврдени обрасци на акти и списи да постапува во постапката за издавање на одобрение за градење во корист на инвеститорот.

Согласно со прописите, целокупната постапка на издавање одобрение за градење, доградба и надградба и останатите постапки утврдени со Законот за градење, и тоа почнувајќи од поднесување на барањето, преглед на документацијата и доказите од страна на надлежниот орган, донесувањето на акти и списи во постапката, како и плаќање на надоместокот за уредување на градежното неизградено земјиште, се одвива исклучиво на електронски начин и врз основа на електронски акти и списи. За оваа цел е развиен посебен информациски систем, поставен на интернет-страницата www.gradezna-dozvola.mk, воспоставен при ЗЕЛС кој тековно се развива, одржува и се надградува.

Преку овој информациски систем се поднесуваат сите барања утврдени со Законот за градење, се спроведуваат жалбените постапки до второстепените органи, се спроведува постапката на поведен управен спор пред надлежниот Управен суд, како и жалбената постапка пред Вишиот управен суд и сè е исклучиво на електронски начин.

За добивање одобрение за градење потребно е до надлежниот орган да се поднесе заверен основен проект кој е изготвен од страна на овластен архитект и овластен инженер со стекнати овластувања, кои во пропишана постапка ги издава Комората на овластени архитекти и инженери. Правното лице кое се стекнало со овластување од областа на проектирањето, исто така, ја заверува проектната документација. Проектната документација, пред да биде поднесена до надлежниот орган, мора да биде ревидирана од страна на овластен ревидент кој ја заверува и составува извештај за ревизија.

Инвеститорот е должен да достави и доказ за правото на градење, што претставува право на сопственост врз градежното земјиште или доказ за постоење на друго правно дело со кое се докажува ова својство. Исто така, инвеститорот треба да достави и извод од важечка урбанистичко планска документација и геодетски елаборат за параметрите на градежната парцела, како доказ дека на предметното земјиште може да се гради бараната градба, дека таа може да се гради во предвидените параметри и дека градбата ќе биде приклучена на соодветната инфраструктура. Целокупната документација и овие наведени докази инвеститорот ги обезбедува во електронски облик и како такви ги поднесува во информациското систем „е-одобрение за градење“.

По приемот на барањето, надлежниот орган во целост ја прегледува проектната документација и доколку таа е комплетна, ја доставува на увид на субјектите кои согласно со законот се должи да дадат свое мислење по истата. Станува збор за субјектите кои се надлежни за развој, изградба и одржување на инфраструктурата, односно, водовод, канализација, електрична енергија, гасовод итн. Овие субјекти може да дадат свои забелешки на проектната документација, по што органот го известува барателот и му дава рок од 5 дена истите да ги усогласи.

Кога нема забелешки за проектната документација, службеникот во надлежниот орган го доставува предметот преку информациското систем до соодветните службени лица кои вршат пресметка за уредувањето на градежното земјиште. Преку системот, на електронски начин, пресметката се доставува до барателот, кој има рок од 15 дена да изврши уплата на надоместокот. Инвеститорот може да склучи и договор за уредување на градежното земјиште, со кој ќе се утврди дека самостојно ќе го уреди градежното земјиште, во кој случај нема да плаќа надоместок, или дека надоместокот ќе го плаќа на рати.

Штом ќе го плати надоместокот во целост или делумно, во согласност со склучениот договор, предметот повторно се враќа во постапка на издавање одобрение за градење. Одобрението за градење се издава, но надлежниот орган ги известува сите непосредни соседи на градежната парцела за издадениот акт кои имаат рок од 15 дена да извршат увид и евентуално да вложат

жалба против него. По истекот на овој рок, одобрението за градење станува правосилно и во тој момент започнува да тече рокот по обврската на надлежниот орган да изврши прибележување и предбележување на градбата во јавните книги при Агенцијата за катастар на недвижности.

Инвеститорот е должен во рок до 2 години од денот на одобрението за градење да започне со градба и за тоа да го извести надлежниот орган со едностранo известување во кое ќе наведе податоци за субјектот или лицето кое ќе врши надзор и за изведувачот на градбата. Во спротивно, по истекот на рокот за започнување со градба, одобрението за градење е ништовно и за ова се води посебна постапка.

Откако градбата ќе се изгради и за тоа ќе се поднесе извештај за технички преглед од страна на надзорниот инженер, заедно со соодветен елаборат за етажен премер на градбата, органот е должен елаборатот да го запише во Агенцијата за катастар на недвижностите.

2. УПРАВУВАЊЕ СО ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Со донесувањето на плановите настанува ГРАДЕЖНОТО НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ!

Тоа е земјиштето што е планирано со урбанистички план или урбанистичка планска документација, додека **градежна парцела** е дел од градежното земјиште чиишто граници се утврдени со урбанистички план или урбанистичка планска документација предвидени со Законот за урбанистичко планирање. Градежната парцела може да се состои од една или од повеќе катастарски парцели или од делови на катастарски парцели, и е утврдена со урбанистички план или урбанистичка планска документација.

Управувањето со градежното земјиште значи располагање (отуѓување и давање под закуп) по пат на непосредна спогодба или по пат на јавно наддавање, а во сопственост на Република Северна Македонија со своја намена. Градежното земјиште е добро од општ интерес за Републиката и ужива посебна заштита, додека уредувањето на градежното земјиште е дејност од јавен интерес. Со ова начело доволно се утврдува дека постојано треба да се прави баланс помеѓу приватниот наспроти јавниот интерес утврден преку градежното земјиште. Правото на сопственост врз градежното земјиште, по спроведен процес на отуѓување и давање под закуп кога станува збор за градежно земјиште сопственост на Републиката или општината, се остварува единствено во согласност со намената, а самата намена на земјиштето го претставува јавниот интерес кој директно значи остварување и на надлежноста на локалниот економски развој. Важно е да се има предвид дека градежното земјиште може да биде во сопственост на Републиката, во сопственост на општините, општините во градот Скопје и на градот Скопје, како и во сопственост на домашни и странски физички и правни лица.

Со оглед дека градежното земјиште е дефинирано како добро од општ интерес, Републиката и единиците на локалната самоуправа должно водат сметка за остварувањето на правото врз него, имајќи предвид дека по неговото отуѓување или давање под закуп земјиштето мора да се користи согласно со намената и останатите услови утврдени со Законот, а во спротивно тие имаат право да го ограничат правото врз ова земјиште кон субјектот кој го стекнал или го закупил.

Стекнување со правото на единицата на локалната самоуправа да управува со градежното неизградено земјиште

Со оглед на утврдената природа на градежното земјиште како добро од општ интерес, располагањето со него претставува систем на претходно исполнување на неколку услови утврдени со Законот од страна на секоја единица на локалната самоуправа и тоа:

1. да имаат изготвено и усвоено ЕДНОГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАСПОЛАГАЊЕ СО ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ,
2. да имаат потребен број на вработени лица што поседуваат соодветно овластување,
3. да имаат формирано комисија за спроведување на постапки за јавно наддавање и

4. да имаат воспоставено електронски систем за водење на постапките.

Потребниот број на вработени лица што поседуваат овластување, се утврдува во зависност од бројот на жителите на општината.

За исполнетоста на условите утврдени со Законот, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје поднесуваат барање до органот на државната управа надлежен за вршење на работите што се однесуваат на управувањето со градежното земјиште во сопственост на Републиката, со потребни докази дека се исполнети условите.

Заради зголемување на процесот на транспарентно и непристрасно оценување на доказите за исполнетоста на условите од страна на секоја општина, како и заради контрола врз донесување на одлуката за пренесување на оваа надлежност врз општините, формиран е Комитет за градежно земјиште. Комитетот има својство на советодавно и координативно тело. Единствено по претходно добиено мислење од Комитетот, на Владата на Република Северна Македонија ѝ се предлага да донесе одлука за вршење на работите за располагање со градежно земјиште за општината која ги исполнила условите согласно со Законот. Дури и при одземањето на надлежноста од поединечна општина која престанала да ги исполнува потребните услови за располагање со градежното земјиште, задолжително се претпоставува претходно мислење од Комитетот за градежно земјиште.

Овластување на државните службеници

Спроведувањето на постапките кои се однесуваат на отуѓување и давање под закуп на градежното земјиште, во општините, општините во градот Скопје и во градот Скопје, може да ги врши само државен службеник од редот на раководните или стручните државни службеници, кој посетувал почетна обука за добивање на овластување и се стекнал со овластување. Со ова се утврдува дека со процесот на стекнување со овластување на државните службеници се претпоставува организирање на почетна обука за добивање на овластување и полагање на испит. Организирањето и спроведувањето на почетни обуки на кандидатите, полагање на испит за добивање на овластување, како и постојано и континуирано стручно усовршување на државните службеници вработени во единиците на локалната самоуправа кои се стекнале со овластување, го врши Комисија за следење на процесот на организирање и спроведување на обука и спроведување на испит за стекнување на овластување, која ја формира министерот. Техничка поддршка на работата на оваа комисија врши ЗЕЛС. Со положениот испит државните службеници се стекнуваат со овластување кое го издава министерот за транспорт и врски, а овластувањето важи 5 години.

Годишна програма за располагање со градежното земјиште

Мошне значаен услов за остварување на оваа надлежност е секоја општина да има усвоено едногодишна програма за располагање со градежното земјиште. Програмата содржи податоци за градежната парцела, која се предвидува да биде јавно објавена на продажба во тековната година, нејзината намена, простор, квадратура и урбанистичко-планската документација со која е утврдено градежното земјиште. По стекнување со правото да управува со градежното земјиште, општината може да располага само со градежното земјиште утврдено во програмата, но за обемот и тоа што сè ќе се опфати со програмата, самостојно одлучува Советот на општината.

Комисија за спроведување на постапки за јавно наддавање

За да се стекне со правото да управува со градежното земјиште, општината мора да има формирано Комисија за спроведување на постапки за јавно наддавање за отуѓување и давање под закуп на градежното земјиште утврдено со програмата. Комисијата мора да биде составена од најмалку 3 члена (а може неограничено многу) од кои 2/3 се државни службеници кои се стекнале со овластување преку процесот опишан претходно. Во Комисијата може да членуваат и надворешни лица, но принципот за две третини од членовите на Комисијата да имаат овластување и натаму мора да се применува.

Информациски систем, е-градежно земјиште

Во согласност со законот, сите постапки утврдени со Законот за градежното земјиште, што значи постапките за отуѓување по пат на непосредна спогодба, отуѓување по пат на јавно наддавање и постапките за давање под закуп на градежното земјиште се спроведуваат исклучиво и во целост на електронски начин. Овие постапки се спроведуваат преку единствен информациски систем е-градежно земјиште кој, во својство на администратор, го воспоставува, тековно го одржува и го надградува ЗЕЛС. Општината што ја презела надлежноста во согласност со пропишаните услови, веднаш и без одлагање добива пристап до овој информациски систем за да може да ја врши надлежноста во целост. Во информацискиот систем се постапува со соодветно постапување по фази на предметот, кога се врши електронско потпишување на актите и списите во постапката, како и самата фаза на постапувањето. Во информацискиот систем се вклучени и други надлежни органи и лица со овластување, како што се Државното правобранителство на Република Северна Македонија и сите нотари, во согласност со нивната надлежност на одредено подрачје.

Тек на постапката

Постојат два вида постапки што се спроведуваат преку овој информациски систем и тоа постапка на отуѓување на градежното земјиште по пат на јавно наддавање, закуп и стекнување со право на службеност и право на користење и постапки на оттуѓување по пат на електронско јавно наддавање.

А. Отуѓување по пат на непосредна спогодба

Постапката за отуѓување по пат на непосредна спогодба започнува со поднесување на барање од страна на секое физичко и правно лице кое има правен интерес и кое ја доставува целосната документација (сите докази) во електронски облик преку информацискиот систем е-градежно земјиште. Предметот електронски се архивира и се распределува до службеникот, кој понатаму електронски го обработува. Надлежниот орган, преку системот, ја доставува комплетната документација на задолжително мислење до Државното правобранителство, кое дава свое мислење или, доколку се констатирани недостатоци, доставуваа соодветно укажување. Со позитивно мислење се донесува решение за отуѓување со елементи утврдени со закон со што се утврдува и висината на надоместокот за отуѓување, а откако ќе се изврши уплатата се пристапува кон склучување на договор. Договорот се склучува на електронски начин и се доставува до Даночното одделение, заради утврдување на висината на данокот на промет на недвижноста согласно со Законот за даноците на имот. По плаќањето на утврдениот износ на данокот, барателот е должен во рок од 30 дена да избере овластен нотар соодветно на подрачјето каде што се наоѓа предметното земјиште. Нотарот ја спроведува постапката на солемнизација на договорот и го спроведува со запишување на правото на сопственост на име на барателот во јавните книги.

Б. Отуѓување по пат на електронско јавно наддавање

Оваа постапка започнува со објавување во дневните весници, но со истовремено поставување на објавата и во електронскиот систем е-градежно земјиште. Од денот на објавата, согласно со условите утврдени во неа, секое физичко и правно лице може да поднесе пријава за учество на јавното наддавање. Со објавата се утврдени сите потребни податоци и параметри на соодветната градежна парцела, како и условите и докажите потребни за учество во јавното наддавање. Комисијата на општината која ја споредува постапката е должна да ги разгледа поднесените пријави за учество заедно со придружните докази и да оцени дали тие го исполнуваат условот утврден со самата објава. Комисијата може да го прави тоа единствено во рок до 24 часа пред почетокот на јавното наддавање, заради заштита на учесниците од која било форма на притисок или заради договарање пред јавното наддавање. Објавата може да се однесува за една или за повеќе градежни парцели, предмет на отуѓување, но за секоја градежна парцела, комисијата спроведува посебни и издвоени постапки. На денот и времето на одржување на јавното наддавање, учесниците чии пријави биле одобрени, имаат можност да дадат цена повисока од почетната

цена сè додека во последните две минути не била дадена друга понуда кога постапката завршува. Сè додека во последните две минути не се даде нова понуда од некој од учесниците, постапката трае неограничено долго. По завршувањето на јавното наддавање, се составува записник против кој е дозволен приговор за текот на јавното наддавање во рок од 3 дена од денот на приемот. Доколку не е вложен приговор, комисијата е должна во рок од 3 дена од денот на истекот на претходниот рок да достави предлог-договор со целокупната документација со надлежниот државен правобранител поради барање на согласност. Откако државниот правобранител ќе даде позитивно мислење, на најповолниот понудувач му се доставува известување за обврската да ја плати постигнатата цена во рок од 15 дена. Откако цената е платена, се пристапува кон склучување на договорот на електронски начин, за потоа да се достави до Даночното одделение заради пресметка на данокот на промет на недвижност за предметното земјиште. Откако утврдениот износ на данок ќе биде исплатен, најповолниот понудувач е должен да избере надлежен нотар заради солемнизација на договорот. Солемнизираниот договор нотарот го спроведува со промена на правото на сопственост во корист на најповолниот понудувач во јавните книги.

3. УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ

Системската и хиерархиската уреденост на урбанистичкото планирање во системот на просторното и урбанистичкото планирање, целите и начелата на урбанистичкото планирање и уредувањето на просторот, видовите и содржината на урбанистичките планови, условите за вршење на работите од областа на урбанистичкото планирање, постапките за изработување, донесување и спроведување на урбанистичките планови, надзорот над спроведувањето на постапките се уредени со Законот за урбанистичко планирање. Плановите од системот на просторно и урбанистичко планирање се хиерархиски и хоризонтално усогласени, при што просторниот план на Република Северна Македонија, заедно со просторните планови на региони, просторните планови на подрачја од посебен интерес и просторните планови на општините и градот Скопје се планови од повисоко ниво на планирање од урбанистичките планови. Деталните урбанистички планови се планови од пониско ниво на планирање од генералните урбанистички планови и треба да се во согласност со генералните урбанистички планови, додека соседните планови се планови од исто ниво на планирање, кои мора да се меѓусебно хоризонтално усогласени. Во системот на донесување и спроведување на плановите, пред сè мора да се води сметка за јавниот интерес. Во просторот опфатен со урбанистичките планови, јавен интерес е уредувањето и хуманизацијата на просторот, заштитата и унапредувањето на животната средина и на природата, како и зачувувањето на природните и културните вредности на просторот.

Видови урбанистички планови

Во зависност од опфатот на урбанистичкото планирање, како и од тоа дали предметот на планирањето е од државно или од локално значење, се донесуваат следниве урбанистички планови:

1. Генерален урбанистички план
2. Детален урбанистички план
3. Урбанистички план за село
4. Урбанистички план за вон населено место
5. Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење.

Сите планови се од локално значење, освен Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење, кој како што кажува и неговиот назив, е план од државно значење. Советот на Град Скопје донесува генерален урбанистички план на градот Скопје, додека Советот на општината во градот Скопје донесува:

1. Детален урбанистички план
2. Урбанистички план за село
3. Урбанистички план вон населено место.

Советот на општина со седиште во град донесува:

1. Генерален урбанистички план
2. Детален урбанистички план
3. Урбанистички план за село
4. Урбанистички план вон населено место.

Советот на општина со седиште во село донесува:

1. Урбанистички план за село
2. Урбанистички план вон населено место.

Владата на Република Северна Македонија донесува урбанистички план за подрачја и градби од државно значење согласно со постапката утврдена во членот 30 од овој закон.

Фази на изработка и донесување на урбанистички планови

Генералниот урбанистички план и деталниот урбанистички план, како и нивните изменувања и дополнувања, по правило се изработуваат и донесуваат во две фази, како нацрт-план и предлог-план. Урбанистички план за село, урбанистички план за вон населено место и урбанистички план за подрачје и градби од државно значење, по правило се изработуваат и донесуваат во една фаза, како предлог-план. Органот надлежен за донесување на плановите може да одлучи урбанистичкиот план да го изработи и донесе во две фази, како нацрт-план и предлог-план, во случаите кога се работи за важен, сложен и обемен плански опфат или измена и/или дополнување. Планирањето на просторот се врши за одреден плански период, кој служи за пресметување на идните потреби за просторен развој и за предвидување на програмските параметри на просторниот развој во постапката за изработување и спроведување на плановите. Планскиот период е време за кое се прави проекција на сите состојби и развојни тенденции врз основа на податоците собрани во базната година на отпочнување со изработка на урбанистички план и временски период за кој се очекува урбанистичкиот план да се реализира.

Планскиот период изнесува десет години за генерален урбанистички план, урбанистички план за село и урбанистички план за подрачја и градби од државно значење, додека планскиот период изнесува пет години за детален урбанистички план и урбанистички план за вон населено место. Во рамите на планскиот период еднаш годишно се изработува и планска анализа за реализацијата на планот и за потребата од негово унапредување. Урбанистичкиот план е на сила до донесување на нов урбанистички план, но тој може да биде и суспендиран доколку се докаже дека постои несомнена штета по јавниот интерес што е воочена во текот на спроведувањето на планот, која би се зголемувала со неговото спроведување.

Постапката на донесување ја спроведува комисија, а во постапката е задолжителна консултација и партиципација со јавноста, учество на планери со соодветна лиценца за планирање на просторот, како и вклученост на сите иматели на јавни овластувања и други субјекти што располагаат со податоци за планирање на просторот вклучени во изработка на документациската основа на планот.

Целокупната постапка на донесувањето на урбанистичките планови се врши на електронски начин, преку користење на единствениот информациски систем е-урбанизам со кој управува Министерството за транспорт и врски во својство на администратор, а со користење на графичкиот регистар на градежно земјиште воспоставен при Агенцијата за катастар на недвижности.

ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРАВАТА ВО ЈАВНИТЕ КНИГИ

Во постапките на управување со градежното земјиште, донесување на урбанистички планови и урбанистичко-планска документација, издавање одобрение за градење, општината како надлежен орган е должна да изврши запишување на правата врз објектите и земјиштето во јавните книги, при Агенцијата за катастар на недвижности. За оваа цел при АКН е воспоставен посебен „е-кат", „е-шалтер систем", како и графички регистар на градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија.

Секоја општина има склучен посебен договор за користење на услугите на Агенцијата за катастар на недвижностите, со што ѝ е овозможен пристап до сите бази на податоци заради електронско спроведување на постапките на запишување на правата, запишување на податоците со кои располагаат и издавање на исправи (Имотен лист, Уверение за историски преглед на земјиштето итн.).

7. КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ

Надлежност на општините претставува организирањето и спроведувањето на комуналните дејности утврдени со Законот за комуналните дејности, со кој, исто така, се уредува и начинот на вршење на комуналните дејности, финансирањето на комуналните дејности, финансирањето на изградбата и одржувањето на објектите на комуналната инфраструктура и други прашања од значење за комуналните дејности, како дејности од јавен интерес.

Законот ги утврдува комуналните дејности како стопански дејности на давање комунални услуги за задоволување на потребите на физички и правни лица за кои единиците на локалната самоуправа треба да обезбедат услови во соодветен обем, квалитет, достапност, континуитет и надзор над нивното вршење. Следствено, се утврдува правото како давател на комуналната услуга да биде јавно претпријатие основано од општината, општините во градот Скопје и градот Скопје или Владата на Република Северна Македонија или правно и физичко лице кое поседува дозвола за вршење на комунална дејност.

Со посебни акти на општината се уредува постапувањето со урбаната опрема под која се подразбираат предмети и објекти кои служат за давање на комунална услуга за заедничка потрошувачка. Во комунална опрема влегуваат: фонтани, споменици, клупи, рекламни паноа, градски чешми, часовници, опрема за детски и други игралишта, садови за отпад, опрема за постојки и друго.

Објектите на комуналната инфраструктура се добра од јавен интерес и под нив се подразбираат градежни објекти, инсталација, опрема, јавни површини и други објекти на комуналната инфраструктура кои служат за давање на комунални услуги на корисниците.

Поблиските услови и начинот на давање на комуналните услуги се уредуваат со Одлука за комунален ред како акт на Советот на општината, општините во градот Скопје и градот Скопје.

КОИ ДЕЈНОСТИ СЕ СМЕТААТ ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ?

1) ВОДА ЗА ПИЕЊЕ И ТЕХНОЛОШКА ВОДА, комунална дејност под што се подразбира зафаќање, обработка и дистрибуција на вода преку водоснабдителниот систем до главниот водомер на корисникот на услугата

Карактеристика на оваа комунална услуга е што давателот на услугата е должен на корисниците на услугата да им обезбеди трајно и непрекинато снабдување со здравствено исправна и чиста вода за пиење преку изграденот водоснабдителен систем. Давателот на услугата е, исто така, должен да врши испитување на здравствената исправност на водата за пиење на пропишан начин и постапка.

2) ИЗГРАДБА НА КАНАЛИЗАЦИСКИ СИСТЕМ, ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ, под што се подразбира прифаќање на отпадни води од станбените, деловните, производните, административните и од други објекти, агломератот од приклучокот на дворната мрежа преку канализациските системи, пречистување во пречистителни станици и испуштање на отпадните води во реципиентот

Одведувањето на урбаните отпадни води претставува собирање на отпадните води од станбените, деловните, производните, административните и на нив слични простори во агломерат, од приклучокот на дворната мрежа, одведување со улична канализациска мрежа, пречистување во пречистителни станици и испуштање на отпадните води во реципиентот.

3) ИЗГРАДБА НА КАНАЛИЗАЦИСКА МРЕЖА, ОДВЕДУВАЊЕ И ИСПУШТАЊЕ НА АТМОСФЕРСКИ ВОДИ, под што се подразбира прифаќање на атмосферските води од урбаните површини, одведување со канализациска мрежа и испуштање во реципиентот

Изградба на водоснабдителен и канализациски систем се врши на начин и услови определени со закон и со Програмата за уредување на градежното земјиште на општината и Програмата за уредување на градежното земјиште на градот Скопје.

Реконструкција или доградба на водоснабдителен и канализациски систем или на дел од нив се врши по претходно издадени хидротехнички услови од давателот на услугата, во согласност со Програмата за уредување на градежното земјиште на општината и Програмата за уредување на градежното земјиште на градот Скопје.

Заради заштита и спречување на оштетување на водоснабдителен и канализациски систем НЕ Е ДОЗВОЛЕНО неовластено стопанисување со водоснабдителниот и канализацискиот систем од страна на физички и правни лица, изградба на станбени и други објекти над водоводната или канализациската мрежа, приклучување на водоводна и канализациска мрежа без одобрение за приклучување и без склучен договор, бесправно користење на вода пред водомер, испуштање на цврсти материи и други материи со поголем вискозитет во канализацискиот систем, испуштање на урбани отпадни води од септички јами и отпад, самоволно демонтирање и монтирање на водомери и водоводни арматури без согласност на давателот на услугата и вршење на други активности со кои ќе се наруши нормалното функционирање на системот.

Средства за изградба и одржување на водоснабдителен и канализациски систем се обезбедуваат од:

- цената на услугата;
- буџетот на општината и на градот Скопје утврдени со буџетот врз основа на програма;
- буџетот на Република Северна Македонија врз основа на Одлука за распределба на средствата донесена од Владата на Република Северна Македонија;
- кредити и донации.

4) ЈАВЕН ОПШТИНСКИ ПРЕВОЗ, под што се подразбира превоз на патници во патниот сообраќај на подрачјето на општината

Превозот во патниот сообраќај се врши врз основа на издадени лиценци, меѓу кои лиценца за општински линиски превоз на патници, односно за линиски превоз на патници за градот Скопје која ја издава градоначалникот на општината.

Лиценцата се издава врз основа на услови утврдени со закон.

Општината, односно Град Скопје, се должни да прибираат, обработуваат, чуваат и користат податоци потребни за издавање на лиценци за општински линиски превоз на патници или за автотакси превоз на патници. Содржината на евиденцискиот регистар е пропишана со закон.

Превозот на патници во внатрешниот патен сообраќај може да се врши како линиски превоз, слободен и посебен превоз на патници и превоз на патници за сопствени потреби. Јавниот превоз на патници во внатрешниот патен сообраќај може да се врши како општински линиски превоз, меѓуопштински линиски превоз, слободен превоз, посебен линиски превоз, автотакси превоз, како и превоз на патници за сопствени потреби.

Општински линиски превоз на патници се врши врз основа на дозвола за определена линија што ја издава градоначалникот на општината, односно градоначалникот на градот Скопје за подрачјето на градот Скопје. Превозникот што има лиценца за вршење на општински линиски превоз на патници, може да започне со вршење на превоз откако ќе добие дозвола и ќе регистрира возен ред за определена линија кај градоначалникот. Дозволата и возниот ред се издаваат со рок на важење од пет години.

При утврдување на општинскиот линиски превоз на патници треба да се води сметка за: поврзаноста меѓу меѓуопштинскиот превоз и општинскиот линиски превоз на патници и меѓусебната поврзаност на општински превоз на патници со другите видови превоз.

Во општини со над 100 000 жители, општината е должна да организира општински линиски превоз на патници, како јавна служба.

Качување и слегување на патници во општинскиот линиски превоз се врши на автобуските стојалишта, согласно со утврдениот и регистриран возен ред.

Советот на општината, освен советите на општините од градот Скопје, го уредуваат општинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на општината, а линискиот превоз на патници на подрачјето на сите општини на градот Скопје, го уредува Советот на Град Скопје.

Една или повеќе општини со седиште во село со општина со седиште во град, утврдени со закон кон која гравитираат, можат заеднички да го организираат вршењето на меѓуопштинскиот линиски превоз на патници, со обврска да го запазат временскиот интервал на станиците од делот на заедничката траса на одобрените возни редови за меѓуопштински линиски превоз при склучувањето на спогодбата.

Со определување на видовите патишта и улици, се претпочита примена на голем број урбанистички, архитектонски, сообраќајни, технички и други стандарди кои се утврдени врз основа на закон, а кои се задолжителни за остварувањето на оваа комунална дејност од страна на единиците на локалната самоуправа. Работите на изградбата, реконструкцијата, рехабилитацијата, одржувањето и заштитата на општинските патишта ги вршат општините, односно Град Скопје. Изградбата на општински пат може да ја врши, покрај општината или Град Скопје, и друг инвеститор, по добиена согласност од општината или од Град Скопје. По изградбата, општинскиот пат се запишува во сопственост на Република Северна Македонија. Изработка на проектната документација за изградба и реконструкција на општинските патишта, покрај општината или Град Скопје, може да врши и друг инвеститор, по добиено позитивно мислење од општината или од Град Скопје, кој по изработката, три примероци од ревидираната проектна документација доставува до општината или до Град Скопје.

Советот на општината донесува годишна програма за изградба, реконструкција и рехабилитација на општински патишта.

5) СОБИРАЊЕ И ТРАНСПОРТИРАЊЕ НА КОМУНАЛЕН ОТПАД И ДРУГИ ВИДОВИ НЕОПАСЕН И ИНЕРТЕН ОТПАД, под што се подразбира собирање, селектирање, транспортирање и депонирање на уредени депонии

Собирањето и транспортирањето на комуналниот отпад, одржувањето на јавната чистота и третманот на комуналниот отпад, како и ракувањето и одржувањето на местата за селективно собирање на комуналниот отпад, претставуваат јавни услуги од локално значење.

Советот на општината и Град Скопје, на предлог на градоначалникот и во согласност со принципот на универзалност на услугата, ќе ги пропишат условите, начинот и шемите за собирање и за транспортирање на комуналниот и на другите видови неопасен отпад, како и постапките за издвојување на опасните компоненти од комуналниот отпад, а особено подрачјето и условите што треба да ги исполнува давателот на услугата, уредувањето на начините на кои ќе се користат услугите, видовите казнени и стимулативни мерки, техничките и другите барања што се однесуваат на обезбедувањето услуги за собирање и за транспортирање на комуналниот отпад и начинот на определување на надоместокот за извршените услуги.

На предлог на градоначалникот на општината и на градот Скопје, Советот на општината и Советот на Град Скопје може да основаат јавно претпријатие за собирање, транспортирање и/или третман на комуналниот и на другите видови неопасен отпад. Две или повеќе општини, како и општините и Град Скопје можат да основаат заедничко јавно претпријатие за вршење на оваа дејност. Собирањето, транспортирањето и/или третманот на комуналниот и на другите видови неопасен отпад, за една или повеќе општини, градоначалникот на општината и градот Скопје можат да му го доверат на правни и физички лица, во постапка согласно со Законот за концесии и јавно-приватно партнерство. Јавното претпријатие и правните и физички лица мора да поседуваат дозвола за собирање и за транспортирање на отпад, издадена во согласност со закон. Договорот за вршење на услугата започнува да се примену-

ва од денот на добивање одобрение од страна на Советот на општините и на Град Скопје, а со него задолжително се пропишуваат условите и начинот на работа на давателот на услугата, цената и начинот на наплата на услугата и територијата на која се врши услугата. Во случаите кога договорот се однесува на две или на повеќе општини или на градот Скопје, општините или Град Скопје склучуваат заеднички договор од кој можат да истапат единствено ако сите страни од договорот се согласат на истапувањето од него.

Општините и Град Скопје се должни да донесуваат и да спроведуваат стратешки, плански и програмски документи за управување со отпадот, со кои ќе се обезбеди заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето, реализација на Националниот еколошки акционен план, ќе се воспостави интегрирана национална мрежа на инсталации и инсталации за преработка и за отстранување на отпадот и ќе се остварат обврските во врска со управувањето со отпадот, преземени од страна на Република Северна Македонија врз основа на меѓународни акти.

6) ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНА ЧИСТОТА, под што се подразбира чистење (миење и метење) на јавни површини, јавни и отворени простори на јавни објекти и чистење на снегот во зимски услови

Одржувањето на јавната чистота и собирањето на сметот се дејности од јавен интерес од локално значење како континуиран процес кој обезбедува трајно и квалитетно чистење на јавните површини на јавните објекти, на отворените простори на јавните објекти и на дворните површини на колективните и индивидуалните објекти за домување, заради обезбедување на здрава и чиста животна средина.

Одржувањето на јавната чистота на отворените простори на јавните објекти во државна, односно општинска сопственост, го врши општината, општините во градот Скопје и градот Скопје, а на објекти во приватна сопственост и на дворните површини на колективните и индивидуалните објекти за домување и на дворните површини на јавните објекти го врши сопственикот на објектот.

Во колективните станбени згради одржувањето на јавната чистота се задолжува да ја врши Куќниот совет.

За поблиско уредување на односите за одржувањето на јавната чистота, Советот на општината донесува одлука со која се регулира одржувањето на јавната чистота на јавните површини, начинот на користење на јавните површини и собирањето на сметот, чистење на снег и мраз, отстранувањето на предмети што ја загрозуваат јавната чистота, како и мерките за спроведување на одлуката.

Работите на одржувањето на јавната чистота, со одлука на Советот, општината може да ги отстапи на извршување на правно лице регистрирано за вршење на овие работи, согласно со закон. Правата и обврските меѓу општините и правното лице кому му е отстапено вршењето на оваа дејност, се уредуваат со договор кој го регулира видот и обемот на работите, начинот и рокот на плаќање за извршување на работите и гаранција за исполнување на обврските од договорот. Овој договор може да се склучи најмногу за период од четири години.

Контролата на одржувањето на јавната чистота, согласно со одлуката, ја вршат комунални редари кои при вршењето на контролата задолжително носат службена облека и службена легитимација издадена од градоначалникот.

За вршење на работите на одржување на јавната чистота, општините, секоја година, донесуваат годишна програма која го опфаќа видот и обемот на работите што треба да се извршат, финансиските средства, временските рокови за извршување на работите, динамиката и начинот на вршење на работите. Оваа програма содржи и обезбедување на јавни санитарни јазли и поставување на соодветни садови за фрлање на отпадоци на јавните површини и на отворените простори пред јавните објекти, а начинот на поставување на соодветните садови за фрлање на отпадоци се уредува во Одлуката за одржувањето на јавната чистота.

7) ОДРЖУВАЊЕ, ЧИСТЕЊЕ И КОРИСТЕЊЕ на паркови, зоолошки градини, зеленило, парк шуми и рекреативни површини, под што се подразбира изградба, одржување и користење на зелени површини, садење на ниска и висока вегетација, косење на трева, како и сечење на дрвја и гранки

Одржувањето на парковите и зеленилото е дејност од јавен интерес во комуналната сфера на територијата на општината и тоа се реализира преку спроведување на Програмата што ја усвојува Советот на општината на крајот од годината за следната година.

Зоолошка градина се основа од страна на општината со посебен акт на Советот, а нејзиното работење се организира преку годишна програма која ја донесува Советот на општината.

8) ОДРЖУВАЊЕ НА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА на улици и на општински патишта, под што се подразбира нејзино редовно и инвестициско одржување

Општинските патишта се опремуваат со сообраќајни знаци и со сообраќајна сигнализација и заштитна опрема, зависно од сообраќајно-техничките услови на патот.

Сообраќајните знаци, сообраќајната сигнализација и заштитната опрема на општинските патишта ги поставува, заменува или отстранува и уредно ги одржува општината, односно Град Скопје.

Поставувањето, заменувањето и отстранувањето на сообраќајните знаци и заштитната опрема на јавните патишта се врши врз основа на програма која се спроведува со соодветна техничка документација. Оваа техничка документација, поврзана со сообраќајните знаци и со сообраќајната сигнализација на јавните патишта, ја одобрува Министерството за внатрешни работи.

9) ПОСТАВУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ, под што се подразбира изградба и одржување на јавното осветлување

За користење и одржување на јавното осветлување се плаќа комунална такса според типот на потрошувачите, по цена за јавно осветлување за секое броило за мерење на електрична енергија.

Уплатата на средствата за општините во градот Скопје на чие подрачје е извршена наплатата и градот Скопје, се врши според надлежноста за одржување на јавното осветлување во определен процентуален сооднос утврден со Законот за градот Скопје.

Наплатата на таксата за користење и одржување на јавното осветлување од имателите на броило ја врши трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија и ја уплатува на соодветната уплатна сметка во рамките на трезорската сметка за општината, за општините во градот Скопје и за градот Скопје на чие подрачје е извршена наплатата.

10) ОДРЖУВАЊЕ НА ГРОБИШТА, КРЕМАТОРИУМИ И ДАВАЊЕ НА ПОГРЕБАЛНИ УСЛУГИ, под што се подразбира определување, изградба и одржување на гробиштата, гробните места, гробниците, придружните објекти и инфраструктурата во гробиштата и давање погребални услуги, како што се преземање, чување, опремување и превоз на умрените до местото за погреб и погреб или кремирање

За изградба и одржување на гробиштата, општината заснова право на долготраен закуп на градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија, за што склучува договор за засновање на тоа право со Република Северна Македонија и задолжително го запишува во јавната книга за запишување на правата на недвижностите.

Со урбанистички план, општината го определува градежното земјиште наменето за гробишта, согласно со прописите за просторно и урбанистичко планирање. Изградба на нови гробишта, како и проширување на постојните гробишта се предвидува со урбанистичкиот план на општината врз

основа на статистички податоци за очекуваното движење на бројот на населението и стапката на смртност на населението на одредено подрачје. При изработката на урбанистичкиот план, општината е должна да обезбеди и да планира простор за гробишта, како и дел од гробишта за погребување на лица со посебен статус во поглед на социјалната положба, анонимни лица, лица настрадани во елементарни непогоди и други видови катастрофи, воени лица, заслужни граѓани или истакнати личности и верски великодостојници.

Управувањето со гробиштата го врши управител на гробиштата, кој може да биде јавно претпријатие за комунални услуги или правно лице што има дозвола за управување со гробишта, врз основа на јавен конкурс. Дозволата на лицето кое во целост ги исполнува условите утврдени со закон во поглед на неговата лична и професионална способност ја издава органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи со рок на важење од пет години, со можност за нејзино продолжување на секои пет години.

Погребалните услуги ги вршат физички и правни лица кои имаат дозвола (издадена во постапка согласно со закон, во согласност со посебните неисклучиви услови) за вршење на погребални услуги и кое, изречно утврдено со закон, не поседува дозвола за управување со гробишта.

11) ОТВОРЕНИ И ЗАТВОРЕНИ ПАЗАРИ НА ГОЛЕМО И МАЛО, под што се подразбира изградба, одржување на објектите и просторот

Организирањето на пазарите започнува со процесот на урбанистичко планирање, при што одреден простор се наменува во категорија Б2 (големи трговски единици во кои спаѓаат трговски центри, стоковни куќи, големи специјализирани продавници, супермаркети и затворени пазари и пазари на отворено) и на тој начин се обезбедуваат предуслови за вршење на оваа комунална дејност. Организирањето, изградбата, одржувањето на пазарите, општината може да ги остварува преку јавно претпријатие или врз основа на јавно–приватно партнерство организирањето на пазарите да се врши преку склучување на посебен договор со трето лице кое ги исполнува соодветните услови. Трговската дејност што се остварува на пазарите се врши од страна на трети лица според принципот на закуп на простор (тезга) на самиот организиран пазариштен опфат.

12) ОЏАЧАРСКИ РАБОТИ, под што се подразбира чистење на оџаци и опрема за одведување на чад

Поврзано со оваа комунална дејност, како оџаци се сметаат сите вертикални канали изведени од различен несогорлив материјал и се дел на секое ложиште или енергетска постројка, димоводни уреди со хоризонтални и вертикални канали изведени од различен несогорлив материјал за спроведување на продукти од согорување од секое ложиште.

Системи за воздух се постројки од различен материјал кои служат за довод на чист и одвод на нечист воздух, додека системи за воздушно и водено греење се видови греење во кои загревањето се одвива со топол воздух, односно со топла вода.

Заради заштита на луѓето, материјалните добра и културните наследства, општините мора да ги одржуваат во исправна состојба и да ги чистат оџаците, димноводните уреди, системите за воздух, системите за воздушно и водено греење, огништа-котли за парно греење во објектите. Најчесто оваа комунална дејност се спроведува врз основа на Одлука за условите и начинот на вршење на оџачарската дејност на подрачјето на општината донесена од Советот на општината и со програма со која се утврдува динамиката на спроведување на активностите.

Најчесто оџачарските работи ги вршат приватни лиценцирани компании.

13) ОТСТРАНУВАЊЕ И ЧУВАЊЕ НА ХАВАРИСАНИ ВОЗИЛА

Согласно со Законот за локалната самоуправа, односно Законот за градот Скопје, општините се надлежни за вршење на комуналните дејности, каде што, меѓу другите, е наведено и отстранувањето на непрописно паркирани возила и отстранувањето на хаварисаните возила од јавните површини. Оттука, отстранувањето и чувањето

на непрописно паркирани и хаварисани возила претставува комунална дејност од јавен интерес.

На јавен пат, на места, односно на простор наменет за запирање и паркирање на возила, како и на посебно уредена сообраќајна површина наменета за движење на пешаци и велосипедисти, забрането е да се оставаат возила кои заради оштетеност, односно дотраеност, не се употребуваат во сообраќајот (хаварисани, запуштени возила и слично), како и други предмети со кои се попречува одвивањето на сообраќајот и се загрозува животната средина и тие, по барање на униформиран полициски службеник, се должни да ги отстранат веднаш. Доколку сопствениците не ги отстранат, како и во случај кога тие се отсутни, возилата и предметите ќе бидат отстранети на трошок на нивните сопственици. Отстранувањето на возилата го врши правното лице надлежно за одржување на патот, на посебно уредени простори за таа намена, а во постапка која ја поведува и ја води комуналниот инспектор.

Општините, исто така, се должни да определат посебен простор – депо, каде што ќе се врши чувањето на возилата отстранети според некоја од основите наведени погоре. Организирањето на депото, како и чувањето, може да се довери и на трето правно лице.

14) УЛОВУВАЊЕ НА ЖИВОТНИ СКИТНИЦИ, УКРАСУВАЊЕ НА НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА, ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНИТЕ САНИТАРНИ ЈАЗЛИ, исто така, се надлежности согласно со Законот за комунални дејности

15)

а. ИСПОРАКА НА ГАС од главниот цевковод до мерниот инструмент на корисникот

б. ИСПОРАКА НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА од централниот извор на греење до мерниот инструмент на корисникот

Изградбата на нови системи за дистрибуција на топлинска енергија за подрачје на единица на локалната самоуправа, се врши врз основа на концесија на градба што ја доделува Советот на општината. Концесијата го содржи и правото на вршење на регулираната енергетска дејност - дистрибуција на топлинска енергија. Периодот за кој се издава концесијата не може да биде пократок од 20 години и подолг од 35 години и по барање на концесионерот може да се продолжува за период за кој била издадена претходната концесија. Концесионерот нема право да ја пренесе концесијата на друго правно лице.

Советот на општината, на предлог на градоначалникот, донесува Одлука за започнување на постапката за доделување на концесија за изградба на нов систем за дистрибуција на топлинска енергија. Во Одлуката, Советот на единицата на локалната самоуправа ќе го пропише видот на постапката за доделување на концесија, обврската за плаќање на концесискиот надоместок, како и критериумите за учество и за избор на најповолен понудувач.

Владата на Република Северна Македонија, на предлог на општината, донесува Одлука за започнување на постапката за доделување на концесија за изградба на нов систем за дистрибуција на природен гас. Во Одлуката, Владата на Република Северна Македонија ќе го пропише видот на постапката за доделување на концесија, обврската за плаќање на концесискиот надоместок, како и критериумите за учество и за избор на најповолен понудувач.

16) ИЗГРАДБА, ОДРЖУВАЊЕ И ЧИСТЕЊЕ НА РЕЧНИТЕ КОРИТА во урбанизираните простори

Изградбата, одржувањето и чистењето на речните корита се спроведува врз основа на програма која ја донесува Советот на општината и во која се предвидуваат потребните средства и соодветната градежна механизација на располагање или ангажирање на трето лице.

Условите и начинот на вршење на комуналните дејности се пропишуваат со посебни закони со кои се пропишани условите и начинот на вршење на одделните комунални дејности.

Комуналните дејности се вршат врз основа на развојни планови и програми кои се донесува-

ат за период од три години од страна на Советот на општината, општините на градот Скопје и градот Скопје. Јавните претпријатија, чиј основач е единицата на локалната самоуправа, врз основа на овие развојни планови донесуваат годишна програма до крајот на тековната година за наредната година, по претходна согласност од Советот на општината. Должност на секоја општина е да обезбеди услови за организирано и трајно вршење на комуналните дејности и нивен развој. Општините самостојно, доколку не се изречно пропишани со закон, поблиску го пропишуваат начинот на организирање и вршење на комуналните дејности, како и начинот на користење на комуналните услуги.

Заради детално уредување на односите во комуналните дејности, Советот на општините, односно Советот на Град Скопје, донесува Одлука за КОМУНАЛЕН РЕД и МЕРКИ за нејзино спроведување.

Со Одлуката за комунален ред се утврдуваат и мерките за спроведување на одредбите од Одлуката.

СРЕДСТВА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ И РАЗВОЈ НА КОМУНАЛНИТЕ ДЕЈНОСТИ

Средствата за финансирање и развој на комуналните дејности се обезбедуваат од:

- надоместок (цена) за дадена комунална услуга;
- надоместок за користење на објекти и дадена комунална услуга;
- комунална такса утврдена со закон;
- надоместок за уредување на градежното земјиште утврден со закон;
- средства од буџетот на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје;
- средства обезбедени од самопридонес и
- средства обезбедени од донации, кредити и други извори определени со закон.

За користење на комуналните услуги од индивидуалната комунална потрошувачка се плаќа надоместок утврден со посебните закони со кои се уредуваат одделни комунални дејности. Висината на надоместокот ја утврдува давателот на комуналната услуга, по претходно добиена согласност од општините, општините во градот Скопје, односно градот Скопје.

ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР И НАДЗОР НАД ЗАКОНИТОСТА ВО ВРШЕЊЕТО НА РАБОТИТЕ

Комуналниот инспектор на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје вршат инспекциски надзор над:

- јавните претпријатија за вршење на комунални дејности основани од општината, односно општините на градот Скопје;
- физичките и правните лица на кои општината им доверила вршење на соодветни комунални дејности согласно со закон;
- примената на одредбите од Одлуката за комунален ред.

Надзор над законитоста на работата на органите на единиците на локалната самоуправа врши органот на државната управа надлежен за работите од областа на комуналните работи.

8. ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА

Образованието е една од надлежностите на единиците на локалната самоуправа, што, во согласност со Законот за локална самоуправа, е пренесена од централно на локално ниво. Поточно, единиците на локалната самоуправа се надлежни за основање, финансирање и администрирање на основните и на средните училишта, во соработка со централната власт, во согласност со Законот, за организирање на превоз и исхрана на ученици и за нивно сместување во ученички домови (член 22, точка 8). Основачките права и обврски над постојните основни и средни училишта, општините ги добија уште во 2005 година, односно на самиот почеток на имплементацијата на децентрализација на власта во нашата земја, а основачките права и обврски врз ученичките домови, општините и градот Скопје, ги презедоа од 1 септември 2007 година. Општините станаа сопственици на училишните згради и имаат обврска да се грижат за обезбедување на квалитетни услови за одвивање на образовниот процес. Сепак, надлежноста за капитални инвестиции во образованието не е префрлена на општините, односно сè уште е во надлежност на централната власт.

Советот на општината, од својот состав, може да формира постојани и повремени комисии за разгледување на прашања и утврдување на предлози од одредена област. Во таа насока, советниците (особено оние што имаат поголеми претходни познавања од областа на функционирањето на образовниот систем) може да се определат да членуваат во една ваква комисија, каде што се третираат прашањата поврзани со спроведувањето на надлежностите во делот на образованието. Најзначајни закони од оваа област, што треба да ги познаваат советниците се: Законот за основно образование; Законот за средно образование; Законот за стручно образование и обука и Законот за ученички стандард. Не помалку важни се и: Законот за национална рамка на квалификации; Законот за образование на возрасни; Законот за отворените граѓански универзитети за доживотно учење; Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта и другите закони (mon.gov.mk).

Основните и средните училишта имаат својство на правни лица и се впишуваат во Централниот регистар. Секоја општина за своето подрачје води регистар на основни и на средни училишта и за тоа доставува податоци до Министерството за образование и наука. Освен општински училишта (каде основач е општината), има и државни училишта што ги основа Владата на РСМ и се под ингеренции на Министерството за образование и наука.

1) Основното образование во Република Северна Македонија е задолжително, трае девет години и поддржува инклузија на сите деца во редовното основно образование. Родителот или старателот е обврзан со закон да му овозможи на своето дете да ја исполни обврската за задолжително образование. Општината, пак, треба да преземе активна улога во идентификувањето на децата, односно на родителите коишто не ја почитуваат обврската и да ги утврди причините за тоа, како и да најде начини за решавање на ваквите состојби. Во прво одделение на основно училиште родителот е должен да го запише детето кое до крајот на календарската година ќе наполни шест години.

Основачот го утврдува реонот на основното училиште кое е должно да ги опфати учениците од својот реон. Основното училиште може да запише ученици од друг реон или од друга општина, само доколку има слободни места за запишување. Ученикот има право на организиран или бесплатен превоз ако местото на живеење е оддалечено најмалку два километри од најблиското основно училиште. Учениците со попреченост и лицата за нивна придружба имаат право на бесплатен пристапен превоз без оглед на оддалеченоста и пристапноста на нивното место на живеење до основното училиште.

2) Средното образование се остварува во средни училишта кои се организираат како јавни средни училишта (средно општинско училиште и средно државно училиште) и приватно средно училиште. Средно општинско училиште може да основа општината, а одлука за основање на средно општинско училиште донесува Советот на општината, по претходно прибавено

мислење од Владата на РСМ. Средното образование се остварува преку планови и програми за: гимназиско образование; стручно образование; средно уметничко образование и средно образование за ученици со посебни образовни потреби. Стручното образование и обука е дел од системот на образованието кој обезбедува индивидуален развој на личноста преку стекнување компетенции, знаења и вештини неопходни за вклучување на пазарот на трудот или продолжување на образованието. Стручното образование и обука овозможува иницијално стекнување со прво, второ или трето ниво на стручни квалификации, како и пост средно стручно образование и обука кое е дел од системот на образованието кое им овозможува на лицата што се стекнале со средно образование да се стекнат со четврто ниво на стручни квалификации.

Со законските измени, од 2008 година, средното образование стана задолжително, исто како и основното образование. Тоа, меѓу другото, подразбира, општината да организира и бесплатен превозот на ученикот, кој е со статус на редовен ученик во јавното средно училиште, доколку не е сместен во ученички дом. Право на бесплатен превоз ученикот има ако местото на живеење е оддалечено најмалку 2,5 километри од средното училиште во кое ученикот е запишан и ја посетува наставата и ако избраната струка и профил не е застапена во општината во која ученикот живее. За ученикот кој користи сместување и исхрана во ученички дом не се организира бесплатен превоз до дома за време на викендите, освен за учениците со посебни образовни потреби. Ученикот со посебни образовни потреби и лицето за негова придружба имаат право на бесплатен превоз без оглед на оддалеченоста на нивното место на живеење до државното средно училиште во кое ученикот е запишан и ја посетува наставата.

Запишувањето во општинските средни училишта, односно средните училишта на Град Скопје се врши по пат на конкурс кој го објавува Министерството во средствата за јавно информирање најдоцна до 31 март, по претходно доставени предлози од општините и Град Скопје. Запишувањето во државно училиште се врши по пат на конкурс кој го објавува Министерството во средствата за јавно информирање најдоцна до 31 март. Во тој контекст, улогата на општината е од големо значење и таа треба да оствари одлична соработка со стопанскиот сектор на својата територија, во правец на обезбедување и оспособување соодветни образовни кадри што му се потребни на пазарот на трудот. Создавањето на уписната стратегија треба да е и во корелација со Стратегијата за локалниот економски развој на општината.

3) Единиците на локалната самоуправа имаат надлежности и во однос на **образованието наменето за возрасните**. Според Законот за образование на возрасните, Советот на општината, односно на Советот на Град Скопје: врши анализа на потребите на пазарот на трудот на локално ниво и ги искажува согледувањата за потребите до Центарот за образование на возрасни, установите за образование на возрасните и институциите за образование на возрасните; може да основа установи за образование на возрасните; може да основа општински, односно центар на градот Скопје за развој на човечките ресурси; доставува предлози до Министерството и до Центарот за потребите за развој на програмите за образование на возрасните; донесува програми за образование на возрасните кои се финансираат од средствата на локалната самоуправа и ги доставува на верификација до Центарот; обезбедува средства за установите за образование на возрасните на кои им е основач и доставува предлози за уписната политика во образованието на возрасните до Министерството. Исто така, Советот на ЕЛС води и општински регистар за установи и институции кои реализираат јавно признати програми. Плановите и програмите за јавните училишта ги предлага Бирото за развој на образованието, а ги донесува министерот, но планови и програми можат да предлагаат и општините, Град Скопје, училиштата, претпријатијата, установи и други правни лица за задоволување на нивните посебни потреби (преквалификации, доквалификации и слично).

4) Надзор на работата на органите на општината за спроведување на надлежностите во образованието врши Министерството за образование и наука. Доколку и покрај укажувањата

и преземените мерки и активности, органите на општината не го обезбедат извршувањето на работите кои се утврдени со закон како нејзина надлежност и за чие извршување е одговорна општината, по сила на закон им се одзема вршењето на соодветната надлежност. Вршењето на одземените работи го презема Министерството, но најмногу до една година од денот на нивното преземање. Министерството одземените работи од надлежност на општината ги врши во име и за сметка на општината.

8.1. ФИНАНСИРАЊЕ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Финансирањето на образованието претставува еден од најголемите предизвици на локалната власт во изминатиот период. Средствата кои се определуваат и им се префрлаат на општините во вид на блок дотациите се покажа дека не се доволни за квалитетно спроведување на оваа надлежност од страна на општините.

Средствата за финансирање на дејноста на основното образование се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија, на начин и постапка утврдени со Законот за буџетите на РСМ, Законот за извршување на Буџетот на РСМ, Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Овие средства им се распределуваат на општините по пат на блок дотации (и наменски дотации) согласно со двете уредби: Уредба за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации за основно образование по општини и Уредба за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации за средно образование по општини. Уредбите за методологија за утврдување на критериумите за распределба на блок и наменските дотации, на предлог на Министерството за образование и наука ги донесува Владата на Република Северна Македонија, а по претходна согласност од Министерството за финансии и од Комисијата за следење на развојот на системот за финансирање на општините, каде мнозинскиот број членови се претставници од единиците на локалната самоуправа. Средствата што ги добиваат општините во блок дотациите и наменските дотации за учениците со попреченост, се распределуваат во училиштата согласно со бројот на ученици со попреченост во конкретното училиште и училиштето ги троши наменски за потребите на овие ученици. Со уредбите се уредува распределбата на средствата од блок дотацијата (и од наменската дотација) која се врши врз основа на формула и согласно со фазите за фискалната децентрализација утврдени во Законот за финансирање на ЕЛС. Формулата за распределба на средствата се изведува основно од бројот на учениците во училиштата на подрачјето на општината.

Општината може да ја дополни добиената блок дотација, (односно наменска дотација) за образование со средства од сопствени извори, освен за платите на вработените во училиштата. Средствата за финансирање на дејноста на основното образование можат да се обезбедуваат и од други извори (легати, подароци, завештанија и друго), а се користат наменски за развој на воспитно-образовната дејност.

Министерството за средствата за финансирање на основното образование донесува финансов план и програми и годишна пресметка. Советот на општината утврдува мерила и критериуми за распоредување на средствата за општинските основни училишта. Распределбата на блок дотацијата вклучува исплата на плати на вработените во училиштата (буџетска категорија 40), како и сите трошоци од категорија 42, Стоки и услуги. Министерството го контролира наменското користење на средствата кои се распределуваат од буџетот на РСМ. Основните и средните училишта се должни да склучат соодветно осигурување за одговорност од предизвикана штета, за што средства обезбедува основачот.

Податоците од годишниот финансиски план и од завршната сметка на основните и на средните училишта, општината ги објавува во „Службен гласник“ на општината.

8.2. НАДЛЕЖНОСТИ НА СОВЕТОТ

- Советот на општината донесува Одлука за основање на основно или на средно училиште, по претходно прибавено мислење од Владата на РС Македонија. Основно училиште може да се основа, ако има доволен број ученици за формирање на најмалку по две паралелки од прво до деветто одделение; ако е обезбеден соодветен наставен кадар; ако се обезбедени соодветни училишни простории, опрема и наставни средства согласно со утврдените нормативи и стандарди и ако се обезбедени потребни финансиски средства.
- Основните училишта во својот состав може да имаат и подрачни училишта, што се организираат во населени места со мал број ученици, за што решава основачот (општината), по претходно позитивно мислење од министерот за образование и наука.
- Постапката за престанување со работа на основното и на средното училиште ја покренува и води основачот, по претходна согласност на МОН, а за подрачното училиште по претходна согласност од министерот.
- Советот на општината именува еден претставник од основачот во Училишниот одбор на основното училиште од вкупно седум членови. Исто така, основачот именува три претставници во Училишниот одбор на средното училиште од вкупно 12 члена. Се препорачува при изборот на овие претставници да се има предвид тие да имаат одредени познавања од образовната сфера, бидејќи нивната улога е од големо значење, како за училиштето така и за општината. Тие треба активно да учествуваат во управувањето на училиштето, да помагаат во модернизација на образовниот процес, во поддршката на развојот на учениците, наставниците и на сите вработени во училиштата. Да развиваат систем за усовршување и за унапредување на демократскиот живот во училиштето и во неговото развивање во здрава средина за развој на ученикот.
- Ја разгледува и усвојува Годишната програма за работа на училиштето.
- Го разгледува и го усвојува Годишниот извештај за работата на училиштето, а доколку не го усвои се смета за прифатен.
- Задолжително треба да биде запознаен со исклучителни состојби, кои суштествено го нарушиле воспитно- образовниот процес во училиштето.
- Разгледува или формира комисија за разгледување ситуации за учениците што не се запишани од едно во друго училиште во основно образование во согласност со Законот за основното образование.
- Донесува Одлука за основање на општински ученички дом по претходно прибавено мислење од Владата.
- Утврдува мерила и критериуми за распоредување на средства за општинските основни училишта, како и за општинските средни училишта.

8.3. НАДЛЕЖНОСТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

- Градоначалникот е надлежен да создаде услови за спроведување и за подобрување на квалитетот во воспитно-образовниот процес во училиштата од буџетот на општината.
- Три месеци пред истекот на мандатот на директорот на училиштето, го задолжува Училишниот одбор за поведување на постапка – распишување оглас за именување директор. Ако градоначалникот не постапи во утврдениот рок, Училишниот одбор објавува јавен оглас за избор на директор.
- Избира кандидат за директор на основно училиштето од предлогот од еден кандидат за директор кој добил мнозинство од гласовите од вкупниот број од членовите на Училишниот одбор. Градоначалникот, во рок од десет дена од денот на добивањето на предлогот го именува предложениот кандидат за директор на основно училиште, а ако тоа не го стори во предвидениот рок, именувањето го врши министерот.

- Избира кандидат за директор и на јавното средно училиште од предлогот од еден кандидат за избор на директор кој добил мнозинство на гласови од вкупниот број членови на Училишниот одбор. Градоначалникот, во рок од 15 дена од денот на добивањето на предлогот, врши избор на директор. Доколку во утврдениот рок градоначалникот не избере директор, должен е во рок од три дена да го извести Училишниот одбор со писмено образложение за причините. Училишниот одбор во рок од седум дена од денот на приемот на известувањето, на градоначалникот му доставува еден предлог за избор на директор. Градоначалникот е должен во рок од пет дена од денот на добивањето на предлогот да го избере кандидатот предложен од Училишниот одбор.
- Разрешува директор на училиштето.
- Доколку не е извршен избор на директор, именува в.д. директор.
- Градоначалникот овластува лице од општинската администрација за вршење просветна инспекција (општински инспектор). Инспекторите за образование во општините немаат право на интегрална евалуација и не можат да ја следат реализацијата на наставните планови и програми, но имаат многу важна улога за правилно спроведување на ингеренциите на општината во областа на образованието.

8.4. СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА

Спортот и рекреацијата - развојот на масовниот спорт и на рекреативните активности, организирањето спортски приредби и манифестации, одржувањето и изградбата на објекти за спорт, поддршката на спортски сојузи, според Законот за локалната самоуправа се во надлежност на единиците на локалната самоуправа. Спроведувањето на оваа надлежност во практика се одвиваше со поголеми проблеми, особено во преземањето на имотот, сопственоста и управувањето со спортските објекти и во финансирањето на спортот, а сè почесто се јавуваат предизвици и со склучените договори со концесионерите.

И во Законот за изменување и за дополнување на Законот за спорт, општините во областа на спортот се надлежни за развој на масовниот спорт и на рекреативните активности на граѓаните, опфатен во програмите на спортските и на спортско-рекреативните клубови, што претпоставува остварување на поголема соработка меѓу локалната власт и спортските организации и клубови.

Локалната власт е надлежна за одржување и за изградба на објекти за спорт, утврдување на мрежата на спортските објекти, како и нивно класификување, користење и др. Исто така, таа е надлежна и за организирање спортски приредби и манифестации, поддржување на традиционалните спортски натпревари од национален и од меѓународен карактер, поддржување на училишниот и на студентскиот систем на натпревари и поддржување на општинските сојузи како највисока форма на организирање на активностите, како и обезбедување простор, материјални и кадровски услови за функционирање на спортските клубови. За остварување на овие надлежности, советите на општините донесуваат програми што ги предлагаат општинските спортски сојузи, програми што се финансираат од буџетот на општините.

Финансирањето на спортот ќе се одвива на тој начин што клучните финансии за спортот ќе ги определат општините од својот буџет. Исто така, финансии може да се обезбедат и од различни спонзори и донатори, кои ќе бидат заинтересирани за помагање на спортските активности. Општините, според законските ингеренции, можат да основаат и фондации за развој на спортот.

Во основното училиште, за развивање и унапредување на сите форми на спортски активности на учениците, најмалку пет наставници кои засновале работен однос на неопределено време, основаат училиштен спортски клуб, согласно со Законот за здруженија и фондации и Законот за спортот. Со училишниот спортски клуб управуваат членовите непосредно. Училишните спортски клубови средствата за финансирање ги стекнуваат од доброволни прилози, донации, подароци (во пари, добра, имотни права), завештанија и легати. Училишниот спортски клуб може да добива средства од буџетот на општините, односно општините во градот Скопје.

9. СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И РОДОВА ЕДНАКВОСТ

Системот на социјална заштита е од клучно значење за обезбедувањето на социјална сигурност и добросостојба на граѓаните во секоја социјална држава[1].

Во Република Северна Македонија социјалната сигурност на граѓаните е издигната на уставно ниво. Согласно со Законот за социјална заштита, социјалната заштита се дефинира како дејност од јавен интерес која се остварува преку креирање на мерки, активности, програми и политики за заштита од социјални ризици, превенција и надминување на социјалните проблеми кои неповолно се одразуваат врз добросостојбата на граѓаните.

Општината, градот Скопје и општините во градот Скопје организираат и обезбедуваат спроведување на социјалната заштита во согласност со закон, преку донесување на сопствени развојни програми за специфичните потреби на граѓаните од областа на социјалната заштита. Обезбедувањето на социјалната заштита на лицата изложени на социјален ризик, децата без родители и родителска грижа, децата со попреченості, децата на улица, децата со воспитно-социјални проблеми, децата од еднородителски семејства, лицата со попреченості, лицата што злоупотребуваат дрога и алкохол, старите лица, жртвите на родово базирано насилство и семејно насилство, самохраните родители, домување на лицата изложени на социјален ризик, како и социјална заштита за сите лица што се изложени на социјален ризик се остварува во соработка со Министерството за труд и социјална политика.

Единиците на локалната самоуправа, исто така, управуваат и со установите за згрижување и воспитание на деца (детски градинки и центри за ран детски развој), установите за одмор и рекреација на деца (детски одморалишта) и со установите за социјална заштита чии основачи се тие, преку обезбедување просторни услови, финансии за тековно одржување, за реновирање на објектите, финансирање на одредени манифестации и обуки, како и грижа за вработените и отворање на можности за вработување на дополнителен персонал од сопствен општински буџет.

9.1. СОЦИЈАЛНАТА И ДЕТСКА ЗАШТИТА НА НИВО НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

Единиците за локална самоуправа учествуваат во работата на установите за социјална заштита преку свои претставници во органите за управување, во јавните установи за деца - детски градинки, детски одморалишта, како и во Управниот одбор на центрите за социјални работи во општините, градот Скопје и општините во градот Скопје.

9.2. СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА ВО ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

Согласно со Законот за социјална заштита, Републиката го воспоставува системот на социјалната заштита и го овозможува неговото функционирање, а **носители на социјалната заштита се Републиката, општината, градот Скопје и општините во градот Скопје**.

Дејноста на социјалната заштита се обезбедува преку **остварување на права на парична помош од социјална заштита и обезбедување на социјални услуги и други мерки утврдени со Законот за социјална заштита.** Социјалната заштита, исто така, се остварува и преку преземање мерки и активности во вработувањето, стипендирањето, домувањето, заштита на семејството, заштита на децата, здравствената заштита, воспитанието и образованието и во други области[2].

Законот за социјална заштита ги утврдува следните **права на парична помош од социјална заштита**: гарантирана минимална помош, надоместок заради попреченост, надоместок за помош и нега од друго лице, надоместок на плата за скратено работно време, додаток за домување, траен надоместок и еднократна парична помош. Остварувањето на правата на парична помош од

1 Министерство за труд и социјална политика (2013), Прирачник за социјални услуги за ранливите групи во локалните заедници (автори Софија Спасовска ... и др.), Скопје

2 Закон за социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија" број 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21)

социјална заштита во најголема мера се остварува во центрите за социјална работа во рамките на Министерството за труд и социјална политика. Но, општините, исто така, обезбедуваат финансиска помош за социјално ранливите групи со средства од сопствени буџетски извори.

Тука е значајно да се спомене дека Законот, исто така, експлицитно ја утврдува потребата од спроведување на мерки на социјалната превенција и дефинира дека **мерките на социјалната превенција** се реализираат со цел заштита од социјални ризици, спречување на појавата на социјални проблеми и ублажување на последиците од настанатите социјални проблеми на граѓаните. Законот дефинира, меѓу другото, дека социјалната превенција треба да се спроведува во соработка помеѓу установите за социјална заштита и предучилишните, образовните, здравствените установи, полициските станици, единицата на локалната самоуправа и други државни органи, правни и физички лица и здруженија.

Законот за социјална заштита, исто така, ги утврдува следните **социјални услуги**: услуги на информирање и упатување, услуги на стручна помош и поддршка, услуги на советување, услуги во домот (помош и нега во домот и лична асистенција), услуги во заедницата (услуги на дневен престој и услуги на привремен престој), услуги за вон-семејна заштита (живеење со поддршка, згрижување во друго семејство и сместување во установа).

Дејноста во социјалната заштита ја вршат установи за социјална заштита и други даватели на социјални услуги и тоа: здруженија, домашни и странски правни и физички лица, под условите утврдени со Законот за социјална заштита.

Установи за социјална заштита се: Центар за социјална работа, Установа за вонсемејна социјална заштита и Центар за социјални услуги.

Центарот за социјална работа се основа како јавна установа за социјална заштита со јавни овластувања заради вршење на работите од социјалната заштита. Центарот за социјална работа може да се основа за подрачјето на една или повеќе општини.

Видовите на **установи за вонсемејна социјална** заштита се: Резиденцијален дом, дом за помош и нега, Воспитна установа, Установа за третман и рехабилитација, групен дом и Установа за прифат на баратели на азил.

Центарот за социјални услуги дава дневни и/или привремени услуги во домот на корисникот и во заедницата. **Центарот за социјални услуги кој дава дневни услуги** се организира како: Центар за социјални услуги во домот, Центар за дневен престој, Центар за рехабилитација, Центар за ресоцијализација и Советувалиште. **Центарот за социјални услуги кој дава привремени услуги** се организира како: Центар за привремен престој, Центар за одмена на семејна грижа и Куќа на пола пат.

Републиката и општината, градот Скопје и општините во градот Скопје обезбедуваат вршење на дејноста на социјалната заштита во рамките на правата и должностите утврдени со Уставот и законот, преку основање на установи за социјална заштита или пренесување на вршењето на работи од социјалната заштита на здруженија, други правни и физички лица[3].

Општината може да основа јавна установа врз основа на одобрение за основање согласно со законот, освен центар за социјална работа, воспитна установа за деца и установа за прифат на баратели на азил.

Министерството за труд и социјална политика (МТСП) утврдува мрежа на овластени даватели на социјални услуги која ја сочинуваат јавни установи за социјална заштита и други овластени даватели на социјални услуги (здруженија, други домашни и странски правни лица).

Согласно со Законот за социјална заштита, општината, градот Скопје и општините во градот Скопје:

- развиваат мерки и активности во областа на социјалната заштита;

3 Закон за социјална заштита (Службен весник на Република Северна Македонија" број 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21)

- донесуваат одлуки за утврдување и на други права и социјални услуги во областа на социјалната заштита, права и услуги во поголем обем од обемот на правата и услугите утврдени со овој закон и поповолни услови за нивно остварување, како и обезбедуваат средства за нивна имплементација;
- основаат јавни установи за социјална заштита[4];
- формираат Совет за социјална заштита на општината, градот Скопје и општините на градот Скопје за подрачјето на општината, градот Скопје и општините во градот Скопје;
- формираат Совет за социјална заштита на планскиот регион заради планирање и развој на мрежата на социјални услуги на планскиот регион;
- донесуваат општи акти од областа на социјалната заштита;
- донесуваат годишни програми за потребите на граѓаните од областа на социјалната заштита. Годишните програми за социјална заштита треба да се изготвуваат врз основа на социјален план. Социјалниот план треба да содржи мапирање на социјалните проблеми и ранливите групи во општината, анализа на капацитетите и расположливите социјални услуги, како и идентификување на потребите за развој на социјални услуги во рамки на општината. Годишните програми за социјална заштита исто така, треба да бидат во согласност со Националната програма за развој на социјалната заштита и пред донесување треба да се достават до МТСП на мислење;
- усвојуваат Завршен извештај за реализирани активности во социјалната заштита и ги доставуваат до МТСП;
- даваат финансиски средства за вршење работи од социјална заштита на здруженија, други правни и физички лица и склучуваат управни договори согласно со овој закон и
- вршат други работи поврзани со социјална заштита.

МТСП обезбедува средства за развивање и давање социјални услуги од општините, под услови и во постапка утврдени со Законот за социјална заштита. Но, општината, односно општините од планскиот регион можат да доделат и сопствени средства за обезбедување социјални услуги на лиценцирано здружение или друг приватен давател на социјална услуга, преку објавување јавен повик.

Орган на управување во јавната установа за социјална заштита е Управниот одбор.

Во јавната установа за вонсемејна социјална заштита, Управниот одбор е составен од пет члена именувани од основачот од кои двајца членови се од редот на стручните работници во установата и еден член е од редот на корисниците, односно нивните застапници/старатели предложен од Советот на корисници и двајца членови се претставници на основачот.

Во Центарот за социјална работа, Управниот одбор го сочинуваат пет члена, од кои еден член вработен во општинската администрација кој врши работи од социјална заштита, предложен од Советот на општината на чие подрачје е седиштето на Центарот за социјална работа, еден член е стручен работник од Центарот за социјална работа, еден член е од редот на корисниците, односно нивните застапници/старатели предложен од Советот на корисници и двајца членови се претставници на основачот.

Во Центарот за социјални услуги основан како установа, Управниот одбор го сочинуваат три члена, од кои еден член е стручен работник вработен во установата, еден член е од редот на корисниците, односно нивните застапници/старатели предложен од Советот на корисници и еден член е претставник на основачот.

Со јавната установа за социјална заштита раководи директор. Директорот на јавната установа за социјална заштита основана од општината, го

4 Владата дава одобрение за основање установи за социјална заштита од страна на општините, градот Скопје и општините во градот Скопје и на други правни и физички лица за вршење работи од социјалната заштита.

избира и разрешува градоначалникот на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје.

9.3. ДЕТСКА ЗАШТИТА

Заштитата на децата е организирана дејност заснована на правата на децата, како и на правата и обврските на родителите за планирање на семејството и на државата и единиците на локалната самоуправа за водење хумана популациона политика. Заштитата на децата се остварува со обезбедување услови и ниво на животен стандард што одговара на физичкиот, менталниот, емоционалниот, моралниот и на социјалниот развој на децата. Државата, како и единиците на локалната самоуправа, се грижат за давање соодветна материјална помош на родителите за издржување, подигнување, грижа и заштита на децата и организирање и обезбедување на развој на установи и служби за заштита на децата[5].

Со процесот на децентрализација во надлежност на единиците на локална самоуправа преминаа детските градинки и детските одморалишта. Орган на управување во овие јавни установа за деца основани од Владата е Управниот одбор, кој се состои од седум члена: четири претставници од основачот, еден претставник од јавната установа за деца, еден претставник од родителите на децата и еден претставник од општината и општината во градот Скопје на чие подрачје е седиштето на установата, односно градот Скопје за детското одморалиште. Управниот одбор на општинската детска градинка и општинското детско одморалиште, основани од општината, е составен од седум члена и тоа тројца претставници од основачот, еден претставник од установата, двајца претставници од родителите на децата и еден претставник од Министерството.

5 Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18, 104/19, 146/19, 275/19, 311/20).

9.3.1. Установи за згрижување и за воспитување деца од предучилишна возраст

Згрижувањето и воспитувањето на децата од предучилишна возраст е дејност за згрижување, престој, нега, исхрана, воспитно-образовни, спортско-рекреативни, културно-забавни активности, мерки и активности за подобрување и зачувување на здравјето и за поттикнување на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот, менталниот и социјалниот развој на детето до шестгодишна возраст, односно до вклучување во основното образование[6].

Установи за згрижување и за воспитување на деца од предучилишна возраст се: јавните (општинска детска градинка и детска градинка на општината во градот Скопје) и приватните детски градинки. Јавната детска установа се основа од страна на Советот на општината, Советот на општината во градот Скопје и Владата со одлука за основање на јавна детска градинка, по претходно добиено мислење од Министерството. Советот на општината и Советот на Град Скопје и Советот на општините во градот Скопје донесува Одлука за основање јавна детска градинка, по претходно добиено мислење од Министерството за труд и социјална политика. Градоначалникот на општината и на општината на градот Скопје, за своето подрачје води регистар на јавни установи за деца што се основани од нив и податоците од извршениот упис во регистарот ги доставува до министерството. Директорот на јавната детска градинка го избира и разрешува градоначалникот на општината и на општината на градот Скопје. Согласност за Статутот на јавната установа за деца основана од општината, градот Скопје и од општината во градот Скопје, дава Советот на општината и Советот на Град Скопје преку издавање Решение за давање согласност на Статутот. Ако во јавната детска градинка има пријавено поголем број деца отколку што има слободни места, за приемот решава Комисијата за прием на деца. Составот и начинот на работа на Комисијата, како и поблиските критериуми за прием на деца во градинката ги утврдува Управниот одбор на градинката во согласност со Советот на општината и Советот на општината во градот Скопје. Комисијата ја именува директорот.

6 Ибид.

9.3.2. Центар за ран детски развој

Дејноста што се врши во рамките на згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, може да се остварува и во Центарот за ран детски развој. Центарот за ран детски развој може да биде основан од Владата, општините, општината во градот Скопје и од домашно или од странско физичко и правно лице. Центарот за ран детски развој спроведува програма за рано учење и развој на децата во предучилишна возраст од три до шест години, односно до поаѓање во основно образование. Центарот за ран детски развој на општината и општината во градот Скопје, се основа од страна на Советот на општината и Советот на општината во градот Скопје, по претходно прибавено мислење од Министерството.

Средствата за финансирање на јавните детски установи се обезбедуваат од државниот буџет. Овие средства се распределуваат на основачите на јавните установи - единиците на локалната самоуправа по пат на блок дотации во согласност со законот. Општините, градот Скопје и општините во градот Скопје може да ја дополнат добиената блок дотација за подигнување на стандардот и на квалитетот на објектите и на услугите во јавните детски установи со средства од сопствени буџетски извори.

9.4. Родова еднаквост

Еднаквоста на жените и мажите како основно право за сите и како суштинска вредност на секоја демократија е вградена во политиките на национално и локално ниво, со што се забранува дискриминацијата врз основа на пол, а во насока на унапредување на процесот на институционализација на родовата еднаквост на сите нивоа, а со тоа и во единиците на локалната самоуправа. Основен документ за родовата еднаквост и lex specialis е Законот за еднакви можности на жените и мажите, кој во членот 16 прави директна врска со Законот за локална самоуправа и обврските на единиците на локалната самоуправа за унапредување на родовата еднаквост на ова ниво.

Министерството за труд и социјална политика, како ресорен орган за спроведување на Законот за еднакви можности на жените и мажите, е одговорно и за развој и имплементација на Националната стратегија за родова еднаквост (2021-2026) и Националниот акциски план за родова еднаквост (2018-2020). Родовото буџетирање како трансформативен механизам сè уште не е дел од Законот за буџетите, односно постојниот Закон не содржи одредби кои се однесуваат на тоа. Споредено со соседството, во Србија, родовото буџетирање е дел од Законот за буџетски систем со усвојување на измените во 2015 година, со што се подразбира постепена реформа што треба да се спроведе целосно до фискалната 2024 година. Од страна на Министерството за финансии, како најважна институција при процесот на подготовка и извршување на државниот буџет, направени се измени на буџетските инструкции (буџетскиот циркулар за буџетски корисници на централно ниво) во 2015 година, а во 2019 година во буџетскиот циркулар се воведува посебна програма Ц1 – Родова еднаквост, во која е потребно да се планираат сите расходи поврзани со родово одговорно буџетирање.

Законот за еднакви можности на жените и мажите, донесен во 2006 година е ревидиран во 2012 година од Министерството за труд и социјална политика. Во 2020 година, во насока на издигнување на нивото на важност на родовата еднаквост во државата, Министерството за труд и социјална политика формираше Работна група за промена на актуелниот Закон за еднакви можности на жените и мажите, и до објавувањето на овој Прирачник, Предлог-законот за родова еднаквост (именуван како Закон за родова еднаквост) е во фаза на јавна консултација.

Актуелниот Закон за еднакви можности на жените и мажите им наложува на единиците на локалната самоуправа да формираат Комисија за еднакви можности на жените и мажите, како постојно тело со одлука на Советот на единицата на локалната самоуправа, а нејзиниот состав, надлежности, задачи и обврски се утврдуваат со Статутот на единицата на локалната самоуправа.

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите: дава мислење по однос на материјалите и предлозите за седниците на Советот на единицата на локалната самоуправа; учествува при

креирање и донесување стратешки документи (стратегија за развој на единицата на локалната самоуправа, буџетот на единицата на локалната самоуправа, Статутот, програмата за работа на Советот на единицата на локалната самоуправа и др.); идентификува и дава предлози за начини на инкорпорирање и формализирање на принципот на еднакви можности и недискриминација во работата на органите на единицата на локалната самоуправа и општинската администрација; предлага мерки и активности пред Советот, во насока на унапредување на еднаквите можности и недискриминацијата врз основа на анализа на утврдени состојби во областите во надлежност на единицата на локалната самоуправа. Со еден збор, Комисијата има право и можност да коментира и го обезбедува принципот на родова еднаквост во сите оние надлежности кои Законот за локална самоуправа ги предвидува во членот 22.

Единиците на локалната самоуправа се должни да определат координатор за еднакви можности на жените и мажите од редот на државните службеници во единицата на локалната самоуправа.

Прекршочни санкции се предвидени во случај на неформирање на Комисија за еднакви можности (од 400 до 600 евра во денарска противвредност), за неназначување на координатор за еднакви можности (од 800 до 1000 евра во денарска противвредност) и за ненавремено доставување извештај од координаторот до Министерството (од 400 до 600 евра во денарска противвредност).

Со Предлог-законот за родова еднаквост се препознава нееднаквата положба и статусот на жените во однос на мажите во општеството, како и нееднаквоста на луѓето со различни родови идентитети. Целта на Законот за еднакви можности на жените и мажите беше воспоставувањето на еднакви можности за жените и мажите во сите области од општествениот живот, без разлика на полот. *Во новиот закон пак, како цел е дефинирано обезбедување на потполна родова еднаквост за целосно надминување на пречките и создавање услови за остварување на потенцијалите на сите луѓе, без разлика на родот и родовиот идентитет.* Досегашниот пристап на еднаков третман според пол, односно само врз основа на физичките карактеристики при обезбедување еднакви можности во законот, ќе биде дополнет со еднаков пристап и на лицата со различни родови идентитети, вклучувајќи ги и трансродовите лица при остварување на правата во сите области. Со цел обезбедување на потполна родова еднаквост, *Законот за родова еднаквост*, за разлика од Законот за еднакви можности на жените и мажите, ***дополнително јасно и целосно ги дефинира термините:*** *родова еднаквост, род, родов идентитет, жени, мажи и лица со разновидни родови идентитети, родова интеграција, родови алатки, родово-одговорни цели, родови индикатори, потполна еднаквост, балансирано учество, мерки за родова еднаквост, родов јаз, традиционална неплатена работа на жени, воспоставување рамнотежа меѓу приватниот и професионалниот живот, како и сè што опфаќа терминот дискриминација.*

Со Предлог-законот за родова еднаквост, единиците на локалната самоуправа се јасно дефинирани како субјекти ***кои имаат обврска да преземат мерки или дејства за остварување на родова еднаквост во сите области за кои се надлежни, како и во Законот за еднакви можности на жените и мажите.***

Со Законот за родова еднаквост јасно се дефинираат надлежностите на Советот и на градоначалникот *на единиците на локалната самоуправа, со цел унапредување и остварување на родова еднаквост на локално ниво.*

Улогата и значењето на координаторот и заменик-координаторот ќе биде препознаена во и надвор од општината со задолжителното систематизирање на работното место во општината и прецизно дефинирани обврски со кои треба да се уреди следењето и анализа на состојбата со родовата еднаквост, развој и спроведување на привремените мерки, како и обезбедување на експертска поддршка на раководителите и администрацијата со цел интегрирање на родовата еднаквост во политиките, плановите и буџетот на локално ниво, да известуваат за спроведувањето на мерките и буџетот во годишните планови во наративни и финансиски извештаи, учествуваат во изготвување план за родови обуки за админи-

страцијата на локално ниво, да соработуваат со Секретаријатот и со други органи на државната управа и единици на локалната самоуправа.

Постојаното тело Комисијата за еднакви можности со новиот закон се преименува во ***Комисија за родова еднаквост и задолжително се формира со одлука на Советот, при што надлежностите ѝ остануваат непроменети.***

ЗЕЛС посветено работи на унапредувањето на родовата еднаквост на локално ниво во континуитет, а тоа го потврдува со интегрирањето на родовиот аспект во стратешките документи и политики за работа како на годишно, така и на среднорочно и долгорочно ниво.

Во Стратешкиот план на ЗЕЛС 2021 - 2025, родовата димензија е вградена во стратешките цели на развој на ЗЕЛС, издвоена како посебна вредност, додека во годишните планови на ЗЕЛС, родовиот аспект е интегриран во редовните и проектните активности задолжително.

Освен тоа, ЗЕЛС разви и Стратегија за родова еднаквост на ЗЕЛС 2018 - 2030, а за потребите на општините има развиено електронска платформа www.rob.zels.org.mk како ресурсен центар, како и други документи за поддршка на работата на координаторите за родова еднаквост во општините, *со што е овозможено споделување важни меѓународни, регионални, национални и локални документи и практики од областа на РОБ помеѓу општините. Платформата е особено важна во поттикнување на други општини во преземање слични активности.*

Понатаму, воспостави функционален механизам за лобирање и застапување на локалните интереси на полето на родовата еднаквост пред институциите од другите нивоа на власт - ЛОБИ ГРУПА НА ЗЕЛС ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ, единствена во регионот. Во ЗЕЛС тренинг планот, обуките за унапредување на родовата еднаквост на локално ниво се редовни со што директно се овозможува јакнење на општинските капацитети во сите општини, за интегрирање на родовата перспектива во локалните политики и буџет.

Во рамките на ЗЕЛС е формирана Работна група за родова еднаквост на ЗЕЛС (РГРЕЗ), која овозможува посистематизиран пристап кон родовата еднаквост во име на општините. Овој повеќегодишен процес е финансиски поддржан од Канцеларијата на UN Women во Македонија.

ЗЕЛС учествува во телата и комисиите на национално ниво кои развиваат и донесуваа законски решенија и документи за родова еднаквост застапувајќи ги интересите и потребите на локалната самоуправа. ЗЕЛС е промотор на Европската повелба за родова еднаквост на Конгресот на локални и регионални власти и до сега е потпишана од 21 општина.

10. КУЛТУРА

Секторот култура, како посебен општествен интерес е исклучително значаен за развој на државата, а во Законот за културата е утврдено дека секој има право независно од возраста, образованието, верската, етничката или друга припадност да ја остварува културата како поединечен, локален и национален интерес, со профитна или непрофитна цел.

Локалниот интерес во културата е јавен интерес од локално значење за граѓаните во единиците на локалната самоуправа, кој по обем и оставарување се утврдува со општите акти на единиците на локалната самоуправа и се финансира согласно со Програмата за култура што ја донесува Советот.

Културата ја остварува уметници, самостојни уметници, јавни и приватни установи, други правни и други физички лица. Јавните установи, според основачот може да бидат локални, кога ги основа единицата на локалната самоуправа или национални, кога ги основа државата.

Во текот на 2004 година, согласно со член 94 од Законот за култура, со одлука на Владата, се определи на кои установи ќе им се преземат основачките права и истите ќе ги ги утврдат како национални установи. Во општините каде што постоеја установи од областа на културата, а кои не се стекнаа со статус на национални установи, единиците на локалната самоуправа, со свои одлуки, ги презедоа основачките права на 49 установи, со 552 вработени, со што тие се здобија со статус на локални установи.

Започнатата реформа на системот за финансирање на културата во насока на обезбедување на средства за дотации по жител покрај блок дотациите кои се поврзани со пренесените локални установи, иако се интензивираше, сепак е незавршен и е неопходно да се забрза. Потребно е преку заеднички ангажман на инволвираните страни од локално и национално ниво, да се продолжи со трансформација на останатите национални институции на локално ниво, следејќи ги финансиските потреби за пренесување и управување од страна на општините.

10.1. Културата на локално ниво

Управувањето со културните вредности на граѓаните кои живеат на одредено подрачје, се утврдува со општинските акти на локалната самоуправа, а се финансираат согласно со Програмата за култура што ја донесува Советот на општината. Локалните културни установи преку непосреден контакт со граѓаните многу попрецизно ги откриваат нивните културни потреби и формите за нивно задоволување. Локалните власти го креираат културниот живот во општините и во зависност од предвидените средства, влијаат на богатството, разновидноста, динамичноста и квалитетот на културниот живот во локалната самоуправа, како и на управувањето со културните добра и вредности кои се пренесуваат од генерација на генерација, кои, всушност, и прерастуваат во вредна традиција.

10.1.1. Области од културата во надлежност на општината

Во согласност со Законот за локална самоуправа и спроведувањето на процесот на децентрализација од 1 јули 2005 година, во општинска надлежност влегува:

- институционална и финансиска поддршка на установите и проектите од областа на културата;
- негување на фолклорот, обичаите, старите занаети и слични културни вредности;
- организирање на културни манифестации;
- поттикнување на разновидни и специфични форми на творештво.

Општините добија право да управуваат и со институциите од областа на културата, односно со домовите на културата, библиотеките, дел од музеите, дел од театрите и други институции од културата, а некои институции од областа на културата добија национален карактер и тие останаа под надлежност на Министерството за култура.

Поврзано со општинските надлежности и локалните установи од областа на културата, во изминатите години имаше позначајни измени на нормативната и институционалната рамка. Карактеристично се зголемени инвестициските

активности на Министерството за култура поврзано со обнова на театри и домови за култура во 8 општини и во неколку установи лоцирани во градот Скопје, како и изградба на нов театар во Струмица. Управата за заштита на културното наследство издаде неколку публикации за културното наследство во кои се опфатени голем број археолошки локалитети, средновековни христијански споменици и османлиски споменици, како и монографија за културното наследство на регионот Дебар и Река.

10.1.2. Управување со културните институции

Законот за култура, Законот за музеи, Законот за библиотеки предвидуваат општината, градот Скопје и општините во градот Скопје да управуваат со институциите од областа на културата преку Управен одбор и директорот на институцијата. Советот на општината, Советот на Град Скопје и Советот на општините во Скопје, ги избира членовите на Управниот одбор на институцијата. Управниот одбор го донесува статутот на институцијата, по претходно позитивно мислење на Советот на општината, ја утврдува политиката и принципите за развој на институцијата, ја предлага годишната програма за работа, финансискиот план и годишната сметка до Советот на општината и врши други работи утврдени со Статутот на институцијата.

Со локалните институции на културата раководи директор што го избира и разрешува градоначалникот на општината.

Во нашава земја се организираат и културни манифестации кои се со интернационален карактер, па поради тоа и сами за себе се комплексна форма на настани од културата. Во општините, во последните години стана практика да се организираат фестивали кои се поврзуваат со културната или природната специфика на одредена територија која се наоѓа во границите на одредена општина. Со тоа, општините го промовираат своето културно и природно подрачје и обезбедуваат поддршка на локалната економија.

Во согласност со Законот за меморијални споменици и спомен-обележја, се врши распределба на надлежностите помеѓу општините, градот Скопје и општините во градот Скопје и Собранието на земјата, со што општините добија надлежност да подигаат спомен-обележја, како што се: бисти, скулптури, плочи, чешми, фонтани и други уметнички и архитектонски дела и творби кои со својата содржина и ознаки одбележуваат настани и личности кои се од локално значење. Собранието е надлежно за меморијалните споменици, со кои се одбележуваат настани и личности кои се од исклучително значење за државата. Советот на општината, односно градот Скопје и општините во градот Скопје, донесуваат петгодишна програма за одбележување на значајни настани и истакнати личности од локално значење. Во единиците на локалната самоуправа каде што имаме повеќе заедници, оваа програма се донесува во општинскиот совет со таканаречен „Бадентеров" модел на одлучување.

Иницијатива за подигање и одбележување на спомен-обележјата до Советот на општината, Советот на Град Скопје и Советот на општините во градот Скопје, можат да дадат: граѓаните, правните лица, здруженија на граѓани, фондации и други, а истите можат да учествуваат и во финансирањето на спомен-обележјата.

10.2. Финансирање

Во согласност со член 12 од Законот за финансирање на ЕЛС, Министерството за култура секоја година подготвува Методологија за распределба на блок дотациите за локалните установи во културата според критериумите утврдени во Уредбата на Владата.

Во согласност со член 9 од Законот за култура, Министерството за култура донесе Национална стратегија за развој на културата за периодот 2018 - 2022. Во овој стратешки документ за културата има посебно поглавје во точката 4.2. децентрализација и деметрополизација на културата.

Заложба на Министерството за култура е продолжување на постојаниот процес на децентрализација во повеќе димензии и врз основа на

проценките на специфичните карактеристики на локалната средина, стручна и финансиска поддршка на локалните власти за развој на локални годишни и среднорочни политики и планови, како и создавање на услови за локален развој на креативни индустрии како придонес на економскиот развој на општините.

Деметрополизацијата на културата како продолжение на децентрализацијата, според Стратегијата на Министерство за култура, е преку развивање на културни програми со што културните содржини од метрополата ќе бидат достапни и во внатрешноста и обратно. Со ова ќе се придонесе во намалување на нерамномерниот културен развој во земјата. Во таа насока, Министерството и националните институции треба да подготват програми што ќе бидат лесно преносливи во повеќе локални центри.

Освен блок дотациите за локалните установи од областа на културата, Министерството, преку годишните конкурси за одделни области за финансирање на проекти од национален интерес за културата, редовно и континуирано ги поддржува проектите со кои се придонесува за рамномерен културен развој во целата држава.

На конкурсите имаат право да учествуваат: уметници, самостојни уметници, **локални установи**, здруженија на граѓани, фондации и други правни и физички лица што вршат дејност од областа на културата согласно со Законот за култура и со другите позитивни законски прописи. Конкурсите содржат информации за областа или дејноста во културата за која се распишува, за условите за конкурирање, основните елементи за одделни видови проекти и слично.

Разгледувањето и евалуацијата на пријавите по конкурсите на Министерството за култура за финансирање проекти од национален интерес, како и селекцијата и предлог-финансиските средства за проектите што треба да бидат поддржани во годишните програми на Министерството, во рамките на утврдениот државен буџет за областа култура, го спроведуваат комисии. При селекцијата на проектите, особено се внимава финансиски да се поддржат проектите што се од национален интерес врз основа на квалитет, под еднакви услови независно од правниот статус, етничка или друга припадност на пријавените, како и поддршка на проектите кои овозможуваат рамномерна дисперзија на културните вредности на целата територија на нашата држава.

За локалниот културен развој значително придонесуваат и наменските конкурси на Министерството со кои се поддржува реализацијата на манифестацијата *Град на културата* на кој аплицираат исклучиво општините и манифестацијата *Топол културен бран*. На овој начин се обезбедуваат дополнителни услови за достапност на граѓаните до културните вредности и нивно масовно користење и поттикнување и заживувањето на културата на локално ниво.

10.2.1. Кадровска екипираност на локалните установи од областа на културата

Во согласност со позитивната законска легислатива и извршениот трансфер на надлежности на локално ниво, за одржување на објектите и кадровската екипираност на локалните установи од областа на културата надлежни се единиците на локалната самоуправа. Досегашната практика за помагање на локалните установи од областа на културата преку блок дотациите за култура, покажа дека средствата се недоволни за инвестициско одржување на објектите, соодветно намирување на доспеани обврски за материјални трошоци (електрична енергија, други комунални услуги, греење и слично), како и за пополнување на неопходните работни места за нормално функционирање на установите.

11. ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Под заштита на животна средина се подразбира преземање мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот и почвата, како и заштита на природата од бука (бучава) и нејонизирачко зрачење. Теоретскиот и насочувачки карактер на заштита и унапредување на животната средина, како темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија, е базиран врз меѓународното прифатено начело за развој низ остварување рамнотежа меѓу економскиот, социјалниот и еколошкиот потсистем, познат како „одржлив развој". Сите природни богатства во државата, растителниот и животинскиот свет, добрата во општа употреба, вклучувајќи ја и комуналната инфраструктура, според Уставот и според законот, се добра од општ интерес за државата и уживаат посебна заштита.

Правната рамка на основните начела и принципи за заштита на животната средина е Законот за животна средина или т.н. *еколошки устав*. Овој закон ја институционализира областа на заштита на животната средина и ги утврдува административните постапки заеднички за сите посебни закони произлезени од овој рамковен закон.

Кои мерки ќе се преземат, какви и кои прописи ќе се донесуваат и применуваат, како ќе се организира надзорот над загадувањето на посебните видови медиуми, а во надлежност на општината, е доопределено во законите за: регионално управување со отпад, заштита на амбиентен воздух, води, заштита од бука, управување со пакување и отпад од пакување, управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори, управување со електронска и електрична опрема и отпадна електрична и електронска опрема, заштита на природата и други правни акти преку кои се пренесува конкретна надлежност на општината.

Спроведувањето на надлежностите во областа на животната средина, а кои се однесуваат на единиците на локалната самоуправа, произлегува од две основни начела што се дел и од начелата на Европската Унија:

- *Начелото на интегрираност*, според кое основите и целите на политиката за заштита и унапредување на животната средина мора да се интегрираат во сите развојни, стратешки, плански и програмски документи кои ги донесуваат органите на ЕЛС.
- *Начело на супсидијарност*, според кое, ЕЛС, во рамките на надлежностите определени со закон, имаат право и должност на своето подрачје да ги преземат сите мерки и активности за заштита и за унапредување на животната средина, кои не се во исклучива надлежност на органите на државната управа.

11.1. Закон за животна средина

Законот за животна средина го применува законодавството за животна средина на Европската Унија базирано на основните принципи и постапки за интегрирано управување со животната средина. Законот налага при преземање на секоја активност или вршење на која било дејност, задолжително да се води сметка за рационално и одржливо користење на ресурсите. Законот ги уредува правата и должностите на државните институции, на единиците на локалната самоуправа (ЕЛС), како и правата и должностите на правните и физичките лица, во обезбедување услови за заштита на животната средина.

Органите на локалната самоуправа, кои ги спроведуваат надлежностите во својот домен од областа на животната средина, е предвидено да уживаат организациска, функционална, персонална и финансиска самостојност. Централната власт го задржува правото на надзор над законитоста на актите и активностите на локалните органи.

Следните начела се од особено значење за целокупниот систем за управување со животнта средина:

- *Загадувачот плаќа,* според кое, загадувачот е должен да ги надомести трошоците за отстранување на опасноста од загадување на животната средина.

- *Корисникот плаќа*, односно корисникот на природните богатства е должен да ги надомести трошоците за обезбедување на одржливиот развој.
- *Претпазливост* – доколку постои основно сомневање дека одредена активност може да предизвика штетни последици врз животната средина, се преземаат неопходни мерки за заштита.
- *Учество на јавноста и пристап до информации* – органите на државната власт и органите на ЕЛС се должни да обезбедат остварување на правото на пристап до информациите и учество на јавноста во донесување на одлуки.
- *Заштитна клаузула*, според која, заради заштита на животот и здравјето на луѓето, органите на државната власт и органите на ЕЛС имаат право и обврска да преземат мерки и активности кои се однесуваат на привремена и трајна забрана за вршење на определени дејности или промет на определени производи.

Врз основа на спроведената децентрализација во областа на животната средина, општините се должни да ги исполнат, меѓу останатите, и следниве *нови обврски:*

1) Да даваат континуирана поддршка за подигнување на нивото на образованието и јавната свест за заштита и унапредување на животната средина.

2) Да донесат и да спроведат Локален еколошки акциски план (ЛЕАП), во согласност со Националниот еколошки акциски план (НЕАП) за период од шест години. Советот на ЕЛС треба да формира тело, раководено од градоначалникот, кое ќе го следи имплементирањето на ЛЕАП и за тоа еднаш годишно да го известуваат органот на државната управа, надлежен за работите од областа на животната средина, кој е во позиција да предлага промени во ЛЕАП, со цел нивно усогласување со НЕАП. Локалните акциски планови за животната средина, врз основа на оцената за степенот на загаденоста на животната средина во даденото подрачје, содржат среднорочни и долгорочни мерки и активности за заштита на животната средина и здравјето на луѓето, од интерес и во надлежност на ЕЛС. Начинот на доставување на податоци од правни и физички лица надлежни за спроведување на планот го пропишува Советот на ЕЛС, на предлог на градоначалникот. ЕЛС кои имаат изготвено и донесено ЛЕАП автоматски обезбедуваат подобра почетна позиција во однос на можностите за искористување на неповратни финансиски средства од меѓународни донатори како развојни партнери на државата.

3) Да применат стратегиска оцена на влијание врз животната средина (СОЖС) од одредени стратегии, планови и програми врз основа на обезбедено учество на јавноста. Стратегиската оцена е постапка за оцена на влијанијата врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето од определени плански документи (стратегии, планови и програми - член 65). СОЖС на планските документи што ги донесуваат ЕЛС ја спроведуваат градоначалниците на ЕЛС. Советот на ЕЛС, по претходно одобрение од Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП), може да одлучи да не спроведува стратегиска оцена на планските документи за кои оцената не е задолжителна, односно не се определени со пропис на Владата.

4) Да дадат мислење за проекти што треба да се реализираат на подрачјето на општината врз основа на изготвена студија за оцена на влијанието врз животната средина (ОВЖС) и да земат учество во јавната расправа. Со ОВЖС се прави проценка на позначајните влијанија од одделен проект врз животната средина. Не е дозволено да се преземаат активности (изградба) сè додека трае процесот на ОВЖС и додека не се издаде Решение со кое се дава согласност за спроведување на проектот од страна на МЖСПП.

5) Да ги издаваат т.н. Б-интегрирани еколошки дозволи врз основа на реализирано учество на јавноста. Б-интегрираната еколошка дозвола се однесува на видови бизнис, кои спо-

ред класификацијата направена од Владата, влегуваат во категоријата Б-инсталации и кои предизвикуваат загадување на животната средина од локално значење. Фирмите се должни да обезбедат Б-интегрирана еколошка дозвола. Органи надлежни за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола се градоначалниците на општините и на Град Скопје. Во случај кога инсталацијата се наоѓа во заштитено подрачје, согласно со законон, органот надлежен за издавање на Б-интегрираната еколошка дозвола е МЖСПП. Општините можат да формираат заедничка администрација за издавање на Б-интегрирани еколошки дозволи.

(i) *Поднесување на барање за издавање Б-ИСКЗ дозвола*

Барањето се поднесува од страна на операторот кој ја гарантира веродостојноста на презентираните податоци. Барањето се доставува до:

- Градоначалникот на општината на чија територија се врши активноста, односно до градоначалникот на Град Скопје.
- Во случај кога локацијата на инсталацијата се простира на територијата на две или повеќе општини, барањето се доставува до градоначалникот на општината на која се наоѓа поголемиот дел од инсталацијата.

Спроведувањето на постапката за издавање Б-интегрирана еколошка дозвола, како и водењето на регистарот, може да се врши и на електронски начин.

(ii) *Издавање дозвола*

Б-дозволата ја потпишува градоначалникот на општината или лице овластено од него. Б-дозволата има важност од седум години. Б-дозволата ги пропишува условите под кои ќе работи една инсталација. Квалитетот на Б-дозволата во голема мера зависи од квалитетот на податоците во барањето и соработката меѓу операторот и регулаторот - општината.

6) Да доставаат мислење за т.н. А-интегрирани еколошки дозволи. Активностите на новите инсталации што предизвикуваат загадување на животната средина од поголем обем или значителните промени на постоечките, што ги определува Владата, можат да се вршат само по претходно добиена интегрирана еколошка дозвола, т.н. А-дозвола, која ја издава органот на државната управа, надлежен за работите од областа на животната средина (МЖСПП).

7) Да одобруваат или да одбиваат елаборати за животна средина, преку издавање Решение за одобрување или одбивање. За издадените решенија се води Регистар за одобрени елаборати. Градоначалникот на ЕЛС го потпишува Решението за одобрување или одбивање на елаборат за животна средина. Постапката е регулирана со подзаконски акти.

8) Да изготват надворешен план за вонредни состојби базиран врз внатрешни планови за вонредни состојби кои треба да ги изготват фирмите и јавните претпријатија и да ги доставаат до општината. Градоначалникот на ЕЛС е должен да ѝ овозможи на јавноста пристап до содржината на надворешниот и на внатрешниот план за вонредни состојби. Внатрешните и надворешните планови за вонредни состојби треба да бидат применети без одложување од страна на операторот, како и од страна на општините и градот Скопје, во случај на хаварија или неконтролиран настан, за кој, поради неговата природа, со право може да се очекува да доведе до хаварија. Градоначалникот на ЕЛС е должен надворешниот план за вонредни состојби, во рок од 15 дена од неговото донесување, да го достави до МЖСПП. Операторот, градоначалникот на ЕЛС и МЖСПП, се должни во периоди не подолги од три години, да ги анализираат и да ги тестираат, обновуваат и ревидираат внатрешните и надворешните планови за вонредни состојби, притоа водејќи сметка за новите технички достигнувања на полето за справување со хаварии. Во процесот на изработка на просторни и

урбанистички планови, ЕЛС треба да ги имаат во вид аспектите на плановите за вонредни состојби, особено да водат сметка за оддалеченоста меѓу системите кои применуваат или создаваат опасни супстанции и местата на живеење, местата што ги посетува јавноста и еколошки значајните подрачја.

9) Да овластат локални инспектори за животна средина. Обемот на надзор што им е доверен на општините, зависи од видот на загадување, како и од капацитетот на општините. Службеното својство на овластен инспектор за животна средина се докажува со службена легитимација, која ја издава и се поништува од страна на Инспекцискиот совет (ИС). Издавањето легитимација за вршење инспекциски надзор се одвива преку посебен едукативен процес организиран од ИС (3 месеци теоретска интерактивна обука и 9 месеци практика во општината под менторство на раководни инспектори од службата). Постапката за вршење инспекциски надзор, за градоначалникот на ЕЛС предвидува секоја година да донесува план за вршење инспекциски надзор и да го доставува до МЖСПП.

10) Да изготват локална агенда 21. Овој документ претставува локален стратешки, плански и програмски документ за одржлив развој, базиран на Националната стратегија за одржлив развој (која ја усвојува Владата, по разгледување од страна на Собранието).

11) Општините можат да формираат локални мрежи за мониторинг на состојбите со животната средина, да водат регистар на загадувачки материи и супстанции, да водат катастар за животната средина (на загадувачи, создавачи на отпад, заштитени подрачја). Средствата за формирање, работење, одржување и развој на локална мрежа за мониторинг се обезбедуваат од буџетот на ЕЛС и од други извори, во согласност со законот и со акт на ЕЛС.

12) ЕЛС можат на своите подрачја да воспостават и одржуваат регистар на загадувачки материи и супстанции и нивни карактеристики и катастар на животната средина, како составни делови на Информативниот систем за животна средина. Катастарот ги вклучува: катастар на загадувачите на вода, воздух и почва; катастар на создавачите на бука; катастар на создавачите на отпад; катастар на заштитените подрачја и други катастри утврдени со посебните закони. Градоначалникот на ЕЛС е должен, најмалку еднаш месечно да ги доставува податоците од регистарот и од катастарот до МЖСПП.

11.2. Закон за управување со отпад

Со воведување на Законот за управување со отпад се воспоставува интегриран и превентивен концепт за управување со отпадот кој вклучува: планирање (стратегија, планови и програми*), постапување* (собирање, селектирање, транспортирање) со различни видови отпад, *депонии и согорување на отпад, увоз, извоз и транзит на отпад, мониторинг и информативен систем и финансирање*. Од особено значење за целокупниот систем за управување со отпад се начелата на: *блискост, загадувачот плаќа, „одговорност на производителот“* и *систем на кауција*.

1. *Основни документи за планирање* и развој на управувањето со отпад се:

- Национална стратегија за управување со отпад (ја донесува Владата за период од 12 години на предлог на МЖСПП).
- Национален план за управување со отпад (го донесува МЖСПП за период од шест години).
- Национална програма за управување со отпад (се усвојува за период од една година).
- Планови и програми за управување со отпад на ЕЛС. Плановите за управување со отпад на ЕЛС треба да бидат во согласност со важечкиот Национален план за управување на отпад. За реализација на Планот, ЕЛС е должна да донесе Програма за уп-

равување со отпад, која се донесува за период од една година.

- Планот за управување со отпад го донесува Советот на ЕЛС на предлог на градоначалникот на ЕЛС. Градоначалникот на ЕЛС е одговорен за спроведување на Планот, кој се доставува на одобрување до МЖСПП. Програмата за управување со отпад ја донесува Советот на ЕЛС, на предлог на градоначалникот на ЕЛС. Градоначалникот на ЕЛС е должен секоја година до МЖСПП да доставува извештај за спроведување на своите програми за управување со отпад, за кои претходно е добиена согласност од Советот на ЕЛС. Извештајот се доставува до 28 февруари во тековната година за програмата од претходната година.
- Регионални планови, за кои советите на општините и Советот на Град Скопје, на предлог на меѓуопштински одбор за управување со отпад, донесуваат Регионален план за управување со отпад за соодветниот регион утврден со Националниот план. Регионалниот план се донесува за период од десет години. Меѓуопштинскиот одбор за управување со отпад може да предложи изменување и дополнување на Регионалниот план на секои две години. Пред да биде донесен од советите на општините и Советот на Град Скопје, се доставува на одобрување до МЖСПП.

2. Управување со отпад на регионално ниво

Советите на општините и Советот на Град Скопје од соодветниот регион за управување со отпад донесуваат Одлука за склучување спогодба за здружување за воспоставување на систем за регионално управување со отпад, со што се регулираат меѓусебните права и обврски на општините и на градот Скопје. Преку регионалното управување се воспоставува и се организира регионален систем за управување со отпад што се состои од регионална депонија за отпад и/или други објекти и инсталации за постапување со отпад. Актите за одржување на општините и на градот Скопје се доставуваат до МЖСПП во рок од 30 дена од денот на здружувањето. За реализација на Регионалниот план и управување се формира **Меѓуопштински одбор за управување со отпад.** Конститутивната седница на одборот ја свикува градоначалникот на **ЕЛС** со најголем број жители во регионот за управување со отпад. Членови на одборот се градоначалниците на општините и градоначалникот на градот Скопје, кои ја склучиле спогодбата за здружување или други лица овластени од градоначаниците на општините и на градот Скопје. Со Одборот претседава претседавач кој се избира од редот на членовите на одборот за период од една години, по принцип на ротација. Одлуките на Одборот се донесуваат со двотретинско мнозинство од присутните членови на седницата.

Стручните административно-технички работи, планирање, водење инвестициски проекти и работи од значење за регионалното управување, реализацијата на регионалниот план и развојот на регионалниот систем, мониторингот над обемот и квалитетот на извршените услуги и други работи од значење за развојот на регионалното управување ги врши посебна организациска единица за регионално управување со отпад во рамките на Центарот за развој на плански регион.

3. Собирање и транспортирање со отпад

Видовите отпад во надлежност на ЕЛС се: комунален, индустриски неопасен и инертен отпад. Опасниот отпад е во надлежност на МЖСПП.

Посебните правила за постапување со комуналниот и со другите видови неопасен отпад на својата територија ги пропишува Советот на ЕЛС, на предлог на градоначалникот на ЕЛС.

Дејноста *собирање и/или транспортирање* на комунален и на друг вид неопасен отпад можат *да ја вршат:*

- Јавни претпријатија основани од една или од повеќе ЕЛС (основани од Советот на ЕЛС, на предлог на градоначалникот).
- Правни и физички лица кои склучиле договор со ЕЛС, во согласност со постапката за јавен тендер или според одредбите на Законот за концесии и за јавно-приватно партнерство.

Советот на ЕЛС, на предлог на градоначалникот, ги пропишува шемите, начинот и условите за собирање и транспорт на комунален отпад, во рамките на интегрирана мрежа за управување со отпад. *Местата за третман и за отстранување* на инертниот отпад ги одредува Советот на ЕЛС, на предлог на градоначалникот, а во согласност со плановите за управување со отпад и во согласност со просторните и урбанистичките планови. Давателите на услугите во соработка со постапувачите со посебните текови отпад се должни на местата определени од градоначалникот на ЕЛС или градот Скопје (собирни места) да постават садови за собирање и за селектирање на отпад. Давателите на услугите се должни на местата определени од градоначалникот на ЕЛС или градот Скопје да ги организираат собирните центри, при што треба да се обезбеди најмалку еден собирен центар на 15 000 жители.

4. Водење евиденција и известување

Градоначалникот на ЕЛС е должен да изготви консолидиран извештај за отпадот и да го достави до МЖСПП најдоцна до 31 март во тековната година, за претходната година.

5. Селектирање на отпад

Градоначалникот на ЕЛС ги определува местата за собирање и за селектирање на комуналниот отпад, а согласно со „начелото на блискост" се грижи и давателот на услугата во целост да ја исполнуваа оваа обврска.

6. Преработка и складирање на отпад

Градоначалникот на ЕЛС ги определува локациите за складирање на неопасен отпад, согласно со начелото на блискост. Вршењето на дејноста за преработка, третман и/или складирање на отпад подлежи на систем на дозволи.

7. Отстранување на отпад

Објектите и инсталациите наменети за отстранување на отпадот треба да бидат поврзани со интегрирана мрежа. Начинот и условите за функционирање на интегрираната мрежа се пропишани во посебен правилник. Мрежата треба да опфати: примарен систем за собирање отпад, претоварни станици, секундарни транспортни системи и депонии.

Градоначалникот на ЕЛС ги определува локациите на претоварните станици.

8. Депонирање

Регионалните депонии за комунален и за друг вид неопасен отпад и депониите за инертен отпад се во надлежност на ЕЛС.

Оператори на депонија за неопасен отпад можат да бидат:

- Јавни претпријатија;
- Правни лица, врз основа на дозвола и договор со ЕЛС, врз основа на концесиски договор или јавно-приватно партнерство. Депонирањето подлежи на систем на дозволи.

Советот на ЕЛС, на предлог на градоначалникот, може да донесе одлука со која основањето на регионална депонија за неопасен отпад со регионален систем за управување со отпад ѝ го отстапуваат на Владата. Владата, пак, може да основа јавно претпријатие заради основање на регионална депонија за неопасен отпад во случаите кога ЕЛС нема да воспостават регионален систем за управување со отпад во утврден рок. Во овој случај, основањето на регионална депонија за неопасен отпад, Владата може да го довери на домашно или странско правно лице согласно со Законот за концесии и јавно приватно партнерство.

Единиците на локална самоуправа можат да основаат јавно претпријатие заради основање на депонија за инертен отпад. Основач на депонијата за инертен отпад може да биде домашно или странско правно лице.

9. Финансирање на управување со отпад

ЕЛС имаат обврска да обезбедат средства за *финансирање* на:

- Изработка и реализација на планските документи (планови и програми) за управување со отпад.
- Изградба на депонии за комунален и друг вид неопсен отпад и инертен отпад, доколку операторот на депонијата е основан од единиците на локалната самоуправа.

Висината на тарифата за отпад и за депонирање на отпад ја определува *Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги* со Правилник за утврдување тарифа на услуга за управување со комунален отпад.

Услугата за управување со комунален отпад опфаќа: собирање, транспорт, селектирање и третман на комунален отпад. Тарифата за отпад вклучува трошоци на давателот на услугата засновани на: оперативни трошоци и трошоци за одржување, како и трошоци за капитални инвестиции. Тарифата за отпад се определува врз основа на количество и вид на отпад и може да се утврдува според единица мерка денар по метар кубен, денар по квадратен метар за станбена, односно дворна површина или денар по килограм во согласност со Правилникот за тарифа на отпад. Регулаторната тарифа се утврдува со Решение за утврдување на тарифи за услуги за управување со комунален отпад или Решение за регулаторна тарифа за услуга за управување со комунален отпад. На седницата на која се донесува Решението за утврдување на тарифите за услуги, Регулаторната комисија е должна да ги разгледа и забелешките кои се пристигнати од давателот на услуга, односно основачот на давателот на услуга (Советот на ЕЛС доколку е основач на ЈКП). Ако нема согласност по доставените забелешки, Регулаторната комисија отпочнува постапка за преговори која треба да заврши во рок од 30 дена. Решенијата на регулаторната комисија се објавуваат во „Службен весник на РСМ", и во рок од 15 дена ЈКП како давател на услуги треба да донесе Одлука за утврдување тарифи за отпад. Одлуката треба да се достави до градоначалникот на ЕЛС, како основач на ЈКП, заради давање согласност на одлуката во рок од осум дена од денот на нејзиното донесување. Градоначалникот на ЕЛС е должен во рок не подолг од 60 дена да започне постапка за давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифата за отпад. Доколку не е дадена согласност, во рок од 150 дена од денот на објавувањето на Решението за утврдување на тарифата за отпад во „Службен весник на РСМ", Регулаторната комисија ќе донесе решение за започнување на постапка за донесување на Регулаторна тарифа за отпад. Против Решението, ЈКП и градоначалникот на ЕЛС имаат право да поведат управен спор пред надлежниот суд. ЈКП е должно да започне со примена на тарифата за отпад во рок од 45 дена од нејзино одобрување од Советот на ЕЛС. Доколку во рок од 180 дена од денот на донесување на Решението за започнување на постапка за утврдување на регулаторна тарифа за отпад ЈКП не достави барање за утврдување на тарифа за отпад, постапката ќе ја спроведе Регулаторната комисија, но трошоците ќе бидат на товар на ЈКП.

Тарифата за депонирање ја определува Регулаторната комисија. Владата, на предлог на министерот за финансии, може да пропише такса за депонирање на отпад. Таксата за депонирање се одредува по тон на отпад и може да биде различна за различни видови депонии. Основачот на депонијата ќе ја уплаќа таксата на посебна приходна сметка на МЖСПП, а средствата ќе се користат за финансирање на активности за управување со отпад (Законот предвидува воведување такса по влегување на РСМ во ЕУ).

Извори на финансирање на програмите за управување со комунален отпад, регионални планови за управување со отпад и на организациски единици за регионално управување со отпадот се: уплати од ЈКП или приватни даватели на услуги на 2 % од цената која ја наплаќаат за извршена услуга на ЕЛС, прикажана одвоено во сметката за извршена услуга. Овие средства се сметаат за приход на буџетот на ЕЛС и се уплатуваат на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка, најдоцна до 15 ден во тековниот месец за претходниот месец, а се користат за финансирање на реализирање на целите за управување со отпад утврдени во регионалните планови за управување со отпад и за финансирање на организациските единици за регионално управување со отпад. Општините и градот Скопје, 50 % од на-

доместокот ќе го уплатат на центрите за развој на планскиот регион за регионално управување со отпад најдоцна до последниот ден на тековниот месец.

Средствата од наплатените глоби изречени од овластените инспектори на ЕЛС, се приходи на општините, општините во градот Скопје и на градот Скопје. Средствата од наплатените глоби изречени од службено лице на МВР на РСМ, исто така се приходи на ЕЛС.

Динамика на имплементацијата на Законот за регионално управување со отпад усвоен на 14 септември, 2021 г. на седница на Собрание на РСМ:

- Во рок од една година од денот на влегувањето во сила на Законот:
  - Усвојување на Регионален план за управување со отпад, постоечките продолжуваат да важат до истек на рокот или до донесување на нов.
  - Усвојување на План за спречување за создавање на отпад.
  - Донесување Програма за управување со отпад.
- Затворање на постоечките нестандардни депонии и воспоставување на регионална депонија за неопасен отпад:
  - Градоначалникот на ЕЛС и Центарот за развој на плански регион во рок од три години од денот на влегување во сила на овој закон се должни да ги затворат и рекултивираат постоечките нестандардни локации за отстранување на отпад.
  - ЕЛС, заедно со ЈКП/давател на услуга/отстранувањето на комуналниот отпад го вршат на идентификуваните нестандардни локации за отстранување на отпад на нивната територија или во друга најблиска општина, која е идентификувана како локација со помал или среден ризик, согласно со Планот за управување со отпад на РСМ 2021 – 2031.
  - До основање на регионалните депонии, градоначалниците на ЕЛС ги преземат сите неопходни мерки за најбезбедно работење на постоечките нестандардни локации за отстранување на отпад.
  - Градоначалникот на ЕЛС управува со начинот на работа и постапување со постоечките нестандардни локации за отстранување на отпад сè до воспоставување на регионална депонија за отстранување на отпад на нивниот регион.
  - Доколку регионалното управување со отпад не се воспостави за период до 10 години од моментот на влегувањето во сила на овој закон, ЕЛС отстранувањето на отпадот ќе го вршат во најблиската воспоставена регионална депонија.
  - Организационата единица на Центарот за развој на плански регион и градоначалник ЕЛС во рок од три години од престанувањето на употребата на нестандардните локации за отстранување на отпад се должни да ги затворат и рекултивираат постоечките нестандардни локации за отстранување на отпад.
- За собирање и селектирање на комунален отпад и тарифи за отпад, во рок од 6 месеци од стапување на сила на Законот:
  - Градоначалникот на ЕЛС е должен да определи места за собирање и селектирање на комунален отпад.
  - ЈКП/давателите на услуги се должни, по назначување на местата за собирање и селектирање на комунален отпад определени од градоначалникот на ЕЛС, да постават садови за собирање и за селектирање на отпад.
- Воспоставување на регионален систем (во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на Законот):

- Советот на општината и Советот на Град Скопје се должни да донесат Одлука за склучување на спогодба за воспоставување на регионален систем.
- За секој регион ќе се формира меѓуопштински одбор за управување со отпад. Досега формираните одбори продолжуваат да работат.
- Првата конститутивна седница на одборот ја свикува градоначалникот на општината со најголем број жители во регионот за управување со отпад.
- Организационата единица ќе се воспостави во рок од шест месеци од денот на склучувањето на спогодбите за воспоставување на регионален систем. Донесените спогодби продолжуваат да важат, а продолжуваат со работа и оние што веќе се формирани.

■ Тарифа за отпад

- Подзаконските прописи кои се однесуваат на утврдување тарифа за отпад ќе се донесат најдоцна до 31 декември, 2022 г.
- ЈКП барањата за утврдување тарифа за отпад ќе започнат да ги поднесуваат од 1 август 2023 г. а најдоцна до 31 декември, 2023 г.
- Плаќањата по новоутврдените тарифи за отпад ќе отпочнат да се применуваат од 1 јуни, 2024 г.

11.3. Управување со пакување и отпад од пакување

Со Законот за управување со пакување и отпад од пакување се уредуваат барањата за заштита на животната средина кои мора да ги исполнува пакувањето при неговото производство, пуштањето на пазар и ставањето во употреба, како и постапувањето со отпадот од пакување.

Градоначалникот на општината, на општина во градот Скопје и на градот Скопје е одговорен за организирање на одделното собирање на отпадот од пакување кој е комунален отпад на подрачјето на општината, на општината во градот Скопје и на градот Скопје. Градоначалникот ги остварува овие обврски врз основа на склучен договор со правното лице за постапување со отпад од пакување или со самостојниот постапувач со отпад од пакување.

Градоначалникот на ЕЛС е должен да:

■ организира одделно собирање на отпад од пакување од домаќинства;

■ организира одделно собирање на отпад од пакување од домаќинства од овластен давател на услуги за собирање комунален отпад, како одделна собрана фракција на комунален отпад;

■ определи и организира собирни пунктови за одделно собирање на отпад од пакување од домаќинства во собирни центри или други времено определени места за таа намена на целото подрачје на ЕЛС, каде што крајните корисници ќе можат бесплатно да го оставаат отпадот од пакување од домаќинства; и

■ соработува со колективни постапувачи.

При определување на места и локации на собирни центри, треба да се има во вид бројот на жители во населеното место, така што да се обезбеди најмалку еден собирен центар на ниво на општина, односно најмалку по еден собирен центар на најмалку 30 000 жители за ЕЛС над 30 000 жители. Собирните центри ги вклучуваат и постојните места и локации за прием на одделно собрани фракции на комунален отпад, доколку овие места ги исполнуваат условите утврдени со закон или со прописите за управување со отпад.

Отпадот од пакување одделно собран на определени места се предава на колективен постапувач со отпад од пакување бесплатно, врз основа на склучен договор со ЕЛС, односно со Центарот за развој на плански регион. Во договорот се регулираат меѓусебните права и обврски на договорните страни, начинот на редовно преземање на отпадот од пакување, начинот на информирање

на јавноста за собирните центри и други локации за преземање на отпад од пакување, начинот на покривање на трошоци од работењето и други прашања од заеднички интерес. Договорот се склучува за период од најмалку една година.

Заради следење на состојбата со управувањето со отпадот од пакување, Владата формира Комисија за управување со отпад од пакување, која се состои од претседател и најмногу 15 члена со мандат од три години. Во оваа комисија еден претставник има од Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС).

11.4. Управување со електрична и електронска опрема и отпадна електронска и електрична опрема

Со овој закон се уредуваат барањата за заштита на животната средина кои треба да ги исполнат правните и физичките лица што произведуваат и пуштаат на пазар во државата електрична и електронска опрема и кои постапуваат со отпадната електрична и електронска опрема.

Градоначалникот на општината, градоначалникот на општините во градот Скопје и градоначалникот на градот Скопје имаат обврска да организираат одделно собирање на отпадната опрема, да овластат собирач на отпадната опрема од домаќинствата, како и да определат и да организираат места, односно локации за одделно собирање на отпадна опрема од домаќинствата во соработка со овластениот собирач, во собирни центри на целото подрачјето на општината, општината во градот Скопје и градот Скопје, каде што крајните корисници ќе можат бесплатно да ја предаваат отпадната опрема од домаќинствата.

При определување на местата и на локациите на собирните центри треба да се земе предвид бројот на жителите во населеното место, при што треба да се обезбеди најмалку по еден собирен центар за 30 000 жители. Собирните центри ги вклучуваат и постојните места и локации за собирање на одвоено собрани фракции на комунален отпад, доколку се исполнат условите утврдени со овој или со друг закон.

Градоначалникот на општината, градоначалникот на општините во градот Скопје и градоначалникот на градот Скопје во соработка со овластениот собирач се должни на соодветни места да ја известуваат јавноста за адресите на собирните центри кои постојат во подрачјето на таа општина, градот Скопје или општините во градот Скопје коишто се вклучени во системот за постапување со отпадна опрема, односно каде што се врши собирање на отпадната опрема.

Градоначалникот на општината, општината во градот Скопје и на градот Скопје формираат и Комисија за одлучување по жалба на Решението донесено од овластен инспектор за животна средина и на комунален инспектор на општините, на општините во градот Скопје и на градот Скопје.

11.5. Управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори

Со овој закон се уредуваат барањата за заштита на животната средина кои мора да ги исполнуваат батериите и акумулаторите при нивното производство и пуштање на пазар во државата и постапувањето со отпадните батерии и акумулатори.

Градоначалникот е должен да:

- определи места за поставување на садови за одвоено собирање на отпадни батерии и акумулатори на подрачјето на општината, општината во градот Скопје и на градот Скопје,

- организира системи за собирање и времено складирање на отпадни преносливи батерии и акумулатори и нивно предавање за третман, преработка и/или рециклирање.

Градоначалникот ја врши оваа обврска во соработка со колективниот постапувач и/или самостојниот постапувач со кои може да организира одделно собирање на отпадни батерии и акумулатори на подрачјето на општината, на општината во градот Скопје и на градот Скопје преку воспоставување на собирни места и центри и обезбедување на редовно собирање на отпадните батерии и акумулатори од собирните

места и центри. Собирните места и центри можат да бидат поставени во просториите на поседувачите или трговците, во просториите на научнообразовните установи кои постојат на подрачјето на општината, на општината во Скопје и на градот Скопје, на зелените пазари или на други посебно организирани пазари, на јавните површини или на други соодветни места каде што се очекува крајните корисници да остават отпадни батерии и акумулатори, имајќи ја предвид густината на населението. Собирните места поставени во основните и во средните училишта треба да се наменети исклучиво за собирање на преносни батерии и акумулатори.

Оваа обврска градоначалникот може да ја оствари и врз основа на склучен договор со колективното правно лице и/или со самостојниот постапувач.

Градоначалникот на општината, општината во градот Скопје и на градот Скопје формира и Комисија за одлучување по жалба на решението донесено од овластен инспектор за животна средина и на комунален инспектор на општините, на општините во градот Скопје и на градот Скопје.

11.6. Проширена одговорност на производителот за управување со посебни текови на отпад

Правните лица што вршат дејности или активности преку пласирање одделни производи на пазарот во државата, а со чија употреба се создава отпад што припаѓа на посебните текови на отпад, имаат обврска да преземат дополнителни мерки на одговорност и да применуваат посебни правила на управување со посебните текови на отпад, на начин што ќе ја остваруваат својата проширена одговорност како производители. Целта е да се обезбеди максимална количина на собирање, преработка и рециклирање на посебните текови на отпад и постигнување на националните цели за собирање, повторна употреба, преработка и рециклирање на посебен тек на отпад. За осварување на целта, законски се утврдува видот одговорност на производителите по завршување на фазата консумирање на производи пуштени на пазарот во државата и начинот на собирање, преработка и рециклирање на посебните текови на отпад што ги создале производителите со пуштање на производите на пазар, условите, постапката и начинот на организирање заради остварување на проширената одговорност, условите и начинот на финансирање на мерките, правата и обврските на ЕЛС и други субјекти што имаат удел во постапувањето со посебните текови на отпад.

Единиците на локалната самоуправа се дел од системот за проширена одговорност на колективен, односно самостоен постапувач, заради остварување на националните цели на државата.

Градоначалникот на ЕЛС има обврска за воспоставување собирни центри и друга инфраструктура за посебни текови на отпад, односно:

- да преземе мерки за исполнување на националните цели сразмерно на уделот на количината и видот на отпад што се создава на подрачјето на ЕЛС,
- да склучи договор со колективен/самостоен постапувач регистриран во државата за воспоставување собирни центри и друга инфраструктура за одделно собирање и селектирање на посебни текови на отпад, при што е должен на секој колективен/самостоен постапувач да му даде исти услови, односно не може да даде предност, ниту пак да ја отежнува положбата на друг колективен/самостоен постапувач,
- да побара два или повеќе колективни/самостојни постапувачи да соработуваат и заеднички да спроведат активности или да постават собирни центри и друга инфраструктура за одделно собирање на посебни текови на отпад, како и заеднички да ги утврдат целите што треба да се постигнат во однос на количините собрани отпадни производи и текот на отпадот, односно количините преработен или рециклиран тек на отпадот,
- да го направи договорот со колективниот/самостоен постапувач достапен до јавноста преку објавување на веб-страницата на ЕЛС,

- најдоцна до 31 март во тековната година да достави до МЖСПП извештај за тоа колку се постигнати целите утврдени во договорот.

Колективниот/самостоен постапувач, имајќи ја во вид големината и структурата на населението на ЕЛС, не смее да бара услови за склучување на договор што не ги одразуваат интересите на единиците на локалната самоуправа. Во договорот задолжително се уредуваат текот на отпадот, местата каде што ќе бидат поставени собирните центри и другата инфраструктура, целите што треба да се постигнат, најмалку во однос на количината собрани отпадни производи и текот на отпадот, а кога е можно и целите за преработка и рециклирање, начинот на евидентирање на количините и известување, како и утврдување на меѓусебните обврски за исполнување на целите.

Колективниот и самостојниот постапувач се должни да преземат мерки за поддршка на ЕЛС за воспоставување на собирни центри и друга инфраструктура за одделно собирање на отпадни производи и посебни текови на отпадот, каде што крајните корисници можат бесплатно да ги остават отпадните производи и посебните видови отпад. Тие може да учествуваат со целосно или делумно финансирање на собирниот центар/инфраструктура, да соработува со друг колективен/самостоен постапувач и да соработува со давателот на услуга овластен за давање јавна услуга за собирање отпад од домаќинства на подрачјето на ЕЛС или на одделен регион.

Колективните, односно самостојните постапувачи кои заеднички постапуваат во воспоставување на собирни центри и/или друга инфраструктура се должни самостојно да си ги регулираат меѓусебните односи со договор, особено за покривањето на трошоците за собирање и транспортирање на отпадот што ќе биде оставен во собирните центри/инфраструктура. Собраната количина отпад од заедничките собирни центри/инфраструктура се распоредува и евидентира согласно со уделот на пазар за секој колективен/самостоен постапувач во тековната година.

Надзор врз спроведувањето на обврските на градоначалникот врши МЖСПП, при што се оценува дали градоначалникот на ЕЛС:

- склучил договор со колективни/самостојни постапувачи за воспоставување на собирни центри/инфраструктура;
- има дадено предност или ја отежнува положбата на еден колективен/самостоен постапувач наспроти друг;
- поставува услови кои го прават склучувањето договор со колективен/самостоен постапувач невозможно;
- доставил извештај до стручниот орган за тоа колку се постигнати целите утврдени во договорите со колективните/самостојни постапувачи;
- има пречекорувања на надлежности;
- има материјални и процедурални недостатоци во работата што би можеле да го онемозможат остварувањето на обврските на колективните/самостојни постапувачи;
- доследно ја спроведува надлежноста.

Глоба во износ од 5 000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на градоначалникот доколку:

- не склучи договор со колективен/самостоен постапувач кој нуди вообичаени и сразмерни услови како и за другите ЕЛС;
- поставува различни услови за склучување на договор со што дава предност и ја отежнува положбата на еден колективен и/или самостоен постапувач наспроти друг;
- не го направи достапен за јавноста договорот склучен со колективниот и самостојниот постапувач на веб-страницата на ЕЛС;
- не достави извештај до МЖСПП.

11.7. Закон за квалитет на амбиентниот воздух

Со Законот за квалитет на амбиентниот воздух се уредуваат мерките за избегнување, спречување или намалување на штетните ефекти од загадувањето на амбиентниот воздух врз човековото здравје, како и врз животната средина во целина.

Најважни за ЕЛС се инсталациите во кои се одвиваат технолошки процеси и согорување на отпад и во енергетските објекти (т.н. стационарни извори), кои треба да се проектираат, опремуваат, одржуваат и да работат на начин кој нема да доведе до испуштање на загадувачки супстанции во поголемо количество од пропишаните гранични вредности на емисија. ЕЛС треба да ја имаат предвид оваа обврска при издавањето градежни дозволи, при градењето објекти за кои ЕЛС се надлежни да издаваат одобрение за градба. Особено, оваа надлежност на ЕЛС е битна при издавањето Б-интегрирани еколошки дозволи за Б-инсталации и за помали објекти што не подлежат на ИСКЗ режимот.

Граничните вредности што не смеат да се надминат (дозволени нивоа), а ги пропишува МЖСПП со посебна уредба, задолжително треба да се применуваат од ЕЛС при издавање на Б-дозволите, како и при контрола на загадувањето на воздухот од други инсталации, објекти и постројки за кои не е потребна Б-дозволата.

За определено подрачје, а на предлог на Советот на ЕЛС, Владата, може да пропише гранични целни вредности на амбиентниот воздух и прагови на алармирање и праг на информирање построги од пропишаните на национално ниво.

На предлог на Советот на ЕЛС, МЖСПП може да определи построги гранични вредности за емисија на отпадните гасови и пареи од стационарните извори за определено подрачје од оние определени на национално ниво .

11.8. Закон за водите

Управувањето со водите ги опфаќа сите мерки и активности за рационално и ефикасно користење на водите, одржлив развој на водните ресурси, заштита на водите и заштита од штетното дејство на водите. Утврдени се четири подрачја на речни сливови на реките Вардар, Црн Дрим, Струмица и Јужна Морава.

Користењето на водата се врши со дозвола издадена од МЖСПП, со што се стекнува водното право.

1. Планирање

Најзначаен плански документ од аспект на ЕЛС се Плановите за управување со речен слив кои се изработуваат за секој речен слив одделно. Плановите ги донесува Владата за период од шест години. Плановите претставуваат основа врз која се спроведуваат дозволите за користење на водите и во кои се даваат насоки за идниот развој на активностите поврзани со користењето на водите.

2. Заштита на водите

ЕЛС треба да побараат дозвола за испуштање на отпадните води од своето подрачје, издадена од МЖСПП. При издавањето Б-дозволи, потребно е ЕЛС да побара од операторот да поседува дозвола за испуштање, издадена од МЖСПП. ЕЛС треба да ги вградат во дозволата елементите содржани во дозволата за испуштање.

3. Заштитни зони

ЕЛС можат да укажат на МЖСПП на потребата од определување заштитни зони на своето подрачје, при што одлуката за тоа ја носи Советот на ЕЛС.

4. Зони за капење

Градоначалникот на ЕЛС, на чиешто подрачје се определени зоните за капење, е должен да ги означи. Воедно, тој е должен да преземе мерки за заштита на зоните за капење од загадување и за заштита од дејства или активности кои можат негативно да влијаат на квалитетот на водата за капење. Градоначалникот е должен да го уреди начинот на користење на водите за капење, во согласност со стандардите утврдени со подзаконски акти. Тој го определува и периодот на траење на сезоната за капење, како и бројот на капачи според кој може да се определи дека сезоната за капење започнала или завршила. Во случај на намалување на квалитетот на водата за капење, градоначалникот на ЕЛС задолжително ја информира јавноста за промената на квалитетот на водата, како и за мерките што треба да се преземат.

5. Заштита на крајбрежните земјишта

ЕЛС мора да ги имаат предвид законските одредби при просторното и урбанистичко планирање, како и при вршењето на земјоделски активности.

6. Испуштања на отпадни води

ЕЛС се должни да ги соберат, одведат и пречистат отпадните води што произлегуваат или се создаваат на нивното подрачје, вклучувајќи го и отстранувањето на милот, како и да обезбедат урбаните отпадни води што влегуваат во колекторските системи пред испуштањето соодветно да се третираат.

За реализирање на оваа активност, Владата донесува Програма за обезбедување, собирање и прочистување на урбани отпадни води врз основа на програмите донесени од советите на ЕЛС. Програмата за градот Скопје се изработува врз основа на предлог-програма донесена од општинските совети во Скопје.

7. Испуштање на индустриски отпадни води

Доколку индустриските отпадни води се испуштаат во системите за собирање и прочистување на урбаните отпадни води, градоначалникот на ЕЛС е должен да обезбеди нивен соодветен преттретман.

8. Програма за заштита од штетното дејство на водите

Заштитата од штетно дејство на водите е една од позначајните надлежности на ЕЛС, за што се должни да преземаат соодветни мерки и активности за превенција и за заштита. ЕЛС во своите урбани подрачја се исклучиво надлежни за заштита и за одбрана од поплави и заштита од друго штетно дејство на водите.

ЕЛС се должни да изготват програми за заштита од штетното дејство на водите во своето подрачје, кои ги донесуваат советите на ЕЛС. Со програмата се предвидуваат превентивни мерки, изградба на заштитни објекти и постројки и изведување на работи за заштита од штетно дејство на водите (изградба на насипи, акумулации, регулација на реки, уредување на порои, заштита на земјиште од ерозија, пошумување и слично).

9. Оперативни планови за заштита и одбрана од поплави за загрозените подрачја

ЕЛС се должни да изработат оперативни планови за заштита и одбрана од поплави за загрозените подрачја. Оперативниот план го донесува Советот на ЕЛС на предлог на градоначалникот на ЕЛС. Доколку загрозеното подрачје се наоѓа на две или на повеќе општини, оперативниот план го донесуваат спогодбено советите на вклучените ЕЛС, по претходна согласност од МЖСПП.

Доколку ЕЛС управуваат со брани и акумулации и со заштитни насипи, тие се должни овие објекти да ги користат и одржуваат на начин што обезбедува прифаќање на поплавните бранови, како и обезбедување на нивна заштита од елементарни непогоди.

10. Уредување и одржување на површинските води

Крајбрежниот појас во населените места го определува Советот на ЕЛС на предлог на градоначалникот, по претходна согласност од МЖСПП. Пристапот до крајбрежниот појас е слободен, при што Советот на ЕЛС на предлог на градоначалникот го уредува пристапот до крајбрежниот појас на водотеците, езерата и акумулациите за спорт, рекреација и слични активности, освен ако не е поинаку определено со Законот за води или со друг закон.

Заради заштита од штетно дејство на водите, ЕЛС се должни еднаш годишно, до крајот на месец септември, да извршат проценка за тоа дали водотеците на подрачјето под нивна надлежност се во состојба да предизвикаат поплави на земјиштето и дали обезбедуваат непречен проток на водата и дали прописите за контрола на поплави целосно се почитуваат.

11. Заштита од ерозии и уредување на порои

Советот на ЕЛС е должен на територија под негова надлежност да определи граници на ерозивно подрачје и подрачје загрозено од ерозија и да утврди мерки и работи за заштита на земјиштето од ерозија и уредување на пороите, врз основа на техничка документација. Советот на Град Скопје ги определува границите на подрачјата на предлог на општинските совети Скопје. Водостопанствата ги определуваат подрачјата со кои тие управуваат, додека МЖСПП ги определува останатите подрачја.

ЕЛС се должни да преземат мерки за уредување на пороите што се наоѓаат на нивно подрачје, освен за оние за коишто се надлежни водостопанствата или други правни лица кои стопанисуваат со тие подрачја. ЕЛС се должни и да доставуваат извештаи за реализирани и идни активности до МЖСПП, а нив ги изготвува и ги објавува градоначалникот на ЕЛС.

12. Мониторинг

- Мониторинг на водата во зоните за капење

Градоначалниците на ЕЛС, на чие подрачје се наоѓа зоната за капење, се должни да го следат квалитетот на водата за капење и податоците да ги доставуваат до државните централни институции.

- Мониторинг на испуштање на отпадните води

Доколку ЕЛС основа јавно претпријатие за одведување, собирање и третман на отпадни води, должна е за нив да обезбеди соодветни инструменти за мерење на испуштените води.

13. Водоснабдување

Природните површински води, извори и подземни водни тела со квантитет и квалитет соодветен за консумирање од страна на човекот, треба првенствено да се користат за јавно водоснабдување и производство на храна на локалното население, на подрачјето на ЕЛС каде што тие се наоѓаат.

Градоначалникот на ЕЛС е должен да обезбеди:

- постигнување на целите поврзани со стандардите и со вредностите за квалитет на водите;
- развивање и одржување на ефикасен и економски систем за водоснабдување со вода за пиење во доволни количини и според барањата до сите законски корисници;
- преземање на потребните мерки утврдени со одредбите на Законот за водите.

Заради вршење на овие работи на предлог на градоначалникот на ЕЛС може да се основа јавно претпријатие за вршење на дејноста и работењето и одржувањето на системите за водоснабдување и снабдувањето со вода за пиење. Две или повеќе општини и градот Скопје можат да основаат заедничко јавно претпријатие, како и да го доверат да го вршат други правни лица преку концесија или склучување на јавно-приватно партнерство.

Градоначалникот на ЕЛС, во соработка со правното лице коешто врши јавно водоснабдување, се должни веднаш и без одлагање да ги преземат потребните мерки за санација, како и да определат ограничувања и забрани на користењето на вода по потреба, со цел повторно да се обезбеди безбедност на водата, како и да ја информираат Дирекцијата за храна.

1) Ограничувања заради недостиг на вода

Во случаи кога отстапувањето (ограничувањето заради недостиг на вода) трае повеќе од 14 дена, градоначалникот на ЕЛС треба веднаш да го извести Министерството за здравство за ограничувањето, причината за ограничувањето, преземените мерки и нивното очекувано времетраење.

2) Извори на финансиски средства

Материјалната основа и финансирањето на развојот и за управувањето со водите утврдува надоместок поврзан со користењето на водите и тоа: надоместок на трошоците за животната средина и за ресурсот, односно примена на начелата *загадувачот плаќа и корисникот плаќа.*

Средствата од надоместоците се реализираат преку Програмата за управување со води што ја донесува Владата на предлог на МЖСПП. Со Програмата се финансира и/или кофинансира реализацијата на проекти, програми, активности и/или мерки наменети за ЕЛС. За обезбедување средства од Програмата, ЕЛС треба навремено да ги согледаат потребите од средства и да ги предвидат активностите и мерките што треба да ги преземат заради нивна реализација, како и навремено да ги достават до МЖСПП или до друго министерство, во согласност со областа, заради нивно вклучување во Програмата.

3) Организација во управување со водите

Во Советот за управување со подрачјето на речен слив членуваат номинирани претставници на: МЖСПП, Министерството за земјоделство, Министерството за здравство, Министерството за транспорт и врски, општините и Град Скопје и други засегнати страни.

11.9. Закон за утврдување цена на водните услуги

Цената на користењето на водата, како и цената на собирање и пречистувањето на урбаните отпадни води (цена на водна услуга) се уредени со Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, како и со Методологијата за утврдување на цената на водата за пиење и одведување на урбани отпадни води (Методологија). Цените на водоводните услуги треба да се определуваат во согласност со Методологија, а ги донесуваат советите на општините, врз основа на предлог на градоначалникот и на Јавните комунални претпријатија (ЈКП).

Подрачјето на кое се обезбедува водната услуга е подрачјето на една општина, нејзин дел или подрачје на две или повеќе општини, односно градот Скопје, на кое давателот (ЈП) на водната услуга обезбедува водни услуги до крајниот корисник.

Регулаторната комисија за енергетика е задолжена за утврдување на тарифите на водните услуги, според Методологијата.

Регулаторната комисија ги доставува решенијата за утврдување или отфрлање тарифи на водни услуги до јавните претпријатија (даватели на услугата) и до нивниот основач (општината) заради давање согласност на одлуката. Градоначалникот на ЕЛС е должен во рок не подолг од 60 дена да започне постапка за давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифата за водните услуги. Доколку не е дадена согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за водна услуга во рок од 150 дена од денот на објавување на Решението за утврдување на тарифата за водна услуга во „Службен весник на РСМ“, Регулаторната комисија ќе донесе Решение за донесување на регулаторна тарифа за водна услуга. Против Решението на Регулаторната комисија градоначалникот на ЕЛС има право да поведе управен спор пред надлежниот суд.

Во рок од 45 дена, Советот на ЕЛС дава согласност за примена на утврдената тарифа, која, пак, ЈП во рок од 45 дена треба да започне да ја применува.

Во случај на утврдување на регулаторна тарифа, кога нема податоци или давателот(ЈП) не доставил барање за утврдување на тарифи за водни услуги, Регулаторната комисија е должна во рок не подолг од 180 дена од денот на донесување на решението за започнување на постапка за утврдување на регулаторна тарифа водни услуги, односно во рок не подолг од 180 дена од денот на истекот на рокот за доставување на барањето, да подготви Регулаторен план за приспособување на тарифи за водни услуги за давателот на водната услугата врз основа на кој ќе може да донесе решение за утврдување на регулаторна тарифа и план за усогласување за тарифи за вода.

Регулаторна комисија, во рок не подолг од 90 дена од денот на подготвувањето на планот, донесува Решение за утврдување на регулаторна тарифа за водна услуга за давателот (ЈП), кое се објавува во „Службен весник на РСМ" и се доставува до ЈП и општината. Против Решението, ЈП и градоначалникот на ЕЛС имаат право да поведат управен спор пред надлежниот суд.

Регулаторната комисија има право во секое време, со најава или без најава, да врши увид кај ЈП-а на водни услуги со цел да утврди дали одлуката на ЈП-а е донесена во рок од 15 дена од денот на прием на Решението за утврдување на тарифи за водни услуги и дали Одлуката е доставена до градоначалникот на ЕЛС заради давање согласност на Одлуката. Регулаторната комисија врши увид и во тоа дали градоначалникот на ЕЛС ја доставил Одлуката за утврдување тарифа на водна услуга до Советот на општината за добивање согласност. Утврдување на прекршување на законските одредби повлекува прекршочни санкции за давателот на водната услуга, и тоа глоба од 6 000 евра во денарска противвредност.

11.10. Планирање на заштита на квалитетот на амбиентниот воздух

Плански документи за управување со квалитетот на амбиентниот воздух се: Национален план за заштита на амбиентниот воздух (План), План за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух (План за квалитет на воздух), краткорочен Акциски план за заштита на амбиентниот воздух и Национална програма за постепена редукција на количините на емисии на одредени загадувачки супстанции на ниво на државата (Национална програма за редукција на емисии). Во Планот се утврдуваат и активностите што треба да ги преземат ЕЛС, доколку целото или дел од нивното подрачје е опфатено во зона или агломерација од приоритетно значење. Во овој случај, ЕЛС треба да водат грижа активностите за кои издаваат дозволи да не го попречуваат остварувањето на целите, зацртани во Планот. Доколку една ЕЛС со Планот е задолжена за спроведување на одделни мерки или активности, потребно е да се осигура дека финансирањето на тие мерки е вклучено во годишната програма што ја донесува Владата.

Пропишаните мерки и вредности од страна на МЖСПП со посебна уредба, задолжително треба да се применуваат од ЕЛС при издавање на Б-дозволите, како и при контрола на загадувањето на воздухот од други инсталации, објекти и постројки за кои не е потребна Б-дозволата.

План за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух (План за квалитет на воздух)

Советот на ЕЛС, на чие подрачје припаѓаат зоните и агломерациите, донесува План за квалитет на воздухот. Доколку зоните и агломерациите се протегаат на подрачјето на повеќе општини, тие можат да донесат заеднички план. Планот, кој се подготвува во соработка со МЖСПП, е за период од пет години.

Краткорочен Акциски план за заштита на амбиентниот воздух

Краткорочниот Акциски план го подготвува градоначалникот на ЕЛС во соработка со МЖСПП и Министерството за здравство.

За преземените мерки, како и за секое надминување на прагот на алармирање, градоначалникот на ЕЛС, во соработка со Министерството за здравство, МЖСПП и ЦУК, задолжително и континуирано ја известува засегнатата јавност за настанатата состојба, како и за мерките што треба да се преземат, на начин утврден со акт на општината и на градот Скопје.

Општи обврски при планирање

Градоначалникот на ЕЛС е должен да доставува годишен извештај за спроведување на донесените програми и акциски планови до МЖСПП.

Информативен систем

Градоначалникот на ЕЛС е должен да ги објавува усвоените плански документи и акти и да известува за преземените мерки во врска со управувањето и подобрувањето на квалитетот на амбиентниот воздух.

Заштита на амбиентниот воздух од загадување

Строго се забранува согорување на отпад на отворен простор. ЕЛС, преку овластените инспектори за животна средина, се должни да водат сметка да не се согорува отпад на отворено, за што е предвидена казна од 150 евра за физичко и 500 евра за правно лице, како и 300 евра во денарска противвредност за одговорното лице во правното лице.

11.11. Закон за заштита од бучава во животната средина

Со Законот за заштита од бучава во животната средина се воспоставува правна рамка, заради создавање здрави услови за живот на луѓето и заштита на животната средина од бука (бучава) и да се обезбеди основа за развивање мерки за намалување на буката што ја емитуваат поголемите извори (патни, железнички и водни превозни средства и инфраструктура, воздухоплови, опремата што се користи на отворен простор и во индустријата, како и мобилните механички средства за работа).

Меѓу основните носители на обврската за заштита од бука се и ЕЛС преку преземање конкретни мерки во заштита од бука, пред сè, во планирањето на просторот (урбанистичко планирање), подготвување планови и програма за заштита од бука и преземање мерки на контрола врз изворите на бука (туристичко-угостителски објекти и објекти на отворено, буката од соседството, како и од вршењето на одделни дејности).

(1) *Донесување и спроведување плански документи за управување со бука*

Како плански документи се определени:

- *Стратешки карти за бука,* на кои е прикажано глобалното оценување на утврдената изложеност на определено подрачје што произлегува од различните извори на бука и во кои се дадени предвидувања за идната изложеност на бука за тоа подрачје и
- *Акциони планови* – ги утврдуваат мерките што треба да се преземат, со цел управување со проблемите и ефектите поврзани со бучата, вклучувајќи ги и мерките за нејзино намалување.

1.1. Стратешки карти за бука

За агломерациите и населените места стратешките карти за заштита од бука ги донесува Советот на ЕЛС на предлог на градоначалникот. Во случај кога една агломерација опфаќа повеќе општини, Владата, со одлука, определува која општина ќе биде надлежна за изработка на стратешката карта за бука.

Градоначалникот на ЕЛС е должен стратешките карти за бука да ги достави до МЖСПП во рок од 30 дена од денот на нивното изработување.

1.2. Акциски планови за бука

Акциските планови за бука се изработуваат врз основа на стратешките карти. Советот на ЕЛС на предлог на градоначалникот е надлежен за изработка на акциските планови за букава за агломерации и за населени места. Овие планови се изработуваат за период од пет години. Градоначалникот на ЕЛС е должен акциските планови за бука да ги достави на одобрување од МЖСПП во рок од 30 дека од денот на нивното изработување.

Мислењата добиени од јавноста се земаат предвид при донесувањето на акциските планови.

Урбанистичко планирање и одобрение за градба

Во планирањето на урбаниот простор треба да се внимава при издавање градежни дозволи, од-

носно дали во главните проекти за изградба на објекти во надлежност на ЕЛС се вградени стандарди и заштитни мерки за заштита од бука. ЕЛС можат да го одбијат приемот на градбата или да не ја издадат градежната дозвола доколку мерките за заштита од бука не се спроведени.

11.12. Закон за заштита на природата

Законот за заштита на природата ги регулира спецификите кои се однесуваат на заштитата на биолошката и на пределската разновидност, заштитата на природното наследство, во и надвор од заштитените подрачја и заштитата на минералите и фосилите.

Според Законот за заштита на природата, одговорноста е поделена меѓу МЖСПП и општините. Управувањето и мониторингот на заштитените подрачја од локален интерес (како што се споменициите на природата и парк-шумите) им е делегирано на општините.

Формално-правно постапката за прогласување на заштитените подрачја е лоцирана на централно ниво, но во постапката за прогласување, Советот на ЕЛС има можност да достави предлог до МЖСПП за прогласување на заштитено подрачје.

1) Управување со заштитени подрачја

Управниот одбор на јавна установа национален парк е составен од пет члена: двајца претставници од МЖСПП, еден претставник од ЕЛС и двајца претставници од вработените во јавната установа - национален парк.

2) Национален совет за заштита на природата

Мултисекторски форум кој расправа за најважните прашања што произлегуваат од одредбите на овој закон. Законот предвидува вклучување на ЕЛС во работата на Советот преку делегиран претставник од ЗЕЛС.

3) Плански документи

При подготвување на развојни стратешки, плански и програмски документи од страна на органите на државната власт или на Советот на ЕЛС, кои би можеле да имаат значителни ефекти врз природата, потребно е да се изврши оцена на влијанијата на мерките и активностите предвидени со овој вид документи.

Документите за користење и за уредување на просторот кои опфаќаат заштитени подрачја се донесуваат по претходно прибавено мислење од МЖСПП.

12. ЕНЕРГЕТИКА И ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

Енергетиката претставува клучна гранка за развој и напредок во Република Северна Македонија, столб преку кој функционираат сите сектори на нашата земја. Електричната енергија претставува општо добро за секој граѓанин на нашата земја. Заложбата за енергетска безбедност не е само на централно ниво, туку и на локално ниво каде што општините имаат надлежност и обврски во обезбедувањето на енергетската стабилност.

Република Северна Македонија во изминативе години во голема мерка ја донесе потребната законска регулатива која го опфаќа овој сектор и тоа преку:

- Закон за енергетика
- Закон за енергетска ефикасност
- Стратегија за развој на енергетиката
- Стратегија за развој на енергетска ефикасност до 2030 и
- Национален план за енергија и клима на Република Северна Македонија.

При дефинирањето на енергетскиот сектор во нашата земја во сè поголем процент се застапени и алтернативните извори на енергија пред сè обновливите извори, како сончева, енергија од ветер и вода.

Притоа треба да посочиме дека просечното сончево зрачење во Северна Македонија е за околу 30 % повисоко од просечната вредност во многу европски земји, а, пак, температурата на геотермалната вода, во геотермалните басени на територијата на нашата држава е висока и просечно изнесува помеѓу 30° и 78° и во моментов, најмногу се користи за загревање на оранжерии. Во Република Северна Македонија активно се искористува и водениот потенцијал за производство на енергија и во тек е изработка на студии за искористување на енергијата од ветер за регионите во кој е најзастапен.

Користењето на обновливи извори на енергија и обезбедувањето на енергетска независност на локално ниво треба да е приоритет на секоја општина. Притоа, важен чекор во обезбедувањето на енергетската независност отпаѓа на енергетската ефикасност.

Енергетика и енергетска ефикасност на локално ниво

Надлежноста и обврските на локалните самоуправи во областа на енергетиката и енергетската ефикасност, главно, произлегуваат од новата законска регулатива донесена во периодот 2018 – 2020 година.

Закон за енергетика

Со Законот за енергетика од 2018 година се донесени претпоставки и услови за остварување на енергетска ефикасност и промоција на користењето на обновливите извори на енергија и други прашања од значење за енергетиката на локално ниво. Една од целите на Законот беше и поттикнувањето на искористувањето на обновливите извори на енергија. Со овој закон се третираат следниве значајни аспекти:

- локално енергетско планирање;
- регулирање на обврските на Агенцијата за енергетика;
- отвореност на пазарот на електрична енергика;
- акредитација на тела за оценување на сообразноста;
- оценување и испитување на барањата за технички спецификации во согласност со барањата на Европската Унија.

Новиот Закон за енергетика е под надлежност на Министерството за економија. Законот беше даден на проверка во Европската комисија и е утврдено дека тој е во согласност со барањата на Европската Унија. Со Законот се уредени сите дејности од областа на енергетиката и, како таков, претставува основа за либерализација на пазарот на електрична енергија.

Согласно со Законот, општините се должни да обезбедат услови за извршување на следниве енергетски дејности од јавен интерес и од локално значење:

- дистрибуција на природен гас;
- управување со системот за дистрибуција на природен гас;
- снабдување на природен гас на тарифни потрошувачи;
- производство на топлинска енергија;
- дистрибуција на топлинска енергија;
- дистрибуција на геотермална енергија;
- снабдување со топлинска енергија;
- снабдување со геотермална енергија.

Општината, во рамките на својата надлежност за снабдување на корисниците на своето подрачје со топлинска, односно геотермална енергија, треба да создаде услови за вршење на дејностите дистрибуција и снабдување со енергија, додека производителот може да поседува и да управува со работата на производната постројка и да врши продажба на топлинска, односно геотермална енергија.

Закон за енергетска ефикасност

Концептот енергетска ефикасност подразбира три главни области на делување за овозможување ефикасно користење на енергијата и тоа во:

- контрола и управување со потрошувачката;
- употреба на мерки – инвестиции за енергетска ефикасност;
- анализа и мерење на потрошувачка и реинвестиција на заштедите од постигнатите резултати од мерките.

Во однос на постојната легислатива, концептите на енергетската ефикасност и справувањето со климатските промени се добро разработени и ја содржат основата за нивна имплементација, но во практикатасе потребни уште многу напори и труд за во целост да се имплементира концептот на енергетска ефикасност. За исполнување на програмите и целите за енергетска ефикасност во општините во Република Северна Македонија, потребно е да се почитуваат законските начела донесени и третирани во Законот за енергетска ефикасност. Според овој закон, општините ги имаат следниве обврски:

- изготвување на 3-годишни програми за енергетска ефикасност;
- изготвување на годишни анализи за потрошувачката на енергија;
- организирање на мониторинг над потрошувачката на енергија;
- обезбедување на периодични енергетски контроли и сертификати за енергетска ефикасност на јавните објекти;
- вградување на сончеви колектори за топла вода**,** ако тоа е економски исплатливо;
- спроведување на програмите за енергетска ефикасност.

Подолу се наведени членовите од Законот кои директно или индиректно се однесуваат на енергетската ефикасност.

Во член 7 попрецизно се регулираат обврските на општините во рамките на задолжителното планирање на енергетските ресурси од кои најзначаен е ставот 1:

Советот на општината или на Град Скопје, на предлог на градоначалникот, а по претходно позитивно мислење од Агенцијата за енергетика, на секои три години доносува Програма за енергетска ефикасност.

Политиката на општината за енергетска ефикасност се утврдува со Програмата за унапредување на енергетска ефикасност која треба да биде во согласност со државната Стратегија за унапредување на енергетската ефикасност.

Програмата ја донесува Советот на општината и таа се однесува на три години. Градоначалникот изготвува годишен план за реализација на Програмата и Извештај за остварување на планот за

претходната година и го доставува до Советот на општината за одобрување, односно усвојување.

Во член 11 се регулира следење и управување со потрошувачката на енергија на општинско ниво и тоа:

Лицата од јавниот сектор и општините се должни да ја следат и да управуваат со потрошувачката на енергија во зградите или градежните единици во коишто ја вршат дејноста на начин на кој се остварува заштеда на енергија, како и да спроведуваат мерки за енергетска ефикасност согласно со програмите и плановите за енергетска ефикасност.

Предизвици на локалната самоуправа во областа на енергетиката и на енергетската ефикасност

- Мал број општини имаат доволно детални податоци за енергетската потрошувачка кои може да се користат за планирање на ЕЕ.
- Недостигот на финансиски средства за инвестиции во енергетика и ЕЕ е основната пречка за имплементација на проекти.
- Изработка на документација и договори за енергетски услуги во делот на набавка од отворен пазар на енергија, формирање на јавно приватно партнерство за ЕЕ или учество во т.н. ЕСКО-модел.
- Нискиот капацитет за финансиски менаџмент го генерира и го усложнува проблемот околу многу малиот број понуди за заеми и малото искуство на македонските финансиски институции за проценка на кредитоспособноста на општините. Дополнително, усложнувањето на издавањето на гаранции за заеми се јавува поради неразрешените имотно-правни односи, поврзани со земјиштето кое е во државна или во приватна сопственост.
- Нискиот кредитен рејтинг или неговото отсуство и недостигот на менаџерски капацитети на локално ниво, поврзани со ЕЕ, создава проблеми за општините околу пристапот на меѓународните пазари за заеми. Потребно е зајакнување на капацитетите на локалната самоуправа и креирање на стручен кадар за имплементација на законските одредби и програмите за ЕЕ на општинско ниво.
- Општините и јавните претпријатија што имаат годишна потрошувачка над 1000 MWh можат да направат анализа за да утврдат дали сакаат да го искористат правото за самостоен настап на пазарот на електрична енергија.

13. ПРИМЕНА НА ИНФОРМАТИЧКО-КОМУНИКАЦИСКАТА ТЕХНОЛОГИЈА (ИКТ)

ИКТ претставува неопходен елемент во единиците на локалната самоуправа за да овозможат квалитетна испорака на услуги до нашите граѓани. Со нејзино користење се овозможува поддршка за услугите да бидат пристапни, флексибилни и навремено испорачани. Развојот на ИКТ на општинско ниво е базиран на партнерство/соработка меѓу ЗЕЛС, општините, граѓанскиот и приватниот сектор, Владата и другите заинтересирани страни.

Сведоци сме на рапидниот развој на информатичките и комуникациските технологии во светот. Македонија интензивно му се приклучува на овој развој со брзи чекори и со јасно дефинирана стратегија и цел.

Примената на ИКТ на локално ниво го унапредува квалитетот на услугите што ги нуди општината, но истовремено и ги намалува трошоците.

Во создавањето на новиот модел на македонска општина, од огромно значење ќе биде обезбедувањето пристап и користењето информации од јавниот сектор за граѓаните и создавањето на предуслови за стимулирање на онлајн комуникација меѓу граѓаните и општината. Затоа е потребно општината да подготви и да донесе стратегија за примена на ИКТ. Со примената на ИКТ ефектите ќе бидат огромни.

Со успешна примена на ИКТ во Вашата општина ќе се обезбеди:

- достапност на информациите 24 часа дневно, седум дена во неделата за сите заинтересирани;
- интегрирање на локалната самоуправа со локалното стопанство;
- обезбедување непосредни и брзи услуги за граѓаните и за правните субјекти;
- интегрирање на базите на податоци, пристап до нив и подобра внатрешна комуникација, со што ќе заштедите време, енергија, пари, а ќе го зголемите квалитетот на услугите;
- информации и податоци за Вашата општина, за правата, обврските, одговорностите, за Вашето работење, за буџетот и за другите важни одлуки, програми, проекти и друго;
- целосна транспарентност на работењето на општината.

За сето тоа е нужно интегрирање на сите потсистеми, проследување на информациите и ефикасна комуникација на сите нивоа. Информацискиот систем на општината треба да се состои од два интегрирани дела: интранет и интернет.

Со интранет ќе се обезбеди поврзување на сите вработени во општината, со што се засилуваат внатрешните административни функции. Со интернет се овозможува комуникација со надворешните корисници, а сите вработени ќе имаат пристап до него преку интранет-порталот, со што им се овозможува да разменуваат податоци и информации, документи и др.

Инвестирањето во е-општина овозможува непрекинат пристап до електронски услуги од домот на секој граѓанин и придонесува за брз развој на општината, кратење на времето на администрирање на услугите и со тоа зголемена ефикасност, транспарентност и ефективност во работењето.

13.1. ЕЛЕКТРОНСКА ПОШТА (e-mail)

Со електронската пошта брзината на пренесување на пораките е неспоредлива со вообичаените поштенски услуги. Без оглед на оддалеченоста, писмата и документите стигнуваат веднаш. Заштедата на време и на пари е голема, а ефектите неспоредливи.

Се препорачува да се воспостави практика граѓаните да поставуваат прашања по електронски пат, а општината да одговори со респект, благовремено и аргументирано. Се препорачува

сите официјални дописи да се потпишани и со електронски потпис, а со тоа се гарантира автентичност на податоците и утврдување на идентитетот на потписникот.

13.2. ЕЛЕКТРОНСКИ ПОТПИС

Во Македонија почнуваат да се создаваат услови како во развиените европски земји, за граѓаните да можат своите финансиски обврски да ги подмируваат по електронски пат, од својот дом (сметки за телефон, електрична енергија, вода, комунален отпад и слично), како и да поднесуваат документи од дома, користејќи електронски потпис.

За тоа е неопходно константно да се надградуваат законските прописи што ќе гарантираат безбедност во комуникациите, потоа точно да се дефинираат постапките и процедурите за пристап до податоците, да се создаваат соодветни електронски форми, сертификати и друго.

Во Македонија стапи во сила Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис. Со тоа се овозможува, член 1 од Законот: *Со овој закон се уредува и регулира електронското работење, кое вклучува употреба на информатичка и на телекомуникациска технологија и употреба на податоци во електронски облик и електронски потпис и во судски, управни постапки и во платниот промет, освен ако не е поинаку предвидено со закон.*

Согласно со Законот, електронскиот потпис претставува регуларен начин на потпишување на електронски документ и тој во целост може да го замени хартиениот потпис. Притоа, користењето на електронскиот потпис е посебно изразено во јавните набавки, во поднесувањето барања до институциите и потпишувањето на електронски дозволи повратно.

13.3. ВЕБ-СТРАНИЦА НА ОПШТИНАТА

Општината е должна редовно да ја одржува сопствената веб-страница. На веб-страницата на општината треба да се објавуваат актите кои, согласно со законот, сте должни да ги објавите. На пример, буџет, информации од јавен карактер, информации за заштита на лични податоци. Покрај овие податоци, одредени организации редовно ја следат работата и транспарентноста на општината преку прегледување на Вашата веб-страница, затоа покрај законски минималните, секогаш е добро да се објавуваат транспарентни информации кои ги засегаат Вашите граѓани.

За еднаков пристап на сите групи граѓани важно е покрај македонскиот јазик да се обезбеди превод и на другите јазици што ги зборуваат граѓаните во Вашата општина со значителен процент.

13.4. УСОГЛАСУВАЊЕ СО ЗАКОНСКИТЕ РАМКИ

Следењето и усогласувањето со законските рамки кои го опфаќаат користењето на ИКТ во служба на општините е важен чекор во функционирањето на секоја општина во Република Северна Македонија.

Законите за електронско управување, електронски комуникации, заштита на личните податоци, електронската трговија се само дел од рамките кои го регулираат користењето на ИКТ во една општина. Потребата од продлабочување на професионалноста и константно јакнење на капацитетите на општинската администрација е неминовно со оглед на рапидното ширење на овие технологии кои земаат сè поголем замав во професионалниот и во секојдневниот живот.

Како избрани претставници, посебна улога и должност треба да Ви претставува осигурувањето на личните податоци на Вашите граѓани. Секоја општина мора да го почитува овие закони, особено во делот на носење и усвојување на правилниците за заштита на личните податоци, а потоа и на нивната соодветна примена.

13.5. Е-УСЛУГИ

Електронските услуги се клучни во развојот на ИКТ на општинско ниво. Развојот на услугите е базиран врз основа на стратешки документи во општината, врз основа на партнерство/соработка меѓу ЗЕЛС, општините, граѓанскиот и приватниот сектор, Владата и другите заинтересирани страни.

Целта на ЗЕЛС е да ги издигне единиците на локалната самоуправа во модерни е-општини. Во таа насока, како една од целите, утврдени во Стратегискиот план за периодот 2021 - 2025 година, е делот „Електронски услуги". Освен обезбедување и одржување на системот на е-услугите, посочени се и заложбите за натамошно развивање и нудење на нови ефикасни електронски услуги.

13.6. ВОВЕДУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИ Е-УСЛУГИ ВО ЗЕЛС

Приоритет на ЗЕЛС е да ги намали трошоците на ЕЛС преку заеднички развој, менаџирање и овозможување на е-услуги кои секоја општина самостојно ќе ги администрира, нуди и промовира пред граѓаните. Главна особина на креирањето на нови и пософистицирани услуги е овозможување на пристап до услугите преку интернет, со користење на технологии кои ги поврзуваат *front-office* корисничките барања со *back-office* системите за процесирање на услугите. За таа цел ЗЕЛС воспостави информатичка инфраструктура за е-услуги каде што се сместени сите електронски услуги кои се хостираат во име на сите општини едновремено и бесплатно. Развојот на е-услугите треба да се темели врз процес на стратешко планирање. ЗЕЛС уште од 2012 година помага во изработка на стратегии за локалнте самоуправи, на веб-страницата на ЗЕЛС достапен е и Прирачник за изработка на локални ИКТ-стратегии.

13.6.1. Софтвер за градежно земјиште (www.gradezno-zemjiste.mk) 2011 година - обновен 2016 година

Согласно со Законот за градежно земјиште, произлезе обврската општините да развијат софтвер со кој единствено по електронски пат ќе се спроведува постапката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на РСМ по пат на непосредна спогодба и електронски аукции. ЗЕЛС, во соработка со Министерството за транспорт и врски, им излезе во пресрет на општините и го создаде софтверот за градежно земјиште преку кој сите општини во државата што се имаат стекнато со дозвола од Министерството за транспорт и врски, како и од Владата на РСМ преку Министерството за транспорт и врски, можат да го користат бесплатно.

13.6.2. Софтвер за пријавување на проблеми во општините 2010

Во соработка СО УСАИД, ЗЕЛС изработи едноставна апликација за онлајн пријава на проблеми од граѓаните во надлежност на единиците на локалните самоуправи. Оваа апликација „ПРИЈАВИ ПРОБЛЕМ" е достапна за сите општини што се заинтересирани да ја употребуваат и да им ја понудат на граѓаните како облик на директна електронска комуникација со нив. Секоја општина што се пријавила за користење, веќе има поставенопосебна апликација, која општините ја интегрираат како модул во своите веб-страници.

13.6.3. Информациски систем „Е-Одобрение за градење" (www.gradeznadozvola.mk)

Воведувањето на овој информациски систем, од 1 јуни 2013 година, е во согласност со Законот за градење и имаше за цел да го унифицира постапувањето од страна на надлежните органи и да обезбеди следење на роковите утврдени согласно со закон, заради што постапките што се спроведуваат согласно со системот, траат значително пократко од периодот пред воведувањето на електронскиот систем. Издавањето на електронските дозволи за градба покажа дека информациското систем „е-одобрение за градење", воспоставен при ЗЕЛС, е целосно функционален и овозможува брзо и транспарентно постапување од страна на локалните власти и покажавме дека општинската администрација е подготвена да се соочи со сите модерни форми на спроведување на своите надлежности.

Дополнителна предност на овој информациски систем е што инвеститорите можат да го поднесат барањето од која било локација, која има пристап до интернет, независно дали е во земјава или во странство.

13.6.4. Информациски систем за јавно наддавање при располагање со движни и недвижни ствари (www.e-stvari.mk)

Воведувањето на овој електронски систем произлегува од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија" бр. 8/2005; 150/2007; 35/2011; 166/2012; 137/2013; 188/2013 и 27/2014) според кој постапката задолжително се спроведува по електронски пат. Софтверот за електронско јавно наддавање за спроведување на постапка за продажба и давање под закуп на недвижни и движни ствари, Министерството за финансии- Управа за имотно-правни работи, му го отстапи на користење на ЗЕЛС, при што беше договорено ЗЕЛС да има можности да го надградува за потребите на општините. Во тој контекст, ЗЕЛС во изминатиот период ја реализираше оваа активност, односно изврши соодветно модифицирање и приспособување на системот за потребите на општините, по што беа организирани и обуките за негово адекватно користење.

13.6.5. Е-платформа за знаење намонета за општинските советници (http://opstinski.mk)

Е-платформата за знаење (E-knowledge platform) наменета за општинските советници е развиена во рамките на проектот „Зајакнување на општинските совети". Целта на е-платформата е да послужи како ресурс на знаење и место каде што советниците ќе ги најдат потребните податоци, информации и документи поврзани со нивната функција. Платформата е дизајнирана на начин кој вклучува конвенционални и иновативни функции, вклучително и функции што го олеснуваат вмрежувањето и дискусијата помеѓу советниците. Меѓу другото, преку е-платформата советниците ќе можат да:

- преземаат материјали за обука во области од нивна надлежност;
- поминуваат низ вежби и тестови за проверка на знаењето;
- ги пронајдат на едно место сите поважни материјали, закони и документи што се од важност за улогата и мандатот на советниците;
- комуницираат меѓу себе, споделуваат искуства и разменуваат добри форми на практика од работата на општинските совети.

14. МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА

Меѓуопштинската соработка може да се дефинира како аранжман меѓу две или повеќе локални власти за постигнување заеднички цели, обезбедување услуга или соочување со заеднички проблем. Терминот „меѓуопштинска соработка" се однесува и на заедничката администрација, но и на спогодбата меѓу две или повеќе локални власти, каде што една локална власт е одговорна за давање конкретна услуга или услуги, а другите ја користат оваа конкретна услуга или услуги.

Концептот на меѓуопштинската соработка (МОС) се покажа дека е едно од најсоодветните решенија за постигнување на главната цел – обезбедување и квалитетно испорачување на децентрализираните јавни услуги и успешност на процесот на децентрализација. Во случајот со Северна Македонија, меѓуопштинската соработка не е само инструмент што ќе обезбеди подобрување на услугите, туку тој ќе овозможи и основна испорака на услуги, имајќи го предвид тоа што голем број од општините се многу мали и со слаби финансиски ресурси/капацитети. Во определени ситуации МОС претставува единствена алатка што им овозможува на општините да испорачаат некои од услугите до граѓаните.

Истовремено, МОС е важна за развојот на демократијата и за поврзувањето на локално ниво поради својот принцип на „еднаков пристап до услугите", така што сите приматели на услуги се третирани подеднакво.

14.1. РАЗЛИЧНИ МОДЕЛИ НА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА

Овде мора да се напомене дека меѓуопштинската соработка, како законска форма, се користи од самиот почеток на спроведувањето на процесот на децентрализација. Најпознати примери за тоа се трите општини Василево, Босилово и Ново Село, кои од самиот почеток почнаа да ја практикуваат меѓуопштинската соработка врз основа на Законот за локална самоуправа со што ги намалија трошоците и успеаја да го одржат нивото на услуга кон своите граѓани. Потоа следуваа уште многу форми на практика и облици на МОС и тоа во речиси сите надлежности на ЕЛС и во сите општини.

14.1.1. Заедничка испорака на услуги

Овој модел на меѓуопштинска соработка опфаќа долгорочна соработка во форма на заеднички правни субјекти/тела (претпријатија, установи, асоцијации, фондации и др.). Овие заеднички тела го раководат обезбедувањето услуги, како што се: заштита од пожари, снабдување со вода, снабдување со гас/топлинска енергија, одржување патишта, испорака на услуги од социјалната сфера, културата, спортот и др. Исто така, може да вклучи соработка или здружување на ресурсите за постигнување заеднички цели на краткорочна основа. Ресурсите што се здружуваат може да опфатат човечки ресурси, финансии, машини и друга опрема, информатички капацитети итн.

14.1.2. Заедничка администрација

Воспоставувањето заедничка администрација може да опфати многу различни области од општинските надлежности како што се прибирањето и администрацијата на даноци, просторното планирање (вклучувајќи мапирање и лиценцирање згради), извршување на инспекцискиот надзор, внатрешна ревизија итн.

Пример за овој тип соработка е воспоставувањето заеднички канцеларии или организациски единици (сектори, одделенија), при што вршат испорака на услуги од својата надлежност за две или за повеќе партнерски општини. Европската практика покажува дека формите на заедничка администрација вклучуваат совети за меѓуопштинска соработка и управни и надзорни комитети. Административната поставеност на канцелариите, или на организациските единици во сите случаи е наменета да им служи на интересите на две или на повеќе општини. Во оваа пригода треба да се истакне дека успешното функционирање на заедничката администрација се должи, меѓу другото, и на брзиот развој и примена на информатичката технологија во работењето на општините.

14.1.3. Продавање и купување услуги меѓу локалните власти

Овој модел на МОС се постигнува во ситуации кога административно и/или финансиски посилни општини обезбедуваат услуги на послаби општини за извесен надоместок, а може да опфати и администрација (на пр. планирање) и обезбедување услуги (на пр. одржување на патишта). Продавањето и купувањето услуги меѓу општините претставува класичен случај кој има за цел да постигне економска рационалност во испораката на услуги и цели. Во некои случаи овој модел може да биде на пробна основа.

14.1.4. Заедничко планирање и развој

Заедничкото планирање и развој се користи во области каде што една општина поради недостиг на ресурси не може самата да ги менаџира задачите како што се економскиот развој, развојот на туризмот, заштитата на животната средина итн., особено во надлежностите кои по природа се однесуваат на поширока територија од територијата на една општина.

14.1.5. Заедничко финансирање

Заедничкото финансирање се практикува кога се бара спојување на фондови со повеќе соседни општини кои се здружуваат заедно да го споделат товарот на финансирањето.

Ова значи дека два или повеќе партнери ги здружуваат своите ресурси и заеднички преземаат одлука за инвестирање. Друга придобивка од оваа форма на соработка е тоа што сите придружни ризици се споделуваат од партнерите и според тоа се зголемува очекуваниот поврат на инвестицијата.

14.2. ПРИДОБИВКИ ОД МЕЃУОПШТИНСКАТА СОРАБОТКА

Заедничките придобивки, кои најчесто резултираат со стапување во меѓуопштински партнерства се:

- заштеда на трошоци (економија од обем), која се овозможува преку придонесот на секоја од партнерските општини од човечки, финансиски, технолошки, материјални и инфраструктурни ресурси;
- зголемување на нивото на ефикасност и на ефективност на ЕЛС во обезбедувањето определени услуги преку доброволна соработка со соседните општини;
- алтернатива на формирањето многу големи организациски единици на локалната самоуправа;
- квалитетно и навремено услужување на клиентите, отвореност и отчетност;
- споделување на улогите, одговорностите, ризиците, контролата и придобивките;
- меѓуопштинската соработка овозможува и добра рамка за трансфер на нова технологија, но, исто така, и за трансфер на јавен менаџмент и на искуство меѓу локалните власти.

14.3. ПРАВНА РАМКА ЗА МЕЃУОПШТИНСКАТА СОРАБОТКА ВО МАКЕДОНИЈА

Можноста за меѓуопштинска соработка е дадена во чл. 14 и 61 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“, бр. 5/2002), но и во Законот за меѓуопштинска соработка („Сл. весник на РМ“, бр. 79/2009).

Меѓуопштинската соработка, во смисла на законот за МОС, е соработката што се воспоставува меѓу две или повеќе општини за поефикасно и поекономично вршење на надлежностите на општините утврдени со закон и за остварување на нивните заеднички интереси и цели.

Исто така, под меѓуопштинска соработка се подразбира и вршење на определени работи од надлежност на општините од страна на една општина за сметка на една или повеќе други општини.

МОС во Република Северна Македонија е доброволна и може да се воспостави во сите надлежности на единиците на локална самоуправа.

Според Законот за меѓуопштинска соработка, предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка покренуваат градоначалникот на општината или член на Советот на општината, додека пак иницијатива за воспоставување на меѓуопштинска соработка може да покренат најмалку 10 % од избирачите на општината.

Предлогот, односно иницијативата, треба да ги содржат целите на соработката, надлежноста за која се поднесуваат, обликот преку кој ќе се остварува соработката, можните финансиски импликации од соработката, како и други прашања од значење за воспоставување на меѓуопштинската соработка. За предлогот кој не е поднесен од градоначалникот на општината, односно за иницијативата, мислење дава градоначалникот на општината.

Понатаму, предлогот, односно иницијативата се доставува до Советот на општината кој одлучува по предлогот, односно иницијативата, врз основа на претходно направена процена за потребата од воспоставување на меѓуопштинска соработка. Советот на општината е должен расправата по иницијативата покрената од избирачите на општината да ја одржи најдоцна во рок од 90 дена по нејзиното доставување и да ги информира граѓаните за својата одлука. Доколку Советот го прифати предлогот, односно иницијативата за воспоставување на меѓуопштинска соработка, утврдува предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка. Понатаму, утврдениот предлог се доставува до општината или општините со кои се предлага воспоставување на меѓуопштинска соработка. Советот на општината или општините до кои е доставен предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка одлучува за воспоставување на предложената соработка најдоцна во рок од 90 дена од денот на доставувањето на предлогот, додека пак за доставениот предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка мислење дава и градоначалникот на општината до која е доставен предлогот.

Советите на општините што го прифатиле предлогот, односно иницијативата за воспоставување меѓуопштинска соработка, формираат заедничка комисија за подготовка на предлогот на актот за воспоставување на меѓуопштинската соработка и предлозите на актите со кои се основаат или формираат облиците преку кои ќе се остварува меѓуопштинската соработка. Заедничката комисија е составена од еднаков број членови предложени од општините кои воспоставуваат меѓуопштинска соработка.

Улогата на градоначалниците и општинските совети во процедурите за воспоставување на МОС е суштинска. Облиците на меѓуопштинската соработка во Република Северна Македонија се воспоставуваат со Одлука на Советот на сите општини кои ја воспоставуваат соработката со мнозинство гласови. Дополнително, Советот на општината го разгледува и усвојува Полугодишниот извештај за работа на заедничкото работно тело, како и извештаите за други облици на меѓуопштинската соработка кои се доставуваат за разгледување и усвојување. Советот на општината со одлука основа заедничко јавно претпријатие и заедничка јавна установа и предлага лице за именување кое ќе ги води работите до конституирање на заедничкото јавно претпријатие или заедничка јавна установа. Советите на општините кои воспоставиле меѓуопштинска соработка може да формираат координативно тело за следење и координирање на меѓуопштинската соработка меѓу две или повеќе општини.

Градоначалникот одлучува за формирање на заедничко работно тело или комисија за разгледување на определени прашања од неговата надлежност. Договорите за уредување на меѓусебните права и одговорности на општините коишто воспоставиле заедничко административно тело, заедничко јавно претпријатие, заедничка јавна установа или договорна соработка, ги потпишу-

ва градоначалникот. Градоначалникот го следи извршувањето на работите од делокругот на заедничкото административно тело и го разгледува полугодишниот извештај за работа на заедничкото работно тело, како и извештаите за други облици на меѓуопштинска соработка.

Според наведениот Закон за МОС, меѓуопштинската соработка може да се остварува преку:

1. Формирање на тела за меѓуопштинска соработка
   - заедничко работно тело и комисија;
   - заедничко административно тело;
   - основање на заеднички јавни служби;
   - заедничко јавно претпријатие;
   - заедничка јавна установа.
2. МОС може да се оствари и преку склучување договори за:
   - здружување на финансиски, материјални и други средства;
   - вршење на определени работи од страна на една општина за една или за повеќе други општини.

Меѓуопштинската соработка се финансира од буџетот на општините, донации и спонзорства и други извори на приходи утврдени со закон. Исто така, Владата на Република Северна Македонија може финансиски да ја поттикнува и поддржува МОС во областите коишто се од пошироко значење и интерес за вршењето на дејностите во тие области.

За поттикнување и следење на меѓуопштинската соработка, Владата на Република Северна Македонија формира комисија со која претседава Министерството за локална самоуправа.

Како поттикнувачки фактори, што ќе ги охрабрат општините да воспостават МОС се и:

- очекувањата на граѓаните за збогатена и подобрена испорака на услуги;
- процесот на фискалната децентрализација, кој ќе ги зголеми можностите за независно управување со општинските ресурси, пристап до пазарот на капитал и заедничко финансирање инвестициски проекти;
- зголемената побарувачка за јавно-приватни партнерства и проширување на услугите кон приватниот сектор и секторот на НВО;
- процесот на рамномерен регионален развој, за кој е потребен регионален пристап за планирање, програмирање и создавање проекти и нивно спроведување;
- процесот на рурален развој и спроведување на пристапот ЛЕАДЕР, за кој е потребно воспоставување локални акциски групи на територија со најмалку 10 000 жители;
- интеграцијата во ЕУ и искористување на претпристапните инструменти (ИПА), имајќи го предвид фактот дека партнерствата и проектите со поголем обем се претпочитаат при финансирањето и поради тоа малите општини треба да соработуваат.

14.4. НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ И УСПЕШНА ПРАКТИКА ЗА ПОВТОРУВАЊЕ

Во Република Северна Македонија, повеќе од 60 општини имаат воспоставено една или повеќе МОС. Најчесто, меѓуопштинската соработка е воспоставена во следните области: урбанистичко планирање, внатрешна финансиска контрола, вршење инспекциски надзор, животна средина, локален економски развој, социјална заштита и заштита на децата, локални даноци и комунални дејности.

Врз база на искуството за постигнување успешна соработка, локалните власти треба да бидат проактивни, приспособливи и трпеливи, да размислуваат и надвор од рамките на своите граници, темелно да ги проучуваат опциите, да избираат реални програми, да обрнуваат внимание

на малите работи, да се фокусираат на заштеда на трошоците и да учат од грешките. МОС треба уште од самиот почеток да биде сеопфатна и да ги вклучи сите заинтересирани страни во процесот на донесување одлуки. Неопходна е поддршка од донаторската заедница (што реално сè уште се случува) и од централната власт со помош во експертиза и финансиски олеснувања (што, иако е предвидено со Законот за МОС, се имплементира во помал обем, барем засега). Важен охрабрувачки фактор е и споделувањето на успешни искуства и директна размена на искуства.

Во продолжение, накратко се претставени две успешни форми на практика на меѓуопштинска соработка (два различни модела на МОС) од кои произлегоа одлични резултати и постигнувања во заедничка испорака на децентрализираните јавни услуги.

15. ТРАНСПАРЕНТНОСТ, ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА И ГРАЃАНСКО УЧЕСТВО

Транспарентност, информирањето на јавноста и учеството на населението во донесувањето на одлуките на локално ниво се сметаат за важен двигател во развојот на едно демократското општество. Впрочем, и во член 8 од Законот за локална самоуправа е утврдено дека органите на општината, комисиите на Советот и јавните служби основани од општината се должни, без надоместок да ги информираат граѓаните за својата работа, како и за плановите и програмите кои се од значење за развојот на општината, на начин утврден во Статутот. Општината е должна на граѓаните да им овозможи пристап кон основните информации за услугите што им ги обезбедува на начин и под услови утврдени со Статутот.

Комуникацијата со граѓаните на секој градоначалник или член на Советот им е неопходна, но притоа е потребно претходно дефинирање на целите на комуникацијата, целните групи со кои ќе се комуницира, како и избор на соодветни алатките што ќе се користат при комуникацијата. Во таа насока, одредени општини имаат донесено Стратегија на комуникација на општината и Акциски план за комуникација. Повеќе општини, особено поголемите, имаат формирано сектори за комуникација или одделенија, а во некои има утврдено лице/а за односи со јавноста.

15.1. ТРАНСПАРЕНТНОСТ

Во уставната и во законската норма се вградени стандардите со кои се гарантира: слобода на пристап кон информациите, слобода на примање и на пренесување на информациите, слобода на говор, на јавен настап и јавно информирање.

Начинот и постапката за остварување на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер со кои располагаат органите на државната власт и други органи и организации утврдени со закон, органите на општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, установите и јавните служби и други јавни установи се уредени со Законот за слободен пристап до информации. Имателите на информации (општините во овој случај) за својата работа се должни да овозможат информираност на јавноста.

Според член 10, од Законот за слободен пристап до информации, општината, како имател на информации од јавен карактер, е должна да ја информира јавноста преку својата интернет-страница со објавување на: податоците од своите надлежности што ги извршува, односно ѝ се утврдени со закон; основните податоци за контакт со имателот на информацијата и тоа: назив, адреса, телефонски број, број на факс, имејл адреса и адресата на интернет-страницата; податоците за функционерот или одговорното лице (биографија, податоци за контакт и друго); основните податоци за контакт со службеното лице за посредување со информации и тоа: име и презиме, имејл адреса и телефонски број, основните податоци за контакт со лице овластено за заштитено внатрешно пријавување и тоа: име и презиме, имејл адреса и телефонски број; список на лица вработени во општината со позиција, службен имејл и службен телефон; законите кои се однесуваат на надлежноста на општината, поврзани со регистарот на прописи објавени во службеното гласило; прописите што во рамките на својата надлежност ги донесува општината во вид на подзаконски акт: правилници (правилник за внатрешна организација, правилник за систематизација на работните места, правилник за заштитено внатрешно пријавување и друго), уредби, наредби, упатства, планови, програми, решенија и други видови акти за извршување на законите и други прописи, кога за тоа се овластени со закон; органограм за внатрешната организација; стратешки планови и стратегии за работа; годишни планови и програми за работа; годишен буџет и завршна сметка; годишни финансиски планови по квартали и програми за реализација на буџетот; ревизорски извештај; видови услуги што ги дава општината (информации за физичката достапност за остварување на услугите и информации за е-услугите, податоците за законските основи, називот на услугите, документите и податоците потребни за остварување на секоја од услугите, механизмите за правна заштита и други релевантни

податоци); тарифници за надоместоци за издавање на реални акти; начинот на поднесување на барање за пристап до информации (начин на поднесување усно и писмено барање за пристап до информации, како и барање поднесено по електронски пат); целокупната документација за јавните набавки, за концесиите и за договорите за јавно-приватно партнерство; предлог на програми, програми, ставови, мислења, студии и други слични документи кои се однесуваат на актите од надлежноста на општината, соопштенија до јавноста за работи преземени од нивната интернет-страница во согласност со законските надлежности, информативни билтени, службени гласила ако се обврска согласно со закон и друго; извештаи за работа кои ги поднесуваат до органите надлежни за спроведување контрола и надзор; статистички податоци за работата, како и други информации, акти и мерки со кои се влијае на животот и работата на граѓаните и кои произлегуваат од надлежноста и работата на општината и други информации кои произлегуваат од надлежноста и работата на општината. Секој имател на информации е должен да овозможи бесплатен пристап до претходно изнесените информации.

Имателите на информации, односно општината е должна редовно да ја води и да ја ажурира листата на информации со кои таа располага и да ги објавува на начин достапен за јавноста (интернет-страница, огласна табла и друго). Секој имател на информации за посредување определува едно или повеќе службени лица при остварувањето на правото на слободен пристап до информации; кое контактира и ги дава потребните информации и му помага на барателот на информации за што води посебна евиденција за примањето на барања за информации, чувањето и давање на информации.

15.2. МЕТОДИ И АЛАТКИ ЗА КОМУНИКАЦИЈА НА ОПШТИНАТА СО ЈАВНОСТА

Веб-портал на општината

Секоја општина е неопходно да има сопствен веб-портал, кој ќе биде лесно прегледен и ќе се ажурира редовно. Покрај основните податоци за правната рамка, статутот и други информации за општината, на веб-порталот може да се објавуваат сите одлуки на општинскиот совет, на градоначалникот, информации за сите значајни настани од општината, културни манифестации, проекти. Истовремено веб-порталот претставува и алатка за прегледен и економичен начин за доставување на информациите од јавен карактер, во согласност со Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер. Преку веб–страницата може да се обезбеди поставување на електронски алатки, преку кои граѓаните може да пријавуваат проблеми од комунална и друга природа во општината, да упатуваат предлози за надминување на одредени предизвици и, исто така, може да се развиваат форуми за дискусија по одредени прашања од надлежност на локалната власт.

Отворени седници на Советот на општината

Седниците на Советот на општината се јавни. Заинтересираните поединци и групи граѓани имаат право да ја следат работата на советот, по претходно утврдена процедура. За исклучување на присуството на јавноста на седницата се одлучува ако за тоа постојат оправдани причини утврдени со Статутот на општината, со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот. На расправата за буџетот на општината, годишната сметка на буџетот и за урбанистичките планови, присуството на јавноста не може да се исклучи. По претходна најава им се дава можност на заинтересираните граѓани да му се обратат на Советот. Граѓаните треба навремено да бидат информирани за одржувањето на седницата и на дневниот ред. Општината на веб-страницата објавува и информација од седницата, а донесените прописи:

статут, програми, планови, одлуки и други прописи утврдени со закон) се објавуваат во службениот весник на општината, најдоцна во рок од седум дена од денот на нивното донесување Работењето на Советот на општината, некои општини го обезбедуваат со „пренос во живо" на седниците на Советот, со поставување на линк на општинската веб-страница на каналот преку кој се пренесува седницата (Facebook, Youtube...).

Отворен – приемен ден

Непосредните контакти со граѓаните се најдобрата можност за директна комуникација на локалната власт со населението. Оваа алатка досега најмногу ја ползуваат градоначалниците, но постои можност таа да се користи и од страна на претставниците на Советот, особено за дискусија за важни прашања кои би требало да бидат поставени на седниците на Советот на општината. Јавноста треба да биде известена за деновите и за термините во кои може да се сретнат со своите избраници во локалната власт. На средбите со градоначалникот, препорачливо е да учествуваат и претставници на општинската администрација, на јавните претпријатија или на други јавни служби, основани од општината, во зависност од темата на разговорот. На тој начин, граѓаните ќе добијат прецизни и јасни одговори, без да бидат препраќани во други институции. Електронската двонасочна комуникација со градоначалникот и со претседателот на Советот, би била, исто така, одлична алатка за комуницирање со граѓаните, а што ја употребуваат поголем број општини.

Годишен извештај и граѓански буџет

Општините подготвуваат годишен извештај за работата на единицата на локалната самоуправа, што може да биде во вид на публикација или во електронско издание поставено на видно место на општинската веб-страница. Тука се прикажуваат активностите и проектите што ги реализирала општината во текот на една година, што претставува одреден отчет за остварување на утврдените годишни програми,како и за тоа каде се потрошени нивните пари како даночни обврзници. Општината треба да го подготвува и ,граѓанскиот буџет во кој концизно, јасно и сликовито ќе презентира каде планира да ги троши јавните средства во наредната година, со приходи и расходи по области и проекти, што ќе им бидат јасни на сите граѓани.

15.3. КОМУНИКАЦИЈА СО МЕДИУМИТЕ

Комуникацијата на избраните претставници во локалната власт со медиумите претставува многу важна но, и одговорна задача. Во таа насока, избраните претставници треба претходно добро да се подготват, особено бидејќи информацијата што ќе ја изнесат мора да биде точна и претходно проверена, а истовремено и навремено изнесена пред граѓаните. Претставниците на општината, во јавните настапи треба да бидат убедливи и да знаат да ги пратат вистинските пораки што ќе имаат ефект кај граѓаните. Тие ја претставуваат општината, но и себеси. Врз основа на претходни истражувања, анализа, дефинирање на целните групи и процени треба прецизно да се одредат: темата на разговор, невербалниот говор и изгледот. Во настапот треба да се биде јасен, прецизен, разбирлив, недвосмислен, да се користат аргументи засновани на факти, да не се користи жаргон, да не се употребуваат навредливи зборови, да не се гестикулира, облеката да биде соодветна за настапот.

Соопштение за јавноста

По пат на пишување соопштенија за јавноста што се дистрибуираат до медиумите, општината ја информира јавноста за сите случувања во неа. Подготовката на текстот на соопштението е од клучна важност за да се привлече редакцијата да ја дистрибуира информацијата пред граѓаните. Веста се пишува на почетокот, не на крајот од соопштението.

Прес-конференција

Прес-конференциите се најчесто практикуван облик на директна комуникација со новинарите. Таа треба да се закаже благовремено и да почне навреме. Обраќањата треба да бидат кратки и јасни, со прецизна порака. На прес-конференциите треба да се остави простор за поставување прашања од новинарите, доколку, во исклучи-

телни случаи, тоа не се дозволи, се најавува на самиот почеток. Пожелно е прес-конференциите да се одржуваат во соодветна просторија со пригодни симболи (државно и општинско знаме, грб на општината, лого на некоја манифестација). Сè почесто се практикува средбите со новинарите да се одржуваат на самото место каде што се реализира одреден проект или општината се соочува со одреден предизвик што е важен за граѓаните, односно на целната група на која ѝ се обраќа претставникот на општината. Најдобар термин за свикување на прес-конференцијата е периодот од 10 до 13 часот, бидејќи потоа новинарите заминуваат во редакциите да ги пишуваат вестите (особено кај пишаните медиуми). Треба да се внимава, да не се свикуваат новинарите во исто време кога се случува и друг важен настан. За соопштување на информација што не претставува посебна сензационалност за медиумите се избира денот недела, бидејќи тогаш редакциите најчесто имаат недостиг на нови информации.

Интервју за медиумите

Поканата за интервју во националните или во локалните медиуми (пишани или електронски) е пожелно да се прифати. Тоа претставува одлична можност градоначалникот или советникот да ги презентираат своите лични ставови и визии за одредени прашања, но пред сè да се промовира работата на локалната власт. Потребно е да се изнајде начин да се биде оригинален со специфичен, сопствен стил, кој може да се гради со помош и поддршка од лицето за односи со јавноста во општината. Постојат и специјализирани обуки, кои во голем процент помагаат за надминување на одредените слабости, совладувањето на непотребната трема пред настапот и учење техники за добар медиумски настап.

15.4. ГРАЃАНСКО УЧЕСТВО

Граѓанското учество претставува вклучување на граѓаните во процесот на донесување одлуки кои директно или индиректно влијаат на нивниот живот во заедницата. За оние што вообичаено ги донесуваат одлуките (градоначалник, советници) вклучувањето на граѓаните овозможува градење на широка поддршка за идеите и за решенијата што ги предлагаат. За граѓаните, пак, учеството подразбира можност да се влијае врз одлуките. Она што е најважно е дека учеството на граѓаните помага во подобрување на општинските услуги што тие ги добиваат. Поради тоа, комуникацијата помеѓу локалната власт и граѓаните мора постојано да се практикува преку институционални механизми, коишто со текот на времето може да се менуваат и подобруваат.

Покрај посредното учество на граѓаните во донесувањето одлуки преку избраните претставници, во Законот за локална самоуправа, во членовите 25, 29 и 30 се наведени основните облици на учество на граѓаните во одлучувањето (граѓанска иницијатива, собир на граѓани, референдум, претставки, предлози, јавни трибини и анкети). Истите одредби се дел и од статутите на единиците на локалната самоуправа во Република Северна Македонија, а во 68 општински статути е воведена и граѓанската алатка „форуми во заедницата“.

Граѓанска иницијатива

Граѓаните имаат право да му предложат на Советот на општината да донесе одреден акт или да реши одредено прашање од неговата надлежност. Граѓанска иницијатива не може да се поднесе за кадровски и за финансиски прашања. Советот е должен за предлогот да расправа ако го поддржат најмалку 10 % од избирачите на општината, односно на месната самоуправа на која се однесува определеното прашање. Советот е должен расправата да ја одржи најдоцна во рок од 90 дена по доставената иницијатива и да ги информира граѓаните за својата одлука.

Собир на граѓани

Собир на граѓани може да се свика за подрачјето на целата општина или за подрачјето на месната самоуправа. Собирот на граѓани го свикува градоначалникот на општината по сопствена иницијатива, на барање на Советот, или на барање од најмалку 10 % од избирачите на општината, односно на месната самоуправа на која се однесува определеното прашање. Органите на општината се должни во рок од 90 дена да ги разгледаат заклучоците донесени на собирот на граѓаните и да ги

земат предвид при одлучувањето и донесувањето мерки по прашањата на кои се однесуваат, како и да ги информираат граѓаните за своите одлуки.

Референдум

Граѓаните преку референдум можат да одлучуваат за прашањата од надлежност на општината, како и за други прашања од локално значење. Советот е должен да распише референдум на барање од најмалку 20 % од избирачите на општината. Советот може да распише референдум за прашања од негова надлежност, по сопствена иницијатива. Одлуката донесена на референдумот е задолжителна за Советот.

Претставки и предлози

Секој граѓанин има право, поединечно или заедно со другите, да доставува претставки и предлози за работата на органите на општината и на општинската администрација. Притоа, градоначалникот е должен: да создаде услови за доставување претставки и предлози; најдоцна во рок од 60 дена, од денот на приемот на претставката, односно предлогот, на подносителот да му достави образложен одговор и претставките и предлозите коишто не се однесуваат на работи од надлежност на органите на општината да ги достави до соодветниот надлежен орган и за тоа да го извести подносителот.

Јавни трибини, анкети и предлози

При подготвувањето на прописите на општината, Советот, односно градоначалникот, може претходно да организира јавни трибини, да спроведе анкети или да побара предлози од граѓаните.

Форуми во заедницата

Форумот на заедницата има за цел општините да развијат транспарентни форми на практика на одлучување со вклучување на граѓаните, а граѓаните да развијат чувство на одговорност за трошењето на општинските средства. Кај „буџетските форуми“ одлуката донесена од граѓаните треба да биде усвоена од Советот на општината, пред да може да се спроведе. Форумите се организираат заради јавно расправање или постигнување согласност на локалната јавност за предложените приоритети во документите за стратешки локален развој, за јавни дебати за проблемите и утврдување решенија и приоритети, како и за предлагање и избор на проекти или заради развивање проекти од интерес на заедницата. Форумот претставува низа од 6 средби на граѓани (сесии), на кои преку структурирани дискусии учесниците елаборираат проблеми и нудат решенија за нив, истовремено давајќи и препораки за локалните институции. Форумот се одржува во најмалку 5 (пет) сесии од кои на последната сесија се донесува одлука за форумските прашања. Шестата (последователна) сесија има за цел да ги информира граѓаните за реализираните решенија од форумот, по нивната реализација.

Форумот е осмислен заради јакнење на учесниците самите да донесуваат одлуки. Форумот ги собира на едно место групите од интерес кои инаку не би се сретнале и не би имале меѓусебна комуникација и на тој начин го менува воспоставениот систем на дебата во заедницата. Форумот предвидува двонасочна постојана комуникација во определен временски период за конкретни теми, важни за заедницата. Досега, 68 општини во Македонија извршија измена во своите статути и го додадоа „Форум во заедницата“, како алатка за вклучување на граѓаните во процесот на донесувањето одлуки.

16. ЕВРОПСКАТА УНИЈА И ОПШТИНИТЕ

Европската Унија (ЕУ) претставува семејство на европски држави, кои преку меѓусебна политичка и економска соработка се стремат кон обезбедување траен мир и просперитет. Идејата за создавање на ЕУ првпат е предложена од францускиот министер за надворешни работи Роберт Шуман на 9 мај 1950 година. Затоа, овој датум се смета и се прославува како Ден на Европа.

Европската Унија е отворена за секоја европска држава што ќе ги исполни нејзините услови за членство. На 17 декември 2005 година Европскиот совет, (во чијшто состав се шефовите на држави и влади на земјите членки), на Република Северна Македонија ѝ додели статус земја кандидат за членство во Европската Унија.

Интегрирањето на Република Северна Македонија во Европската Унија е процес со кој ќе се извршат реформи во економскиот и во политичкиот систем, со цел државата подготвено и одговорно да овозможи: непречено движење на пазарот на добра, услуги, капитал и луѓе, интензивна размена на идеи, нови знаења и технолошко-технички достигнувања. Заедничкиот пазар, со повеќе од 450 милиони потрошувачи, слободно движење на граѓаните низ земјите, подобрување на работата на јавниот сектор, како и максимална гаранција на правата на секој граѓанин на државата се составен дел од придобивките со членството во ЕУ.

Како земја кандидат, РСМ доби пристап до Програмата на Инструментот за претпристапна помош (ИПА) од 2007 година, се зголеми финансиската и институционалната помош од ЕУ, претставници на македонските институции добија право да присуствуваат или да учествуваат во работата на важни состаноци на телата на ЕУ, а се зголеми и фреквентноста и се продлабочи суштината на контактите меѓу институциите на РСМ и ЕУ.

Во периодот 2007 - 2013, средствата од ИПА 1 беа дистрибуирани во пет компоненти, од кои втората или компонента за прекугранична соработка беше директно достапна за аплицирање од страна на единиците на локална самоуправа. Тој тренд го задржи и ИПА2-програмата за периодот 2014 - 2020 година, која пак овозможи секторски пристап за финансирање проекти во осум области. На 15 септември, 2021г., Европскиот парламент ја усвои новата ИПА 3-програма за периодот 2021 - 2027.

16.1. ФОНДОВИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Европската Унија има развиено и располага со широк спектар финансиски инструменти за поддршка на развојот на одделни сегменти и области од нејзиното функционирање. ИПА (инструмент за претпристапна помош) е еден од нив. Финансиската поддршка на ЕУ е во форма на грантови кои покриваат различни видови области, а притоа треба да бидат исполнети специфични услови различни во зависност од видот на финансискиот инструмент. Затоа е важно внимателно да се консултираат правилата за секоја грант програма.

Сепак, некои основни принципи се применуваат во сите случаи на грантови, односно:

- тие се форма на комплементарно финансирање. ЕУ речиси и да не финансира проекти до 100 %, во целост, односно потребно е кофинансирање, т.е. финансиски удел од страна на корисникот на грантот;
- се овозможува одредена операција да се разложи, дури и финансиски, и не може истата да доведе до создавање профит за корисниците на грантот;
- конкретната акција со која се аплицира за грант не смее да биде едновремено корисник на друг грант од ЕУ или да е во постака за добивање грант за истата акција од друга финансиска програма на ЕУ. Целта е да се елеминира двојно финансирање на проекти;
- не може да се доделуваат ретроактивно за активности што се веќе завршени;
- само еден грант може да се додели за истата акција.

16.1.1. Инструмент за претпристапна помош - ИПА 3 (2021 - 2027)

Претпристапната помош ги поддржува кандидатите и потенцијалните земји кандидати за членство во ЕУ со усвојување и имплементирање на клучни политички, институционални, општествени и економски реформи согласно со европските вредности, и прогресивно да ги приближи до европските правила, стандарди и политики. Долгорочниот буџет на ЕУ (Повеќегодишна финансиска рамка – MFF) е најобемниот стимулативен пакет финансиран преку буџетот на ЕУ. Тековни корисници на ИПА-програмата се: РС Македонија, Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Србија и Турција.

Европската Унија за ИПА 3-програмата за период на имплементација 2021 - 2027 додели 14,162 милијарди евра поддршка на земјите канидати и потенцијални кандидати за членство во ЕУ, наменети за клучни политички, институционални, општествени и економски реформи. ИПА 3 има стратешки пристап, базиран на перфоманси, без распределба на однапред дефиниран финансиски пакет за одредена земја од самиот почеток, а ќе се фокусира на владеење на правото и почитување на основните вредности, зајакнување на демократски институции и реформи во јавната администрација, промовирање на економското управување и реформи кон конкуретност. Едновремено, програмата опфаќа одржливо економско закрепнување, снабдување со енергија, транспорт, животна средина и климатски промени и дигитална трансформација. ИПА 3 ќе ја поддржи имплементацијата на економскиот и инвестициски план за Западен Балкан, со цел да се зајакне долгорочното економско закрепнување на регионот, да се поддржи зелената и дигиталната транзиција и да се поттикне регионалната интеграција и конвергенција кон Европската Унија.

Целите на ИПА 3 се: 1. Промоција на споделени вредности. 2. Реформи за модернизација на општеството и економијата. 3. Закрепнување од постковид- 19 пандемијата. 4. Усогласување со правилата и стандардите на ЕУ 5. Долгорочна стабилност и просперитет за сите.

ИПА 3 воведува неколку новини, и тоа: 1. Стратешки пристап, односно: обновен фокус на клучните реформи на патот кон членство во ЕУ, зголемено потпирање на стратегиите водени од државите, што би резултирало со поголема сопственост над спроведените акции, програмирање базирано на клучни приоритети, наградени перфоманси и прогрес. 2. Повеќе инвестиции и искористеност на фондовите, односно: мобилизирање на стратешките инвестиции во поддршка на економијата соодветна на граѓаните, поддршка на транспорт и енергетска поврзаност, обезбедување на постковид-19 закрепнување, здружување во приватни инвестиции преку гаранција на надворешна акција од 53,4 милјарди евра со капацитет да гарантира инвестиции во светот, вклучувајќи и во земјите корисници на ИПА. Инструментот на ЕУ за закрепнување ќе ги поддржи ИПА земјите корисници и во справување со последици од кризата со ковид-19 со придонес кон обезбедување на гаранцијата за надворешна акција. 3. Поддржување на основи, односно: зајакнување на владеење на правото и почитување на основните права и вредности, зајакнување на демократски институции и реформа на јавна администрација, промоција на економско управување и реформи кон конкуретност. 4. Поголем импакт преку зголемена кохерентност, односно: кохертност и комплементарност меѓу ИПА и новиот Инструмент за соседство, развој и меѓународна соработка, од кој компонентите за тематската и брза реакција на овој нов инструмент на соработка ќе бидат од корист за земјите кандидати и потенцијалните кандидати; повеќе синергии со широк спектар на европските внатрешни програмски политики со цел да се максимизира влијанието врз клучните приоритетни сектори како што се безбедност, миграција, истражување и иновации, животна средина и климатски промени, транспорт и енергетска поврзаност.

Имплементацијата на ИПА 3 следи двостепен процес:

1. Се разработува главен стратешки документ за планирање на финансиската помош, се одредуваат приоритетните области, очекуваните резултати и индикативната распоредeлба на средствата

по тематски области. При овој процес, се земаат во вид консултациите со партнерите во регионот, земјите членки на ЕУ, Европскиот парламент, граѓанското општество, меѓународните финансиски институции, меѓународните организации и други засегнати страни.

2. Паралелно, корисниците на ИПА 3 веќе се во процес на предлози за конкретни интервенции. Програмската рамка и финасиските одлуки за годишните акциски планови се очекува да бидат усвоени во декември, 2021 г. Според тоа, спроведувањето на акциите од ИПА 3 се очекува да започне на почетокот на 2022 година.

ИПА 3 е организирана во „5 прозорци", а секој од нив е составен од пакет тематски приоритети. Тоа се:

1. Прозорец 1: Владеење на правото, фундаментални права и демократија (судство, борба против корупција, борба против организиран криминал, миграција и гранично управување, фундаментални права, демократија и цивилно општество).
2. Прозорец 2: Добро владеење, усогласување на правото, добрососедски односи и стратешка комуникација (добро владеење, административен капацитет, усогласување на правото - acquis, добрососедски односи и помирување, стратешка комуникација, мониторинг, евалуација и ревизија).
3. Прозорец 3: Зелена агенда и одржлива поврзаност (животна средина и климатски промени, транспорт, дигитална економија и енергија).
4. Прозорец 4: Конкурентност и инклузивен раст (образование, вработување, политики за социјална заштита и здравство, развој на приватниот сектор, трговија, истражување и иновации, земјоделство и рурален развој, рибарство).
5. Прозорец 5: Територијална и прекугранична соработка. Модалитетите за имплементација на оваа компонента вклучуваат прекугранична соработка со земјите од ИПА и учество во стратегии за микрорегиони.

За секоја специфична област е одговорна една оперативна структура во државата, односно министерство. Директно искористени и отворени за општините како носители на проекти (апликанти) се прекуграничната („Прозорец 5") и ИПАРД-програмата („Прозорец 4"). Оперативна структура за прекугранична соработка е Министерството за локална самоуправа (МЛС), а на ИПАРД е Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ). Општините, како корисници на ИПА-грантовите, може да се јават и во други области по објавен повик на веќе дефиниран проект од соодветната оперативна структура - министерство.

16.1.2. Прекугранична соработка

Основна цел на прекуграничната соработка е да ја негува стабилноста, безбедноста и просперитетот што е заеднички интерес на засегнатите земји и да го охрабри прекуграничниот усогласен, урамнотежен и одржлив развој. Во рамките на ИПА 3, РСМ има воспоставено прекуграничната соработка со земјите - членки на ЕУ – Република Бугарија и Република Грција, како и со Република Албанија, Република Србија и Косово. Главната програмска цел е да се интензивира прекуграничната соработка помеѓу луѓето и институциите од регионот со цел да се решат заедничките предизвици и да се искористат потенцијалите за развој на пограничниот регион преку ефективно користење на ресурсите.

Програмата се фокусира на следниве три приоритети: животна средина, одржлив туризам и конкурентност.

Приоритетна оска 1. Животна средина

Специфична цел 1.1. Заштита на животната средина и одржливо користење на заедничките природни ресурси во областа на ПС.

Специфична цел 1.2. Превенција и ублажување на последиците од природни и човечки катастрофи од прекугранична димензија и влијание.

Приоритетна оска 2. Туризам

Специфична цел 2.1. Зајакнување на туристичкиот потенцијал на регионот преку иницијативи за

соработка за подобро зачувување и одржливо користење на природното и културното наследство.

Специфична цел 2.2. Подигнување на конкурентноста на туристичката понуда на ПС-регионот.

Специфична цел 2.3. Промовирање на соработка меѓу регионалните актери во областа на одржливиот туризам.

Приоритетна оска 3. Конкурентност

Специфична цел 3.1. Подобрување на конкурентноста на регионалните форми на бизнис.

Програмите и процесот на аплицирање на проекти ги водат заедничките мониторинг комитети (ЗМК), тела, формирани за секоја прекугранична соработка поединечно. Аплицирањето на проекти се врши по објавен повик на интернет-страницата на МЛС, а по одлука на ЗМК. Општините при аплицирањето на проекти треба да водат сметка за следново:

- Општината апликант мора да биде регистрирана на ПАДОР-системот, со што добива ПАДОР-идентификациски број.
- Предложените акции за финансирање да се во согласност со програмските мерки што ги поддржува ЕУ, што подразбира дека треба добро да се прочитаат, разберат и почитуваат правилата објавени во повикот за аплицирање и во Практичниот водич (ПРАГ).
- Предложените акции за финансирање да се во согласност и/или да исполнуваат активности предвидени во општинските програми и планови.
- Да обезбедат соодветен партнер од „другата страна на границата" за реализација на проектот.
- Градоначалникот на општината да обезбеди поддршка (одлука) од Советот на општината за реализација на проектот.
- Предлог-акциите за финансирање се аплицираат преку електронски систем на ЕУ (PROSPECT).

Република Северна Македонија и Република Бугарија

Заедничкиот технички секретаријат е лоциран во Ќустендил, а подрачната канцеларија е во Струмица. Во пограничниот регион учествуваат Југоисточниот, Североисточниот и Источниот Регион на македонска страна и округот на Благоевград и Ќустендил на бугарска страна. (http://ipacbc-mk-bg.net)

Република Северна Македонија и Република Грција

Заедничкиот технички секретаријат е лоциран во Солун, а подрачна канцеларија има во Битола. Во пограничниот регион се вклучени Пелагониски-от, Вардарскиот, Југоисточниот и Југозападниот Регион од македонска страна и регионите на Лерин, Пела, Серес и Солун на грчка страна. (http://ipacbc-mk-gr.net/)

Република Северна Македонија и Република Албанија

Заедничкиот технички секретаријат е лоциран во Струга, а подрачната канцеларија е во Елбасан. Во пограничниот регион се вклучени Пелагониски-от, Југозападниот и Полошкиот Регион на македонска страна и регионите на Дибер, Корча и Елбасан на албанска страна. (http://ipacbc-mk-al.net/)

Република Северна Македонија и Република Србија

Заедничкиот технички секретаријат е лоциран во Лесковац, а подрачната канцеларија е во Куманово. Во пограничниот регион се вклучени општините од Североисточниот Регион, а од Скопскиот: Арачиново, Чучер Сандево, Илинден, Петровец, Сопиште, Студеничани, Зелениково, Бутел, Ѓорче Петров и Сарај на македонска страна и областите Јабланица и Пчиња на српска страна. (https://eu.rs-mk.org)

Република Северна Македонија и Република Косово

Заедничкиот технички секретаријат е лоциран во Куманово, а подрачната канцеларија е во Гњилане. Во пограничниот регион се вклучени Скопскиот,

Североисточниот и Полошкиот Регион на македонска страна и Источниот, Јужниот и Централниот економски Регион на косовска страна. (http://ipacbc-mk-ks.net/)

16.1.3. Рурален развој (ИПАРД)

ИПАРД е наменет за финансиска помош на одржливото земјоделство и рурален развој, со фокус на имплементација на законодавството на Европската Унија во однос на заедничката земјоделска политика и политиките за конкурентно одржливо земјоделство, силни и одржливи рурални заедници и разновидна и одржлива рурална животната средина.

ИПАРД-програмата е збир на мерки за спроведување на политиката за рурален развој која се стреми кон зголемување на конкурентноста и модернизација на земјоделското производство, постигнување на квалитетна и безбедна храна, усогласување со стандардите на Европската Унија за квалитет, здравјето на животните и животната средина, одржливо управување со природните ресурси и подобрување на условите за живот во руралните средини и руралната економија.

Програмската рамка на ИПАРД 2021 - 2027 предлага 11 мерки:

1. Инвестиции во материјални средства на земјоделски стопанства
2. Поддршка за воспоставување групи на производители
3. Инвестиции во материјални средства за преработка и пласман на земјоделски и рибни производи
4. Агро-еколошка клима и органско земјоделство
5. Имлементација на локални Стратегии за развој – ЛИДЕР пристап
6. Инвестиции во рурална јавна инфраструктура
7. Диверзификација на фармите и развој на бизниси
8. Подобрување преку обука
9. Техничка помош
10. Советодавни услуги
11. Вопоставување и заштита на шумите.

Оперативната структура за ИПАРД II се состои од:

- Телото за управување воспоставено во Секторот за управување со средствата од ЕУ-ИПАРД во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство кое е одговорно за ефективна имплементација на ИПАРД-програмата, односно за нејзина подготовка и спроведување, вклучувајќи и избор на мерки и нивен публицитет, координација, евалуација, следење и известување за програмата.
- Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (ИПАРД-агенција) која е одговорна за публицитет, избор на акции, како и авторизирање, контрола и сметководство на обврски и плаќања и извршување на плаќања.

Раководител на телото за управување со ИПАРД е орган во системот за индиректно управување со ИПА кој го назначува Владата, при што ги користи капацитетите на Секторот за управување со средствата од ЕУ-ИПАРД во рамките на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Директорот на ИПАРД-агенцијата е орган во системот за индиректно управување со ИПА, именуван согласно со Законот за основање на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (http://www.ipardpa.gov.mk).

16.1.4. БалканМед 2014 - 2020 (BalkanMed)

Балкан - Медитеран 2014 - 2020 година е нова програма за транснационална соработка. Во програмата учествуваат пет земји; три членки на ЕУ (Бугарија, Кипар и Грција) и две земји кандидати (Македонија и Албанија). Со оваа програма за првпат европската соработка се однесува на Балканскиот Полуостров и областа на источно

Средоземното Море со цел да се придонесе за имплементирање на Стратегијата Европа 2020 за паметен, одржлив и инклузивен раст.

Програмата БалканМед е идентификувана како структурирана алатка за зајакнување на соработката во областа на капитализирање на искуствата и резултатите постигнати досега. Соодветно на тоа, програмата го поддржува знаењето и споделување на искуства, подобрување на јавните политики и вмрежување на националните, регионалните и локалните власти и други територијални актери на целата област на балканско-медитеранската соработка.

Програмата цели на промоција на интегриран територијален развој и соработка за повеќе конкурентна и одржлива балканско-медитеранска област.

Основната цел на програмата се потпира на два приоритета:

1. Приоритетна оска 1: претприемништво и иновации, и
2. Приоритетна оска 2: животна средина.

Балканско-медитеранската програма е кофинансирана од Европскиот фонд за регионален развој (ЕРДФ) со 28.330.108,00 евра. Вкупната поддршка од Инструментот за претпристапна помош (ИПА2) изнесува 5.126.138,00 евра. Тоа значи дека вкупниот буџет на програмата, вклучувајќи ги и националните придонеси, е 39.727.654,00 евра за седумгодишниот период. Стапката на кофинансирање од 85 % се применува. Официјален јазик на програмата е англиски.

Во тек е процесот на програмирање на БалканМед за периодот 2021-2027. (http://www.interreg-balkanmed.eu/)

16.2. АКЦИСКИ ПРОГРАМИ НА ЕУ

Акциските програми на ЕУ се наменети за властите, невладините организации, компаниите и за поединци. Целта на оваа помош е да помогне за подобро спроведување на планираните проекти со европска димензија.

Областите се многубројни и, меѓу другите, припаѓаат на културата, младите или неформалното учење. Дали една земја што не е членка на ЕУ може да учествува во акциските програми на ЕУ зависи од тоа дали соодветната држава има потпишано рамковен договор со ЕУ.

Грантовите не се доделуваат од случај до случај. Тие се предмет на годишно програмирање. Пред 31 март секоја година, секторите на Европската комисија кои управуваат со грант програмите ги објавуваат своите годишни програми за работа на нивната интернет-страница. Годишните програми ги фиксираат контурите на грантовите, предвидени за тековната година (на пример, област на делување, цели, временски распоред, буџет, услови за доделување грант и сл.). Потоа, одделните директорати на Комисијата објавуваат повици за проекти на нивните интернет-страници. Овие повици за предлози можат да бидат објавени и во службениот весник на Европската Унија - Серија С. Службениот весник е достапен на интернет: http://eurlex.europa.eu

16.2.1. „Европа за граѓаните“ - акциска програма

Приоритетните активности на програмата „Европа за граѓаните“ се утврдуваат од година во година, но најчесто се однесуваат на поттикнување на граѓаните за активно вклучување во процесот на европска интеграција, овозможувајќи им да го развијат чувството на европски идентитет, подобрување на заемното разбирање помеѓу европските граѓани и сл. За оваа програма можат да аплицираат следниве субјекти: локални власти и организации, истражувачки организации, граѓански групи, невладини организации, синдикати, образовни институции, организации активни во областа на волонтерската работа, аматерски спортови и др.

РСМ е земја учесник во оваа програма од 19 март 2009 година.

Програмата „Европа за граѓаните“ има четири потпрограми:

1. Акција 1 - „Активни граѓани за Европа“ („твининг“ меѓу градови, граѓански проекти и мерки за поддршка);
2. Акција 2 - „Активно граѓанско општество во Европа“ (структурна поддршка за истражувања, структурна поддршка за граѓанските организации, поддршка на проекти, иницирани од граѓански организации);
3. Акција 3 - „Заедно за Европа“ (настани со висока видливост, алатки за студии, истражувања и мислење, информациски и дисеминациски алатки);
4. Акција 4 - „Активни европски сеќавања“.

16.2.2. Европска програма за конкурентност на мали и средни претпријатија КОСМЕ (Program for the Competitiveness of enterprises and small and medium enterprises COSME)

Програмата КОСМЕ претставува продолжение на Рамковната програма за конкурентност и иновации, 2007 - 2013 - ЦИП, која во РС М се спроведуваше во координација на Министерството за економија.

Времетраењето на Европската програма за конкурентност на мали и средни претпријатија - КОСМЕ е предвидено за периодот од 2014 до 2020 година. Вкупниот буџет за сите години и за сите држави што учествуваат во програмата КОСМЕ изнесува 2,3 милијарди евра.

Целта на оваа програма е да ја поттикне конкурентноста на компаниите преку обезбедување подобар пристап до финансии, бизнис-услуги за поддршка и промовирање на претприемништво за мали и средни претпријатија, постоечки и потенцијални претприемачи и бизнис-организации за поддршка за развојот на различни форми на бизнис.

Основните цели се:

- зајакнување на конкурентноста и одржливоста на претпријатијата, особено на мали и средни претпријатија, и
- поттикнување на претприемачка култура и промовирање на создавање и развој на мали и средни претпријатија.

Учесници во програмата КОСМЕ се земјите членки на ЕУ, земјите од Југоисточен Балкан и медитеранските земји од Европа, Африка и Азија, при што повиците кои се објавуваат немаат географски ограничувања и средствата се распределуваат на конкурентна основа.

16.2.3. Креативна Европа

„Креативна Европа“ (Култура и Медиа) е програма на Унијата за културните и креативните сектори за период 2014 - 2020 година и нуди можности за финансирање на проекти од областа на културата и кретивната индустрија.

Република Северна Македонија со потпишување на договорот помеѓу Европската Унија и РСМ, на 22 јули 2014 година во Брисел, го официјализираше учеството во оваа програма на Европската Унија, одобрена од Советот на ЕУ на 11 декември, 2013 година. Со тоа на РСМ ѝ се достапни средства од целокупниот фонд на оваа 7-годишна програма во вредност од 1,46 милијарди евра, распоредени на двете потпрограми и тоа:

1. Програма „Креативна Европа-Култура“ за проекти од областа на културата, во вредност од 438,8 милиони евра;
2. Програма „Креативна Европа-Медиа“ за проекти од областа на медиумите, во вредност од 804,5 милиони евра.

Има и компонента за *Меѓусекторските програми*, која е во вредност од 121 милион евра, со грантен фонд за мали бизниси од областа на културата и креативната индустрија. Од овој фонд, отворен од 2016 година, се доделуваат финансиски средства за пилот-проекти, со цел премостување на различни културни и креативни сектори. Опфатени

се следниве активности: воспоставување грантен фонд за културниот и креативен сектор; промоција на политиките за меѓудржавна соработка; поддршка на мрежата на Креативни европски дескови (кои се формираат во надлежните институции во земјите учеснички во програмата).

Програмата „Креативна Европа-Култура“ овозможува соработка меѓу организации од областа на културните и креативните сектори меѓу државите, проекти за литературни преводи, европски мрежи и платформи. Субјекти кои може да учествуваат во оваа програма се истражувачки центри, национални, локални и регионални власти, приватни организации, федерации, администрации, држави, мали и средни претпријатија, универзитети, здруженија.

Програмата „Креативна Европа-Медиа“ им овозможува на аудиовизуелниот и мултимедијалниот сектор да аплицираат за: промовирање на дистрибуцијата на производите и пристап до пазарите**,** иницијативи за развој на проекти или сет проекти**,** поддршка на продукцијата на телевизиски програми и видеоигри**,** активности за зголемување на интересот за и во подобрување на пристапот до аудиовизуелните работи**,** активности што промовираат интереси во индустријата на филмот, анимации и документарни филмови за кинопретстави, кинематографијата и филмски фестивали. Субјектите кои може да учествуваат во оваа програма се локални и регионални власти, компании/корпорации, федерации, синдикати, агенции, комори, мали и средни претпријатија, здруженија.

Во РСМ надлежна институција е Министерството за култура, (www.kultura.gov.mk), додека во Брисел е Извршната агенција за образование, аудивизуелна дејност и култура (EACEA) http://ec.europa.eu/programmes/creative-europe/. На оваа веб-страница може да се најдат информации за начинот на аплицирање, и за што оваа програма подетално нуди можности за аплицирање.

16.2.4. Ерасмус +

Ерасмус + е програма на Европската Унија од која може да се финансираат проекти од областа на образованието, обуките, младите и спортот, во период од седум години, односно 2014 – 2020 година, а во насока на справувањето со социоекономските промени. Ерасмус + треба да придонесе и во процесот на имплементацијата на Европската стратегија 2020 година за раст, нови работни места, социјална еднаквост и инклузија. (http://ec.europa.eu/programmes/erasmus-plus).

Корисници на проекти од Ерасмус + можат да бидат: ученици, студенти, наставници, професори, обучувачи и друг образовен персонал, како и претпријатија и други правни лица, вклучувајќи ги и трговските друштва, стопанските комори и други здруженија на правни лица од областа на индустријата, истражувачки центри и тела, како и здруженија на граѓани и фондации.

Пред почеток на процесот на аплицирање, најважно е апликантот да се регистрира и тоа на следниов начин:

1. Регистрирање на порталот: European Commission Authentication Service (ECAS)- https://webgate.ec.europa.eu/cas/eim/external/register.cgi, доколку првпат се пријавува на ECAS-сервисот. Повеќе информации може да се добијат од водичот за регистрација на следниов линк: How to Register on ECAS - https://www.erasmusplus.org.uk/news/video-resource/ecas-registration

2. Логирање на порталот: Participant Portal -https://ec.europa.eu/education/participants/portal/desktop/en/home.html со цел добивање на единствен кориснички идентификациски код - Participant Identification Code (PIC).

Во Република Северна Македонија, одговорен субјект за спроведување на програмата е Националната агенција за европски образовни програми и мобилност: http://www.na.org.mk. Националната агенција за европски образовни програми и мобилност е јавна институција формирана со Закон донесен од страна на Собранието на РСМ.

16.2.5. Хоризон 2020 година

Владата и Европската Унија на 1 јули 2014 година во Брисел потпишаа Договор за учество на РСМ во програмата на Унијата „Хоризон 2020 година" – Рамковна програма за истражување и иновации (2014 - 2020).

Новата програма на Европската Унија за истражувања и иновации за 2014 - 2020 година ги комбинира трите различни инструменти коишто беа на располагање во периодот 2007 - 2013 година: седмата рамковна програма (ФП7), Рамковната програма за конкурентност и иновации (ЦИП) и на Европскиот институт за иновации и технологија (ЕИТ).

Програмата претставува финансиски инструмент на ЕУ со кој се поддржува истражувањето и иновациите, со крајна цел за економски раст, креирање на нови работни места и конкурентност. Располага со буџет од над 70 милијарди евра за периодот 2014 - 2020 година. Програмата има за цел целосно да ја покрие низата на создавање вредност, од отпочнување со истражување до технолошки развој, демонстрација, валоризација на резултатите и иновации.

Програмата поддржува финансирање на проекти за истражување и иновации, мобилност на истражувачи, зајакнување на меѓународни мрежи, стекнување на нови знаења и експертиза како и кофинансирање на одредени активности во јавниот сектор. Се очекува особено да придонесе кон зајакнување на соработката помеѓу академските институции и индустријата, во насока на постигнување кон конкретни резултати.

Програмата е конципирана е врз три столба – **извонредност во науката, лидерство во индустријата и општествени предизвици**, кои содржат бројни области за воспоставување и развој на интернационална соработка преку соодветни проекти, конференции, тренинг-работилници, семинари, форуми, студиски посети и слично. На пример, под третиот приоритет, општествени предизвици, можат да бидат земени предвид проекти од областа на енергетската ефикасност, климатските промени, управувањето со отпад и сл. Повеќе информации на следниот линк: http://ec.europa.eu/programmes/horizon2020/

16.3. СТРУКТУРНИ ФОНДОВИ

Завршувањето на фазата на преговори и стекнувањето на статус членка на ЕУ значи и отворање нови фондови или т.н. структурни фондови на ЕУ. Колку и да изгледа далеку или блиску стекнувањето на овој статус на РС М, треба да ги знаеме и да бидеме подготвени за механизмот на функционирање на овие фондови.

Структурните фондови и Кохезискиот фонд се наменети за имплементација на кохезиската политика на ЕУ, која во тој жаргон се нарекува и политика на солидарност. Целта е да се обезбедат средства за помалку развиените региони, односно земји членки, со цел да се намали социјално-економската разлика внатре во ЕУ. Во актуелната финансиска рамка 2007 - 2013 година се алоцирани околу 308 милијарди евра, односно 35,7 % од буџетот на ЕУ е наменет за кохезиските политики. Според информациите, планирано е во наредниот буџетски период 2014 - 2020 година да се зголемат средствата за спроведување на кохезиската политика на 376 милијарди евра.

Структурните фондови им се достапни на оние членки на Унијата чиј бруто домашен производ пер капита изнесува под 90 % од просекот на ЕУ и се составени од Европскиот социјален фонд и Европскиот фонд за регионален развој и кохезиски развој.

Во рамките на овие фондови постојат 4 програми:

- Европски фондови за регионален развој (ЕРДФ) за промоција на социјалната и на економска кохезија во рамките на Унијата преку редукција на разликите меѓу регионите и социјалните групи. Тоа се постигнува преку: вложување во проекти кои ја поттикнуваат конкурентноста и производството, вложување во мали и средни претпријатија, финансирање на инфраструктурни проекти, важни за развој на стопанството и одредени подрачја, проекти кои се однесуваат на истражување, технолошки развој и иновации, информатичко општество и заштита на средината.

- Европски социјален фонд (ЕЦФ) е главен инструмент на Унијата за спроведување на политиката на вработувањето. Целта на овој фонд е да се поттикне вработувањето, да се намали социјалната исклученост и дискриминација и вложување во човечки капитал. Тука се финансираат проекти за подобрување на пристапот до пазарот на трудот на ранливите групи граѓани, за борба против секој вид обесправеност и нерамноправност, за унапредување на вештините на работната сила преку програми за доживотно учење и сл.
- Европски водич за земјоделство и гарантен фонд (ЕАГГФ) којшто се однесува на структурните реформи во земјоделскиот сектор и развој на руралните области.
- Финансиски инструмент за рибарство (ФИФГ) којшто претставува посебен фонд за структурни реформи во секторот на риболовот.

16.4. ИНСТИТУЦИИ И ОРГАНИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Во процесот на донесување одлуки во Европската Унија, главно, се вклучени 3 институции:

- **Европски парламент** – кој ги претставува граѓаните на ЕУ и е директно избран од нив.
- **Совет на Европската Унија** - ги претставува индивидуалните земји што се членки на министерско ниво.
- **Европска комисија** – ги претставува интересите на Унијата во целина.

Овој институционален триаголник ја создава политиката и законите што се применуваат во ЕУ. Европската комисија, во принцип, е предлагач на новите закони, додека Парламентот и Советот ги усвојуваат. Комисијата и земјите што се членки ги спроведуваат усвоените закони.

Во овој процес уште две институции играат важна улога: Судот на правдата (овој суд обезбедува еднаков начин на толкување и применување на законодавството на ЕУ во секоја земја што е членка), како и Судот на ревизори, кој го проверува финансирањето на активностите на Европската Унија.

ЕУ има други тела со специјализирани улоги:

- **Комитетот на региони – ги претставува регионалните и локалните власти.**
- Европскиот економски и социјален комитет – го претставува граѓанското општество, работодавците и вработените.
- Европската инвестициска банка – ги финансира инвестициските проекти на ЕУ, ги помага малите форми на бизнис преку Европскиот инвестициски фонд.
- Европската централна банка – одговорна за европската монетарна политика.
- Европскиот омбудсман – ги испитува жалбите поврзани со несоодветно менаџирање од институциите и телата на ЕУ.
- Европскиот надзор за заштита на податоци – ги штити личните податоци на граѓаните итн.

Посебно ќе го нагласиме Комитетот на региони како тело на Европската Унија задолжено за иницирање и спроведување на европските локални и регионални политики. Република Северна Македонија воспостави партнерски однос со Европската Унија од 2008 година во делот на соработката за локалните и регионални политики, на начин што е формиран Заеднички консултативен комитет (ЗКК), претставуван преку Комитетот на региони. Делегацијата, номинирана преку ЗЕЛС, се состои од 11 делегати и 11 заменици. Досега се одржани 18 сесии на ЗКК, по две на годишно ниво, од кои, со заемен договор, на едната е домаќин РС М, а втората се одржува во Брисел. Шест години по ред, средбата во Брисел се одржува во рамките на „Денот на проширување", кога сите држави кои имаат ЗКК со европскиот Комитет на региони во исто време одржуваат посебни состаноци и заедничка пленарна сесија.

17. ЧЛЕНСТВОТО НА ЗЕЛС ВО МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИ

17.1. СОВЕТ НА ЕВРОПА

Советот на Европа е најстарата меѓународна организација која преку своите активности се залага за европска интеграција. Основан е во 1949 година, а денес Советот на Европа брои 47 земји членки, со над 800 милиони жители. Во активностите на Советот на Европа, посебен акцент се става на заштитата на човековите права, развојот на демократијата, владеењето на правото и на културната соработка. Советот на Европа ги развива демократските принципи базирани на Европската конвенција за човекови права и други релевантни документи за заштита на правата на човекот.

Цели на Советот на Европа се:

- Заштита на човековите права, плурална демократија и владеење на правото.
- Поттикнување на развојот на европскиот културен идентитет и разноликост.
- Изнаоѓање заеднички решенија за предизвиците со кои се соочува европското општество, како на пример: дискриминација на малцинствата, нетолеранција, ксенофобија, насилство врз децата.
- Консолидирање на демократската стабилност во Европа, поттикнувајќи политички, законски и уставни реформи.

Основни тела на Советот на Европа се:

1. Комитет на министри, одлучувачко тело на организацијата, составено од 47 министри или нивни заменици (амбасадори или постојани претставници, со седиште во Стразбур).
2. Парламентарно собрание – движечка сила за европска соработка, со 636 членови (318 претставници и 318 заменици од 47 национални собранија).
3. Конгрес на локални и регионални власти, гласот на европските региони и општини, составен од:
   - Комора на локални власти и
   - Комора на региони.

ЗЕЛС е застапен во Конгресот на локални и регионални власти со 3 претставници и 3 заменици.

4. Генерален секретар, избран од Парламентарното собрание.

Седиштето на Советот на Европа се наоѓа во Стразбур, Франција. Официјални јазици се англискиот и францускиот.

17.2. СОВЕТ НА ЛОКАЛНИ И РЕГИОНАЛНИ ВЛАСТИ (ЦЕМР)

Советот на европските општини е основан во 1951 година во Женева од група европски градоначалници, за подоцна да ги прошири своите нивоа и на регионите, како Совет на локални и регионални власти (ЦЕМР).

Денес, Советот е најголема организација на локални и регионални власти од Европа, со членови од над 50 национални асоцијации и со општини и региони од 41 земја. Заедно, овие власти претставуваат околу 100 000 локални и регионални власти.

Политичката структура на Советот ја предводи претседател на Советот на локални и регионални власти. ЦЕМР во најголем дел се финансира од членарина од националните асоцијации, како и од фондовите на Европската комисија.

17.2.1. Активности на Советот на локални и регионални власти

ЦЕМР промовира обединета Европа, базирана на локална и регионална самоуправа и демократија. За да ја постигне својата цел, активностите на ЦЕМР се насочени кон зголемување на локалното и регионалното учество, влијае врз донесувањето на европските закони и политики, овозможува размена на искуства на локално и на регионално ниво, како и соработка помеѓу партнерите од други делови на светот.

ЦЕМР дејствува во повеќе области, како на пример, во регионалната политика, транспорт, еднакви можности, животна средина итн. Комисиите во рамките на ЦЕМР, како и работните групи, се обидуваат да влијаат на предлог-законската регулатива на ЕУ, со цел да се имаат предвид интересите на локалните и на регионалните власти во најраните фази од процесот на усвојување на европската легислатива. ЦЕМР е особено горд на мрежата за збратимување на градови.

17.2.2. Европска повелба за еднаквост на мажите и жените

Советот на локални и регионални власти во мај 2006 година ја воведе Европската повелба за еднаквост на жените и мажите на локално ниво. Повелбата се однесува на локалните и на регионалните власти во Европа, кои се повикани да ја потпишат, како и да се обврзат да ги почитуваат принципите за еднаквост помеѓу мажите и жените, да ги имплементираат принципите во рамките на својот делокруг.

Декларацијата за еднакви права на мажите и жените е усвоена од страна на Управниот одбор на ЗЕЛС. Дел од единиците на локалната самоуправа на РСМ, по препорака на Управниот одбор на ЗЕЛС, ја усвоија Декларацијата за еднакви права на мажите и жените.

17.2.3. ЦЕМР и збратимувањето

Збратимувањето на градови, според ЦЕМР, е многу важен, основен начин на доближување на Европа до граѓаните кои се надвор од европските граници. Збратимувањето води до обединета Европа, поблиску до граѓаните.

ЗЕЛС, како членка на ЦЕМР од 2004 година, активно учествува во проектите на Советот на локални и на регионални власти, вклучувајќи ја и страната за збратимување, која е преведена на македонски јазик.

17.3. Мрежа на асоцијации на локални власти од Југоисточна Европа (НАЛАС)

Мрежата на асоцијации на локални власти од Југоисточна Европа (НАЛАС) е формирана под покровителство на Конгресот на регионални и локални власти на Советот на Европа, во рамките на Пактот за стабилност. Во 2004 година членките на НАЛАС го усвоија Статутот во Стразбур, а во 2007 година, седиштето на НАЛАС се смести во Скопје.

Во НАЛАС членуваат 16 асоцијации од регионот кои ги претставуваат 6 000 единици на локални власти од Македонија, Албанија, Црна Гора, Србија, Косово, Република Српска и Федерацијата на Босна и Херцеговина, Словенија, Бугарија, Романија, Молдавија, Турција и Хрватска, или вкупно околу 80 милиони граѓани. Целта на мрежата е да се зајакнат асоцијациите на локални власти за да станат рамноправни партнери на централната власт во градењето и промовирањето на децентрализацијата во Југоисточна Европа. НАЛАС гради платформа која овозможува акумулирање и ефективно распространување на добри форми на практика и искуства преку Центарот на знаење на оваа мрежа, кој е достапен на јазиците од регионот www.nalas.eu.

Во 2008 година, во рамките на НАЛАС се формирани неколку работни единици со кои раководи по една асоцијација - нејзина членка. ЗЕЛС е задолжен за активностите во НАЛАС во областа „Развој на асоцијациите". Работната задача на оваа единица е да ги воспостави системите за најдобро работење преку обуки за општинските службеници и избрани лица, размени на најдобри форми на практика, воспоставување на соработка на разни структури на вработени во асоцијациите, воведување на системот на стандарди во асоцијациите, размена на искуства во однос на искористувањето на ИПА - фондовите, како и обука и тренинг за тие фондови. Првата работилница, во рамките на оваа работна група, наречена *Стандарди во работата*, е организирана во ЗЕЛС.

17.4. Заеднички консултативен комитет

Од 2008 година постои Заедничкиот консултативен комитет помеѓу Македонија и Комитетот на региони, советодавно тело на Европската Унија. Во ова тело членуваат 11 претставници на локалната власт од Република Северна Македонија и исто толку членови од земјите членки на Европската Унија. Единаесетте членови имаат исто толкав број на заменици.

Во нашата земја, изборот на членови и заменици ги врши ЗЕЛС, кој исто така ги менаџира и состаноците. Членовите избираат копретседател од македонската страна во своите редови. Во годината се одржуваат најмалку два состанока и тоа едниот во Брисел, или во друг град од Европска Унија и еден во нашата земја.

На своите состаноци членовите на ЗКК разговараат за проблемите на локалните власти, за добрите примери на практика, но многу често и за ситуацијата која е актуелна околу зачленувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија. Темите кои се отворале досега на овие состаноци, се поврзани и со рамномерниот регионален развој, рурален развој, користење на електронски услуги – испорачани од ЗЕЛС, извештаите на ЕУ кон Република Северна Македонија и коментари кон нив, заштита на животната средина, како и многу други теми, интересни за партнерите во ова тело.

Ова тело ќе продолжи со работа сè до моментот кога ќе станеме полноправна членка на Европската Унија.

17.5. АЛДА

АЛДА е асоцијација на организации за локална демократија, во која ЗЕЛС членува од 2008 година. Нејзината главна активност, како невладина организација, е насочена кон развој на доброто владение и граѓанско учество на локално ниво.

Во оваа организација членуваат повеќе од 150 општини, асоцијации на локални власти и невладини организации од 30 земји.

АЛДА спроведува проекти, главно финансирани од фондовите на Европската Унија или поединечно, од земјите членки на ЕУ.